# ЗЕЛЕН ЕВРОПСКИ ЖУРНАЛ

ИЗДАНИЕ 20
ЗИМА 2020



## ЖИВОТ ВО ШОК

РАЗБИРАЊЕ НА ПАНДЕМИЈАТА

# СОДРЖИНА




4 **Поглед кон иднината: Јавно здравје и зелено закрепнување**
Интервју со Петра Де Сутер

10 **Три одговори на кризата**
Жан Де Мунк

18 **Корени во природата: Патогенот и политиката на биодиверзитетот**
Клер Тејлор

26 **Трошоците за нега: Преиспитување на вредностите во кризни времиња**
Интервју со Мери Мелор од Анабел Досон

33 **Надвор од меурот: Стареење, солидарност и Ковид-19**
Криста Милер-Мецгер

38 **Поставување на темелите: Болест и појава на јавно здравје**
Интервју со Клас Кирхеле

47 **Оптоварени со работа: Иднината на платформите и работното време**
Интервју со Џулиет Шор

52 **Маската се лизга: Правата на удар во Полска**
Адам Рогалевски

58 **Црните животи се важни во Брегзит Британија**
Интервју со Надин Ел-Енани од Џенифер Квао

65 **Поврзете го градот: Права, правда и дигитален јаз**
Гилем Рамирез Чико

72 **Пандемичната политика и Зелените**
Розали Салаун, Андерс Шредер, Себастијан Буков, Тена Прелец и Тереза Риди

80 **Градови како празни школки: Урбан туризам во постпандемичен свет**
Софија Черичи

88 **Основни гласови: Работници мигранти за живот во пандемија**
Феликс Квабена, Клаудија Сантос и Марула Цагари

96 **Солидарност, не добродетелство: Заемна помош во Европа**
Кјара Милан, Дагмар Диснер, Мариема Феј, Серхио Руиз Кајуела и Торстен Мехнерт

102 **Нова европска реалност: Ковид економија, долг и иднина на трговијата**
Интервју со Гунтрам Волф од Родерик Кеферпутц

108 **Граници, тела и технологии што следат сè: Поместување на границите на био-надзор**
Ајелет Шачар и Мари-Ева Лоизел

116 **Простори за живот за сите: Ковид-19 во градот**
Интервју со Хелен Кол од Паола Хернандез

124 **Преземање на власта во криза: Зелените градови во Франција**
Интервју со Леонор Монконд'хуј и Бруно Бернар од Беноа Мonanж

130 **Темелна економија за добар живот**
Ричард Бернталер, Андреас Нови, Леонард Планк и Александра Стрикнер

136 **Раскажување приказни во окото на бурата: Пандемијата низ лупата на колапс на животната средина**
Интервју со Амитав Гош од Џејми Кендрик



# 2020 ГОДИНА НУЛТА

**ЏЕЈМИ КЕНДРИК ЗА УРЕДНИЧКИОТ ОДБОР**

Без разлика дали ќе одекнува со генерации, здравствената криза беше јасен момент на прекин, покажувајќи ја потребата и потенцијалот за многу поинаков свет. Но, промената ќе зависи од изборот, движењето и идеите што го дефинираат нашиот одговор.

Здравствената криза ги замагли линиите меѓу многуте предизвици со кои се соочуваме во 21 век. Како живееме заедно во глобализиран свет, што цени најмногу нашето општество, како да се поврземе со науката, медицината и технологијата и како да го спречиме колапсот на животната средина? Преку пандемијата, ваквите фундаментални прашања се вкрстија околу она што е во нивниот центар: животот и заедничкиот живот. Ефектот е дека 2020 година беше доживеана како општа криза: шок од здравствената криза и економскиот колапс, додека во исто време беснеат шумски пожари и циклони и растат конфликтите во и меѓу општествата. Хуманоста, исто така, во текот на пандемијата ги покажа своите најголеми извори на надеж: солидарноста и грижата, соработката и инвентивноста.

Во услови на огромни општествени смени, промени во однесувањето и владини интервенции, беа изнесени многу визии за подобар пост-пандемичен свет. На крајот на краиштата, вирусот ги изложува длабоките неправди во неговите разорни ефекти, а ранливоста на многу западни земји ја открива кревкоста на системите базирани само врз пазарна ефикасност. Ковид-19 не е само едноставна природна катастрофа. Додека истрагата за нејзиното потекло продолжува, екстрактивната употреба на земјиштето и индустријализираниот систем на храна се клучни двигатели во појавата на нови смртоносни болести. Сепак, патогенот нема да биде доволен да донесе поправедна, поодржлива иднина; акциите на државите, движењата, заедниците и бизнисите ќе бидат во критична состојба.

Токму преку овој објектив, ова издание на *Зелениот европски журнал* се приближува до пандемијата и до она што таа значи за општеството. Од улогата на жените на есенцијалните работни места до забрзување на дигитализацијата во работата и социјалниот живот, пандемијата ги зајакнува и реконфигурира постоечките поделби и нееднаквости. Во глобалниот бран на антирасистичко организирање и поместување на политичките сцени, се појавуваат нови видови на солидарност, наративи и тензии. Како што тоа се почувствува во напуштените туристички места во Италија, преполните населби во Барселона и новите зелени општини во Франција, прашањата за јавните услуги, просторот и околината што го дефинираат животот во градот, добиваат уште поголема ургентност. Соочено со цената на опасните кратења во јавниот сектор во многу земји, изданието продолжува да ги истражува недостатоците на нашиот економски модел и неопходната од променливата улога на социјалната држава при обезбедувањето благосостојба за сите. И

НИЧКИ

покрај био-надзорот и глобалната миграција, антимикробниот отпор и културни последици од овој колективен шок, исто така, со љубопитство гледаме напред, прашувајќи се како оваа криза ќе влијае врз нашиот свет во наредните години.

Иако здравствените експерти и научниците со години предупредуваа на ризик од пандемија, разбирливо е дека првиот бран ја изненади Европа. Преку спонтана солидарност, насочена преку социјалната држава, европскитете општества успеаја да пребродат. Тежината на вториот бран, само неколку месеци подоцна, поттикна дополнителни прашања за отпорноста, државниот капацитет и загрижувачката тенденција кон самозадоволство. Што се однесува до Европската унија, навикната да се соочува со кризи, пандемијата продолжува да ја тестира нејзината институционална рамка. И покрај привремениот фонд за закрепнување, нејзината политика останува далеку од реалноста на теренот и е ограничена поради игрите на моќ меѓу нејзините земји-членки. Следниот чекор на европската соработка, без оглед на пречките, мора да биде позитивната политика насочена кон благосостојба, здравје и солидарност.

Пандемијата се случи токму кога екологијата се прилагодуваше на новата централна позиција. Иако борбата против климатските промени е далеку од извојувана, таа сега ја формира домашната и глобалната политика. Со Ковид-19, последиците одат многу подлабоко. Здравствената криза, целосното затворање во вонредната состојба (lockdowns) и рецесијата ги вратија јавните служби и работните места во центарот на дебатата, но истовремено, зелените проблеми - од загадувањето на воздухот и урбаниот простор - до економијата на грижа (care economy) и квалитет на животот, станаа само поитни. Во многу европски градови, региони и земји, зелените партии владеат во криза, соочени со тешки компромиси и неочекувани приоритети.

На бурната политичка сцена, во услови на растечко незадоволство, зелената влада мора да ги насочи барањата на новите движења и да им одговори на луѓето вон традиционалната доследност, доколку сака да има пресудно влијание. Но, вистинскиот предизвик е да се осигурааат врските меѓу здравствената криза, климатското затоплување и масовното истребување. Со Ковид-19, врската меѓу нашето и здравјето на пошироката околина стана непосредна и лична. Во оваа реалност лежи моќен наратив што треба да се потенцира за да се поттикнат промени за подобра иднина. Тоа е многу повеќе од еколошко прашање и го допира секој аспект од начинот на кој заедно живееме, работиме и произведуваме и донесуваме колективни одлуки.

2020 година го означува нашиот недвосмислен влез во 21 век. Политиките на живот се тука со целата своја комплексност. На начин поинаков од финансиските кризи, војни или политички пресврти, оваа здравствена криза принуди сè да запре. Рестартирањето на општеството на начин што спречува истото да се повтори, бара длабоко обновување, чија потреба сега треба да биде неопходна. Политичката екологија, исто така, е неопходна за снаоѓање во ова несигурно време. Преку зајакнување на солидарноста и отпорноста, постигнување нов консензус за она што е навистина важно и создавање нов однос со природниот свет, може да го задржи индивидуалниот и заедничкиот живот во центарот на нашата политика. ■

# ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА
## ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ЗЕЛЕНО ЗАКРЕПНУВАЊЕ

ИНТЕРВЈУ СО
**ПЕТРА ДЕ СУТЕР**

За иднината на здравствените системи и за европската соработка, разговаравме со Петра Де Сутер, белгиска вицепремиерка и министерка за државна служба и јавни претпријатија

Европа ја потресе здравствена криза предизвикана од Ковид-19. Иако некои апелираат за брзо враќање во рутината, постои поголем консензус за поотпорна, одржлива иднина. Поинтензивната европска соработка за јавното здравје и насоките дадени од Европскиот зелен договор, се клучните конструктивни елементи. За иднината на здравствените системи и за европската соработка, разговаравме со Петра Де Сутер, белгиска вицепремиерка и министерка за државна служба и јавни претпријатија.

**ЗЕЛЕН ЕВРОПСКИ ЖУРНАЛ: Здравствените работници беа славени како херои во 2020 година. Како можеме да преминеме од аплаузи кон заштита на јавното здравје и здравствениот сектор?**

**ПЕТРА ДЕ СУТЕР:** Прашањата со зборот „како“ се најтешки затоа што сите се согласуваат дека оваа криза е повик за будење на здравствените системи во ЕУ. Како и секогаш во криза, јавниот сектор треба да истапи и да го најде решението. Аплаузите за здравствените работници не се доволни; потребни се структурни реформи и зголемено инвестирање во здравството. Политиките за штедење што нѐ водеа кон либерализација, приватизација и поголема ефикасност на трошоците во здравствениот сектор, беа секогаш опасни бидејќи ги оставија европските земји без поголем капацитет за управување со кризи. Во Европа, секоја политичка партија, сега ја разбира потребата од поголеми инвестиции во јавното здравство.

„Аплаузите за здравствените работници не се доволни; потребни се структурни реформи и зголемено инвестирање во здравството.“

Не станува збор само за капацитетот за интензивна нега; туку и за повеќе инвестиции во менталното здравје, како и во превенцијата, што треба да бидат поуката од оваа криза. Изолацијата и заклучувањето предизвикаа сериозни проблеми со менталното здравје. Депресијата и анксиозноста го достигнаа врвот во текот на првиот бран, а истите ризици се повторуваа. Потоа, ако погледнете како еволуираше кризата и како се ширеше вирусот, јасно е дека со посилна превенција во здравството се штеди во делот на третманите. Превенцијата дури оди и надвор од здравствениот сектор. Таа се однесува и на еколошките ризици и загадувањето, квалитетот на храната, трговските политики, безбедноста при работа...Важен начин за поддршка на здравствениот сектор е примената на принципот: „здравје во сите политики“ , така што влијанијата врз здравјето ќе бидат земени предвид во сите области.

## Дали овој нов консензус околу ставањето крај на штедењето во здравствениот сектор ќе ја надживее кризата?

Тоа е прашање за милион долари. Откако ќе заврши кризата, некои политички групи можеби ќе сакаат да се вратат на принципот – бизнисот пред се, (business as usual). Сепак јавното мислење е многу чувствително на оваа тема.

И пред кризата, анкетите од цела Европа покажаа дека над 70 проценти од граѓаните на ЕУ сметаат дека здравството е приоритет и сакаат ЕУ да направи нешто повеќе.[1] Згора на тоа, мерките што сега се воспоставени нема да бидат само привремени, тие ќе доведат до структурни промени. На европско ниво, солидарноста меѓу земјите-членки и нивните здравствени системи треба да се продлабочи. Здравството, секако, е надлежност на земјата-членка, така што ќе биде тешко и напорно. Но, моментите на криза вообичаено се и време кога Европската унија прави чекори напред, а кризите како „Ковид-19“ не познаваат граници.

## Што значи заложбата за поголема европска соработка во здравството?

Целосна здравствена политика на европско ниво веројатно не би функционирала бидејќи опфаќа премногу области како што се: социјалното осигурување и финансирањето. Европските земји имаат различни системи со различни нивоа на приватизација, па можеби тоа дури и не е пожелно и не е ниту реално. Но, она што Европската унија може да го стори е да вклучи мерки што го подобруваат здравјето во областите во кои таа има моќ: храната и земјоделството, трговијата и вработувањето, на пример.

Онаму каде што може директно да дејствува врз здравствените теми, како на пример во управувањето со кризи, ЕУ треба да ги надмине препораките и да преземе повеќе обврзувачки активности. Европскиот центар за спречување и контрола на болести, како агенција на ЕУ, има

1 European Parliament (2017). *Eurobarometer 87.1.*

мандат за управување со кризи и можност да се зајакне со поголеми овластувања за координирање при затворање на границите и за создавање залихи со лекови и опрема за итни случаи. Еден зелен предлог е формирање на Здравствени сили на ЕУ кои ќе бидат дел од европските системи за цивилна заштита. Лекарите и медицинските сестри во болниците низ цела Европа може да бидат обучени и подготвени за мобилизација во случај на локална криза или на епидемија.

## Каква е соработката со лекови и медицинска опрема?

Зависноста на Европа од основните лекови произведени на друго место во светот стана видлива за време на оваа криза. Парацетамолот се произведува во Кина, се пакува во Индија, а потоа се испраќа во ЕУ. Замислете криза во која границите се навистина затворени, а пристапот прекинат. Значи, потребна е извесна релокализација и треба да се организира на европско ниво. Европската унија, исто така, има надлежност за развој и пласман на фармацевтски производи и вакцини. За време на кризата со Ковид-19, некои земји-членки започнаа да преговараат директно со фармацевтските компании за да нарачаат вакцини. Се разбира, индустријата сака да преговара со повеќе земји. За среќа, Европската комисија оттогаш го презеде тоа и резултатот ќе биде - многу подобри услови за развој и производство на вакцини. Ако сакаме да обезбедиме достапност и пристап за земјите од остатокот во светот, тогаш европското ниво е од суштинско значење.

Кризата го поттикнува прашањето: како генерално произведуваме и продаваме фармацевтски производи? Моќта на фармацевтската индустрија е огромна. Тие преговараат за цените во нивна корист и воедно се концентрираат на најпрофитабилните лекови. Не ги интересираат лекови за ретки болести или нискобуџетни лекови. Јавниот сектор, вклучително и на европско ниво, треба да размисли за преземање иницијатива и инвестирање во јавни лаборатории за истражување и развој. Исто така, има расправа за одвојување на развојот од пласманот на лекови. Јавниот сектор може да насочува каде треба да се случи развој и потоа да работи со пазарот за да се организира истражување и маркетинг. Фармацевтскиот пазар не е како другите пазари затоа што прво, како пациент, вие не ја избирате вашата болест, и второ, на крајот сѐ се плаќа или од народни пари или од осигурување.

## Пандемијата предизвика социјална криза, но ова, исто така, е и еколошка криза. Како можат Зелените да веруваат дека основните причини за неа нема да ги попречат напорите за економско закрепнување?

Епидемијата на Ковид-19 се случи поради ризикот од зоонотично ширење што го носи нашиот однос со екосистемите. Експертите веќе предупредија дека и други болести слични на Ковид-19 ќе се појават во иднина, особено ако продолжи уништувањето на живеалиштата на дивите животни. Задачата на Зелените е да ја задржат

овaa порака високо на агендата. Светската здравствена организација го вгради овој наратив во својата анализа за кризата со Ковид-19. Нејзиниот директор, Тедрос Аданом зборуваше за тоа како пандемијата нè потсетува на „интимната и деликатна врска меѓу луѓето и планетата“. Звучи слично како да зборува еден од Зелените. Следниот чекор е да се осигураме дека оваа поврзаност е исто толку призната и од владите и од европските институции. Посветеноста на ЕУ за заштита на биодиверзитетот во 30 проценти од сите екосистеми до 2030 година, треба да биде поткрепена со инвестиции и акција. Врските меѓу загубата на биолошката разновидност и потеклото на оваа криза, како и оние меѓу загадувањето на воздухот и ранливоста на Ковид-19, покажуваат дека животната средина, климатските промени и здравјето, не можат да се одделат. Ако сакаме да размислуваме за отпорност и избегнување идни пандемии, ваквите прашања треба да се решаваат како едно.

*КОГА ПРОМЕНАТА Е ТОЛКУ РАДИКАЛНА, ТОА Е МОМЕНТОТ КОГА ТРЕБА ДА СЕ ОРИЕНТИРАМЕ КОН ЗАКРЕПНУВАЊЕ ВО НОВА НАСОКА.*

**Дали има чувство дека импликациите од здравствената криза одат многу подлабоко од климатското затоплување? Не станува збор само за енергетски системи; Ковид-19 го допре секој аспект од тоа како ги живееме нашите животи.**

Можеби звучи чудно да се каже, но климатските промени се неповолни. Се одвиваат многу бавно и луѓето не можат да ги видат нивните непосредни ефекти. Се разбира, треба главата да ви била в песок за да не ги забележите промените во климатските (метеоролошки) системи во светот. Но, сепак, зборуваме за настани на кои им требаат околу 10, 15, па дури и 30 години да станат видливи. Климатските промени се апстрактни и често пати тоа е проблем на следната генерација. Пандемијата, од друга страна, е разурнувачка; донесе сè во ќор-сокак на начин што не можевме да го замислиме пред една година. Тоа беше нешто како научна фантастика, но се случи. Кога промената е толку радикална - за општеството, за компаниите, за индустријата, за сите – тоа е моментот  кога треба да се ориентираме кон закрепнување во нова насока.

*ЗАТОА ШТО КОГА ПОВТОРНО ЌЕ ИЗГРАДИТЕ ЕКОНОМИЈА, НЕ РАЗМИСЛУВАТЕ ЗА ВРЕМЕНСКА РАМКА ОД ДВЕ ИЛИ ТРИ ГОДИНИ, ТУКУ ГЛЕДАТЕ 20 ИЛИ 30 ГОДИНИ НАПРЕД.*

## Дали ќе видиме таква ситуација?

Силите, главно од крајната десница, кои сакаат да се вратат на рутината и да се држат до економијата на фосилни горива, сега се во малцинство. Низ другите политички групи, во повеќето земји на ЕУ (иако не сите), па дури и во Европската комисија, оваа криза се сфаќа како момент за градење иднина заснована врз климатска неутралност и дигитализација. Зелените предлози и идеи за закрепнување и отпорност изнесени за време на кризата продолжија да го обликуваат пакетот за закрепнување на ЕУ. Затоа што кога повторно ќе изградите економија, не размислувате за временска рамка од две или три години, туку гледате 20 или 30 години напред. Амбициите и временската рамка за климата и енергетските транзиции се јасни и тие ја даваат насоката кон која треба да се оди.

## Кои ризици ги потенцираат овие изгледи за зелено закрепнување?

Европскиот зелен договор секако звучи одлично и амбициозно, но плановите секогаш звучат убаво на хартија. Зелените секогаш заземаа конструктивен, но критички став, додека чекаа да видат што значи тоа во практика. Кохерентноста е Ахилова петица на планот. Напредокот постигнат преку стратегијата за биолошка разновидност и зелените инвестиции може целосно да се поткопаат со земјоделските реформи кои не налагаат намалувања на пестицидите за кои велите дека ви се потребни и со трговската политика што дозволува намалување на стандардите. Друго вистинско прашање е како ќе се користат парите за закрепнување. Земјите на ЕУ треба да инвестираат во зелените и дигиталните транзиции, но прашање е колку незгоден ќе биде надзорот? Дали фокусот ќе биде ставен врз чисто економско закрепнување, а не врз неговите еколошки и социјални аспекти? Социјалните прашања, здравството и образованието никогаш не играле голема улога во Европскиот парламент. Напротив, и во минатото земјите од ЕУ често пати беа охрабрувани да ги намалат јавните инвестиции, а Европската комисија дури побара од земјите-членки да приватизираат делови од нивните здравствени системи за да заштедат пари. Да се надеваме дека нема веќе да се врати нешто слично и дека инвестициите одат таму каде што треба.

**Двете партии на Зелените во Белгија влегоа во владата во октомври 2020 година и Зелените се на власт во многу други градови, региони и земји низ Европа. Бара ли извесно прилагодување напуштањето на опозицијата за владеење во криза?**

По само кусо време во Владата, сè уште се навикнуваме и многу луѓе во нашата партија остануваат во опозициски режим. Кога склучувате договор за влез во Владата, таа станува ваша програма дури и ако не е ваш манифест. Договорот за белгиската коалиција има многу зелени елементи и ние инсистиравме на темите за клима, енергија и мобилност. Некои други делови не произлегоа од нашата програма, но тоа е она што значи да се биде дел од владејачкото мнозинство. Потребна е промена на размислувањето по речиси 20 години во опозиција. Во Белгија, Зелените сега се на власт на федерално ниво и во регионите на Брисел и Валонија. Во Гент, град близок до моето срце, тие се на власт веќе шест години. Луѓето ги гледаат ефектите врз нивниот квалитет на живот и сметаат дека Зелените не се само сонувачи. Поместувањето од теорија и опозиција кон правење промени е мошне важно.



**ПЕТРА ДЕ СУТЕР**
е вицепремиерка и министерка за државни служби, јавни претпријатија, телекомуникации и поштенски услуги во Белгиската федерална влада од октомври 2020 година. Таа е професор по гинекологија на Универзитетот во Гент, специјализирана за репродуктивна медицина. Пред да стане министерка, таа беше европратеничка од Фламанската зелена партија, Гроен.

# ТРИ ОДГОВОРИ НА КРИЗАТА

НАПИС ОД
**ЖАН ДЕ МУНК**

Иако пандемијата разоткри различни системи на управување, таа нуди уверливи причини за заживување на социјалната држава.

Различните пристапи кон пандемијата ги покажуваат јаките страни на различните системи. Во САД, десничарските популисти мешаа посакувани размислувања за долговечноста на вирусот со опортунистички потези за зголемување на корпоративната моќ и ја платија цената на гласачките кутии. Некаде, авторитарните режими се покажаа способни да го контролираат вирусот, но по која цена на слободата? Европската социјална држава нуди алтернатива, обезбедувајќи заштита, но истовремено воспоставувајќи рамнотежа меѓу колективот и поединецот. Иако е сериозно тестирана од сегашната криза и поткопана од годините на штедење, и натаму е клучна институција за фер, зелена иднина.

Како можеме да управуваме со пандемијата? Што ќе се случи потоа? Некои веруваат дека кризата со коронавирусот спонтано ќе доведе до поголема свесност за ќорсокаците на анархичната глобализација. Тие сонуваат дека крајот на кризата ќе биде, истовремено, крај на дерегулираниот капитализам.

Таквиот оптимизам е сомнителен. Крајот на капитализмот не е на повидок. Во меѓувреме, и за жал, авторитарните и популистичките политички тенденции се имуни на коронавирусот. Не постои единствен автоматски, рационален политички исход својствен на оваа криза. Демократиите ќе бидат сериозно тестирани, не само од здравствената криза, туку и од економската криза што ќе следи.

Кога станува збор за кризи, Европа има богато искуство. По 1945 година, Европа одговори со моделот на практична синергија меѓу државата и капитализмот. Архитектурата на социјалната држава, смело обновена, може да инспирира единствен одговор на сегашната криза. Економистот Éлои Лоран со право тврди дека „најкорисната лекција од почетокот на оваа криза е, исто така, и најуниверзалната: социјалната држава е стратешка

FR

Овој напис првпат е објавен на француски јазик во *Етопија*. Исто така е достапен на француски јазик на веб-страницата на *Зелениот европски журнал.*

**TROIS RÉPONSES À LA CRISE**

La crise du coronavirus nous rappelle l'urgence de ré-enchanter l'État social en Europe.

институција за 21 век“[1]. Но, два доминантни модела го предизвикуваат моделот на социјална држава: авторитарниот државен капиталистички модел и десниот популистички модел.

## АВТОРИТАРЕН ДРЖАВЕН КАПИТАЛИЗАМ

Авторитарниот државен капитализам го комбинира авторитарниот, централизиран начин на управување со агресивниот капитализам. Кина и Русија се очигледни примери.

Како одговор на кризата, овие земји ја засилуваат контролата врз јавниот простор, ги замолчуваат неистомислените гласови и наметнуваат авторитарни мерки. Кризата им овозможи да ги прошират и усовршат исклучително наметливи електронски системи за надзор, особено препознавањето на лицето.[2] Државниот апарат е централизиран, бирократски и поддржан од лојална армија. Против коронавирусот, овие држави, за разлика од демократиите, не мораат да импровизираат „вонредна состојба“, бидејќи така владеат цело време. Како што покажа и случајот со Кина, бруталното управување со здравствената криза е особено корисно при создавање на режимска пропаганда.

Директната контрола врз граѓанското општество е наследство на тоталитарните режими од 20 век. Идеолошкиот државен апарат ги поттикнува граѓаните тивко да ја трпат својата судбина и го контролира секојдневниот живот според императивите на редот и продуктивноста. Државниот капитализам вложува големи напори да ги зароби влоговите на светскиот пазар, особено во деловите што се отворени од здравствената криза (маски и лекови, на пример). Таквите режими имаат намера да ја искористат претстојната економска криза како средство за проширување на своето влијание врз глобалните институции, натпреварувајќи се со западните сили во нивната сопствена игра: акумулирање капитал.

## ДЕСЕН ПОПУЛИЗАМ

Десниот популизам се појави по 2008 година и се воспостави од изборните победи на Доналд Трамп во САД во 2016 година и Жаир Болсонаро во Бразил во 2018 година.

Под десниот популизам, односот меѓу државата и капитализмот се реконструира околу реафирмирање на улогата на државата (што го разликува овој модел од неолиберализмот). Државата останува формално демократска, но зазема жесток, авторитарен став. Владејачкиот блок агресивно го зазема јавниот медиумски простор, делумно со постојано давање жртви. Ги трансформира изборите во популарен плебисцит за програми насочени кон одбрана на суверенитетот од внатрешни и надворешни непријатели.

1 Éloi Laurent (2020). “Gare à l’épidémie de solitude”. *Le Monde*. 25 March 2020. For more from Éloi Laurent, see this interview in the *Green European Journal* <bit.ly/hooked-on-growth>.

2 See for example: Mary Ilyushina (2020). “How Russia is using authoritarian tech to curb coronavirus”. *CNN*. 29 March 2020; Florian Bieber (2020). “Authoritarianism in the time of coronavirus”. *Foreign Policy*. 30 March 2020.

> СОЦИЈАЛНАТА ДРЖАВА ЈА ПОЗАЈМУВА ИДЕЈАТА ДЕКА ЕФЕКТИВЕН ОДГОВОР НА ДИСФУНКЦИЈА И КРИЗИ БАРА ИНТЕРВЕНЦИЈА НА СИЛНА (НО ЛЕГИТИМНА) ДРЖАВА

Сепак, за разлика од авторитарниот државен капитализам, овој тип на влада не настојува директно да го контролира граѓанското општество. Не распоредува сеопфатна администрација (компетентна во секоја област – omnicompetent) - напротив, ја уништува експертизата и капацитетот на јавните служби на Владата и наместо тоа се обидува да им овозможи на компаниите да преземат целосна контрола врз општеството. Така, оваа автократски наклонета држава поддржува, според привиден парадокс, масовна економска, здравствена, образовна, социјална и еколошка дерегулација. Не се обидува да ги контролира или замени лидерите на приватниот сектор, туку да ги промовира и да им дозволи да работат слободно на сите нивоа на општеството.

Како авторитарниот државен капитализам, така и десниот популизам, можеше да цвета и да се шири за време на кризата со коронавирусот. Државата се вклучи во политиките на тесни граници и полициско управување со јавната безбедност. Кризата претставуваше совршена можност за повторно рекламирање на „ѕидот“, кој наводно ги запира мигрантите и вирусот заедно со нив. Додека систематски ги оцрнува експертите и интелектуалците, владата ги заситува медиумите со хаотични, агресивни говори. Во меѓувреме, пандемијата обезбеди можност да се отстранат регулативите (вработување, животна средина, данок), наводно, неповолни за деловното работење.

Така, гледаме вид на политика забележана по ураганите Катрина (2005) и Харви (2017) во САД. Наоми Клајн ја нарекува „шок доктрина“: трансформација на катастрофи со можности за зајакнување на капитализмот.[3] На пример, „законот за стимулирање на короната“, усвоен во САД во март 2020 година, нема цел да започне нова програма за здравствена заштита и превенција управувана на национално ниво. Тоа е поразително за американските работници и (она што остана од) социјалното осигурување, додека е крајно поволно за деловно работење. И во март 2020 година, Белата куќа ги суспендираше сите еколошки прописи на нејзина територија на неопределено време.[4] Ја искористи кризата да наметне решенија за слободен пазар што нормалните околности не ги дозволуваат.

## ЗАПАДНОЕВРОПСКИ ОДГОВОР: МЕШАН МОДЕЛ?

Турција на Реџеп Таип Ердоган претставува интересна мешавина од авторитарен државен капитализам и десен популизам. Диктаторот наследи тоталитарен државен апарат што го приклонуваше кон првиот, но прифати политички стил

---

3 Naomi Klein (2007). *The Shock Doctrine*. Toronto: Knopf Canada.

4 Oliver Milman & Emily Holden (2020). “Trump administration allows companies to break pollution laws during coronavirus pandemic”. *The Guardian*. 27 March 2020.

кој јасно оди во насока на вториот. Во Европа, во меѓувреме, вториот модел ја заведува полската, унгарската и англиската елита, и исто така, привлекува екстремно десничарски партии во белгискиот регион Фландрија, во Франција и во Италија.

Моменталната среќа и на авторитарниот државен капитализам и на десниот популизам сведочат за фактот дека едноставно веќе не е можно да се продолжи со слабеење на државата, како што се обиде да стори неолиберализмот од 1990 до 2016 година. И двата модела ја реинвестираат моќта на државата, не за да се движат вон капитализмот, туку да го спасат. Ова се случува на штета на основните слободи, социјалната правда и јавната расправа. Сепак, достапен е трет модел. Социјалната држава е родена во Европа од големата социјална криза предизвикана од индустријализацијата и беше институционализирана по катастрофалната Втора светска војна. Се обидува да го зачува рационалното јадро на погоре наведените ирационални формули. Од авторитарниот државен модел, социјалната држава ја позајмува идејата дека ефективен одговор на дисфункција и кризи бара интервенција на силна (но легитимна) држава со овластувања што продираат во граѓанското општество. Тоа го ублажува прифаќајќи го владеењето на правото. Интервенционистичката држава не е нужно антидемократска; напротив, под одредени услови, тоа може да биде поволно за индивидуалните слободи. Истовремено, како и десниот популизам, социјалната држава смета дека пазарот може да биде форма на ефективна координација, но ја отфрла идејата за генерализирана комодификација на животот, што доведува до диктатура од приватни компании и масовна нееднаквост. Исто така, ги отфрла политиките на давање жртви, исклучување и непрекинато манипулирање со јавната дебата.

Имаме право да очекуваме европските влади веднаш да го оживеат овој трет модел. За жал, тие не демонстрираат таква луцидност. Тие остануваат интелектуално врзани за неолибералната идеологија. Во последниве години, тие воведоа сè подрастични намалувања на она што научија да го нарекуваат „социјални трошоци“ (наместо „инвестиции“ во образованието или здравството). Тие практикуваа слепо буџетско штедење за вистинските социјални потреби на луѓето, намерно ја намалија даночната основа на државата и, на крај, гласаа ентузијастички за меѓународните договори (како што е Сеопфатниот економски и трговски договор, CETA, со Канада) со кои ги ограничуваат сопствените инвестициски и регулаторни капацитети.

## ПРИНЦИПИТЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ДРЖАВА

Кризата со коронавирусот ќе биде политички корисна ако нè врати назад на темелите на овој алтернативен модел на управување со капитализмот.

Социјалната држава не е либерална држава со мала доза на великодушност. Либерализмот гледа во општеството само збир на поединци чии односи се уредуваат со договори. Таквата визија имаше неоспорно ослободувачка моќ во холистичкото, хиерархиско царство на „Стариот

режим“ (Ancien Régime), кој на секој поединец му доделуваше место и статус. Но, тоа е недоволна визија за водење и управување со индустриските општества. Сепак, може да се поправи со она што општествените науки го откриле во текот на 19 и 20 век. Ова може да се сумира во прилично едноставна идеја: меѓузависностите ги врзуваат поединците заедно. Организирани во системи, овие меѓузависности претставуваат автономно ниво на реалност, кое не може да се регулира со нашите индивидуални волји, па дури ни со договори меѓу поединци.

Ако постои некоја област во која се потврдува важноста на овој системски пристап спрема социјалното, тоа е јавното здравство. Пандемија како оваа што ја доживуваме покажува дека здравјето не може целосно да се приватизира. Здравјето, се разбира, има индивидуален аспект кој е единствен за секоја личност: ризиците за една личност се разликуваат од оние за друга. Но, има и социјален аспект, без разлика дали е локален или широко насочен: моето лично здравје зависи од хигиената на луѓето околу мене. Зависи од секоја друга личност со која се случува, да бидам во физички контакт, дури и спорадично. Бидејќи вирусот може да циркулира преку површините и да се развива на нив, нашето здравје зависи и од физичката инфраструктура што нè поврзува и од квалитетот на водата, воздухот и храната. Оттука произлегува реалноста на меѓузависностите што го избегнува едноставниот збир на индивидуалните однесувања. Ова е она што социолозите го нарекуваат „систем“, чии структури и функции не можат да се сведат на индивидуално однесување (иако тоа не значи дека второто е незначително).

Меѓусебните зависности на кои нè потсетува коронавирусот, исто така, се применуваат, mutatis mutandis, во несреќи при работа, ризици од невработеност, финансиски системи, глобална миграција и климатски промени. Оваа димензија на социјалната реалност не беше лесно видлива за политичката филозофија. Стана забележлива дури со индустријализацијата, која континуирано генерира нови меѓусебно поврзани, материјални и социјални системи. Овие системи се појавуваат или пропаѓаат, се менуваат или еволуираат и се непредвидливи. Тие можат да се идентификуваат и разберат само од природните и општествените науки - не од политичката филозофија, чие расудување се заснова само врз нормативни концепти, сами по себе суштински, но недоволни за управување со општеството.

Од Просветителството, модерните демократии се водени од градење на рационално или во најмала рака разумно општество што ги проширува индивидуалните слободи и социјалната еднаквост. Новата системска социјална теорија не прекинува со ова, но и дава суштинска улога на државата. Како израз и инструмент на колективната волја, државата е систем кој има одговорност да ги регулира другите системи што е можно повеќе. За да го стори тоа ефикасно, државата мора да има три карактеристики: таа мора да биде суверена, демократска и интервенционистичка.

СОВРЕМЕНАТА ДРЖАВА Е СИСТЕМСКИ ЗАШТИТЕН УРЕД ЗА ДАДЕНА ТЕРИТОРИЈА. ОВОЈ СУВЕРЕНИТЕТ НИКОГАШ НЕ СЕ СТЕКНУВА ВО ЦЕЛОСТ, НО ТОЈ Е ИДЕАЛЕН РЕГУЛАТОР

## ЗДРАВСТВЕН СУВЕРЕНИТЕТ

Прво, сегашната пандемија ја покажува клучната важност на „просторната“ контрола врз човечките интеракции, што е од суштинско значење за запирање на пандемијата и дистрибуција на помош. Современата држава е системски уред за заштита на дадена територија. Овој суверенитет никогаш не се стекнува во целост, но тој е идеален регулатор, кој постојано се оспорува од претходно незабележаните меѓузависности.

„Здравствениот суверенитет претпоставува вклучување на државата во транснационална рамка што може да произведува и дистрибуира опрема ширум светот од најголемо значење за здравјето на сите.“

Сегашната криза бара нов концепт: здравствен суверенитет. Во здравството, тоа би бил директен пандан на „суверенитетот на храната“ што го бараат глобалните движења за правда на земјоделците.[5] Навистина, апсурдно е за Европејците да увезуваат заштитни маски од Кина или многу да се потпираат на лекови произведени во САД. Државата мора да се стреми да го локализира производството на основна опрема за јавно здравје. Дерегулираниот светски пазар ги шири производствените капацитети според законот за специјализација, кој е врзан со компаративна предност. Ова е причината зошто ниту една заедница не може да се потпре врз слободната трговија за да преживее.

Сепак, јасно е и дека се појавуваат нови меѓузависности во однос на болеста и здравјето. Тие произлегуваат од циркулацијата на стоки, луѓе и опрема. Овие системи не познаваат граници. Причините за медицинските проблеми лежат и надвор и во рамките на земјите. Нови лекови се измислуваат насекаде низ светот; производите мора да се разменуваат. Не смееме погрешно да го сфаќаме здравствениот суверенитет како здравствена самодоволност. Здравствениот суверенитет претпоставува вклучување на државата во транснационална рамка што може да произведува и дистрибуира опрема во светот од најголемо значење за здравјето на сите. Оттука, нема никаква врска со тесноградиот национализам или догматскиот протекционизам. Соработката во транснационалните институции е подеднакво значајна како и локалната основна инфраструктура.

## ДЕМОКРАТИЈА: УСЛОВ ЗА ЕФИКАСНОСТ

Враќањето на „државата Левијатан“ ќе ја уништи слободата да се гарантира безбедноста. Затоа, вториот услов за ефективна социјална држава е отворен, грижлив и консултативен јавен простор.

Тековната пандемија дава неверојатен доказ: најголемите закани за колективната ефикасност се прикривање на информации (Кина се наоѓа

5 Annette Desmarais, Priscilla Claeys & Amy Trauger (2017). *Public Policies for Food Sovereignty. Social Movements and the State.* London & New York: Routledge.

меѓу низата земји осомничени за криење на бројките за морбидитетот во раните денови на пандемијата) и недостаток на дебата. Амартја Сен го демонстрираше ова во случајот на глад.[6] Државата мора да обезбеди информациите да се објавуваат целосно и слободно за да се овозможи континуирано разгледување на политиката. Само преку отворена дебата може да се решат неизвесноста и сложеноста. Затворањето уста на определени членови на општеството го ограничува јавниот простор, како и изборите потребни за решавање на големината и мултидимензионалноста на здравствените проблеми. Истовремено, отворената дискусија е од суштинско значење доколку се очекува граѓаните да ги применат обврзувачките владини мерки. Граѓаните лишени од можноста да разговараат за целта на ваквите мерки реагираат со сомнеж и слободно. Така, пропаѓаат мерките, а државата, благодарение на збунувачката арогантност, го губи легитимитетот.

## УМЕРЕН СОЦИЈАЛИЗАМ

Градењето на демократијата не значи само градење слободна јавна сфера. Станува збор и за израмнување на полето за играње. Без соодветна инфраструктура, „правото на живот“ и „правото на здравје“ се празни зборови. Пазарот може делумно да снабдува инфраструктура, но за жал, само на сметка на еднаквоста и со неповолни ефекти. Навистина, знаеме како здравствената заштита на слободниот пазар може да стане „јатрогена“, да штети наместо да лекува, како што истакна филозофот Иван Илич.[7] Ние ги знаеме страшните нееднаквости што доаѓаат со неа. Оттука, државата, со доделена двојна мисија за производство и дистрибуција на здравствена заштита, мора да воведе корективни мерки. Во рамките на понудата, државата мора да ја насочи економијата да произведува здравствени добра и услуги, а во рамките на побарувачката, нив да ги направи универзално достапни во согласност со принципите на правдата.

> „Градењето на демократијата не значи само градење слободна јавна сфера. Се работи и за израмнување на полето за играње.“

За разлика од хиперлибералните земји, социјалната држава нуди постојана инфраструктура за јавно здравство финансирана од данок. Покрај тоа, разни шеми за социјално осигурување и регулаторна контрола обезбедуваат достапна нега, лекови со средна цена и јавни болници. Денес, важноста на овие шеми е трагично докажана. Справувањето со здравствената нееднаквост е мерка за легитимноста на здравствениот систем, па дури и за нејзината ефикасност: големите нееднаквости меѓу поединци и групи ги зголемуваат ризиците и за здравствените и за политичките системи.

Колективистичката структура на некои јавни здравствени системи не го исклучува целосно пазарниот механизам од здравствениот сектор. Пазарот има одредени предности: тој ги промовира иновациите и продуктивноста, истовремено

6 Amartya Sen (1982). *Poverty and Famines. An Essay on Entitlement and Deprivation*. Oxford: Clarendon Press.

7 Ivan Illich (1981). *Némésis médicale*. Paris: Seuil. “Iatrogenesis” refers to the adverse effects of the over-medicalisation of life in industrial societies. In its pursuit of eradicating death, pain, and sickness, modern medicine turns people into consumers or objects, destroying their capacity for health.

овозможувајќи и борба против изнајмувањето. Оттука, мора да се воспостави институционална мешавина на државен пазар, како што беше случај во сите западноевропски земји по 1945 година. Секако, рецептот за овој институционален компромис мора постојано да се трансформира и да се прилагоди на новите ограничувања на економијата. Но, од суштинско значење е рамнотежата меѓу колективната и приватната сопственост на средствата за производство. Како и за друго, и кога станува збор за здравјето, се препорачува одредена доза на социјализам.

## ЗАЖИВЕЈТЕ ЈА СОЦИЈАЛНАТА ДРЖАВА

Суверен, демократски, интервенционистички и редистрибутивен: само наследникот на социјалната држава во 20 век може да обезбеди демократска отпорност на нашите општества во 21 век. По две децении критики и напади, многу гласови му даваат нов живот среде кризата со коронавирусот.

Сепак, ништо не е едноставно. Денешната социјална држава е во смртна опасност, поткопана од четири структурни предизвици. Првиот е финансиски: долг и штедење. Даночната основа мора да биде целосно редефинирана (на пример, преку данокот на Тобин за финансиски трансакции, дигиталниот данок или данокот на богатство). Второ, мора да се преиспита односот меѓу социјалната држава и економскиот раст. Растот не е цел сама по себе, туку средство. Ако отпорноста на нашите општества (еколошка, финансиска, здравствена, социјална) е цел на сите, тогаш растот мора да допре до одредени сектори. Во секој случај, папочната врвца меѓу социјалната држава и продуктивноста заслужува да биде пресечена. Трето, интеграцијата на социјалната држава во транснационални канали ќе ѝ овозможи да се соочи со долгорочни меѓузависности, кои се протегаат (далеку) вон нејзината територија. Конечно, социјалната држава мора да ја намали својата бирократија. Хиерархиските, стандардизирани и чисто менаџерски односи го поткопуваат нејзиниот легитимитет во очите на јавноста за која тврди дека ѝ служи.

„[...]социјалната држава е стратешка институција за 21 век.“

Кризата со коронавирусот нѐ потсетува на итноста од соочување со овие предизвици. Таа ја принудува Европа да ја оживее социјалната држава. Без нов консензус во нејзина корист, кризите ќе се продлабочуваат, а пресвртите ќе стануваат сѐ понагласени. Ако се случи тоа, тогаш и во Европа, ќе биде ослободен патот за двата државни модели кои веќе ја разоруваат планетата.



**ЖАН ДЕ МУНК**
е професор на Католичкиот универзитет во Лувен, Белгија. Филозоф и социолог, неговата работа ја испитува трансформацијата на нормите во современите општества.

# КОРЕНИ ВО ПРИРОДАТА

## ПАТОГЕНОТ И ПОЛИТИКАТА НА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

НАПИС ОД
**КЛЕР ТЕЈЛОР**

Пандемиите и повторното појавување на болести се водат од лошото управување со природата и дивиот свет. Сепак, биодиверзитетот не е целосно пробиен на политичката агенда.

Пандемијата ги донесе дома последиците од загубата на биодиверзитетот по здравјето и благосостојбата на луѓето. Но, за разлика од климатските промени, кои го структурираат начинот на кој размислуваме за иднината на нашите општества, економии и геополитика, биодиверзитетот сè уште не е целосно пробиен на политичката агенда. И покрај воспоставените рамки на Европската унија и Обединетите нации за биодиверзитет, сфаќањето дека спречувањето на загубата на видовите е од клучно значење за здравјето и просперитетот останува поткопано од неможноста правилно да се води сметка за природата во прехранбените системи и во многу други области.

Ефектот на деградација на животната средина врз здравјето на луѓето одамна е препознаен. Зголемувањето на стапката на астма предизвикано од загадување на воздухот до токсични загадувачи на рибите и фрагментации на живеалиштата што поттикнуваат повторно заживување на Лајмската болест, односот меѓу човечката цивилизација и природниот свет, се основа на многу современи здравствени ризици. Со децении, научниците ја препознаваа врската меѓу потеклото на зоонозата (животинско заболување што може да се пренесе на луѓето) и лошото управување со природата и дивиот свет.

„Кризите создаваат можности“, рече генералниот директор на УНЕСКО Одри Азулеј на Самитот на Обединетите нации за биодиверзитет во септември 2020 година. „Шансата да го смениме начинот на кој го гледаме својот однос со природата, едни со други и со Земјата […] Нема иднина за “бизнисот пред се”. Ни треба „ново нормално“ за биодиверзитетот “. Над 150 светски лидери се состанаа на самитот преку Интернет за да разговараат за „итна акција“ пред 15-тата конференција на ОН за биодиверзитет

на страните (COP15) што треба да се одржи во Кунминг, Кина, во 2021 година. Иако биодиверзитетот сѐ уште не го постигна новото како одговор на она што го донесе Парискиот договор, загубата на видовите сѐ повеќе се препознава како глобален предизвик исто толку значаен, како и во голема мерка поврзан со климатскиот колапс.

Сега е признато дека влажниот пазар во Вухан веројатно бил преуранет настан на „супер преносител", а не потекло на вирусот. Како и да е, „наративот за панголинот" се поврза со заштитниците на природата и предизвика зголемен интерес на медиумите за трговијата со дивиот свет како жариште за пренесување на патогени микроорганизми. Сепак, според зоологот Питер Дазак, претседател на невладината организација „EcoHealth Alliance" (Алијанса за еколошко здравје) со седиште во Њујорк, трговијата со диви животни е само еден дел од поголема загатка што вклучува лов, добиток, употреба на земјиште и екологија.[1]

„Обесшумувањето е главен фактор во зголемувањето на пренесувањето на зоонозни болести."

Неодамнешното истражување објавено во научното списание „*Природа*" (Нејчр - Nature) покажува како загубата на биодиверзитетот обично резултира со тоа неколку видови да заменуваат многу видови.[2] Оние што имаат тенденција да преживеат и да напредуваат - стаорци и лилјаци, на пример, имаат поголема веројатност да бидат носители на потенцијално опасни патогени микроорганизми што можат да се пренесат на луѓето.

Обесшумувањето е главен фактор во зголемувањето на пренесувањето на зоонозни болести. Според трудот објавен во „*Science*" (Сајанс - Наука), рабовите на тропските шуми се главни лансирни рампи за нови човечки вируси.[3] Бидејќи изградбата на патишта и расчистувањето на шумите за производство на дрва и земјоделство ја зголемуваат должината на рабовите на шумите, зголемените интеракции меѓу дивите животни, добитокот и луѓето го зголемуваат ризикот од пренесување на болести. Тука може да се утврдат точките на пресврт: контактот меѓу луѓето или добитокот и дивиот свет е поверојатен кога ќе се изгубат над 25 проценти од првичната шумска покривка.

Индустриското производство на месо е можеби најголемиот дел од сликата. ИДДРИ, водечки француски тинк-тенк за одржлив развој, ја идентификува земјоделско-прехранбената индустрија како особено моќен двигател во загубата на биодиверзитетот и генерирањето зоонози. Во едно интервју, експертот за екологија и меѓународни работи, Александар Ранковиќ објаснува: „Многу нови заразни болести и пандемии во последните 50 години (особено неодамнешните пандемии на грип) потекнуваат од домашни животни - фарми за живина и свињи. Во други, домашните животни биле барем еден дел од синџирот на пренесување нови вируси од диви видови на луѓе".

1 Jeff Tollefson (2020). "Why deforestation and extinctions make pandemics more likely". *Nature*. 7 August 2020. 584, pp. 175-176.

2 Rory Gibb et al. (2020). "Zoonotic host diversity increases in human-dominated ecosystems". *Nature*. 5 August 2020. 584, pp. 398-402.

3 Andrew Dobson et al. (2020). "Ecology and economics for pandemic prevention". *Science*. 24 July 2020. Vol. 369, Issue 6502, pp. 379-381.

Интензивирањето на производството на месо и последователното зголемување на концентрацијата на животните го прават добитокот, како што е нагласено во „*Science*“ (Сајанс - Наука), „критични резервоари и врски во појавата на болести“.[4] Птичјиот грип се пренесуваше од диви птици на живина и на луѓе, додека свинскиот грип се пробиваше од диви птици до луѓе преку стада свињи. Многу епидемии поврзани со добиток, како што е вирусот Нипах во Јужна Азија, го достигнаа врвот на појава на пандемија во 21 век.

„Луѓето почнуваат да ги забележуваат сметките на природата: шумски пожари што горат коали, губење на опрашувачи, пластика во океаните [...]“

Врската меѓу здравјето на луѓето и биодиверзитетот е двојна: прво, обесшумувањето и пропаѓањето на видовите го зголемуваат ризикот од зоонозни пандемии; второ, заканите по здравјето на луѓето, како што се пандемии и отпорност на антибиотици, се водени од фактори кои се вкрстуваат со двигателите на губење на биодиверзитетот.

Низ целиот свет, оваа врска меѓу здравјето и биодиверзитетот, како и пошироко животната средина, сè повеќе се политизира. Хумберто Делгадо Роса е директор во одделот за животна средина на Европската комисија. Тој нагласува како интензивниот фокус на социјалните и економските влијанија на пандемијата се протега на заштитата на животната средина. „Тоа нема да значи ставање на биодиверзитетот или еколошките проблеми на една страна“, објаснува тој. „Луѓето почнуваат да ги забележуваат сметките на природата: шумски пожари што горат коали, губење на опрашувачи, пластика во океаните - јавната поддршка за заштита на природата расте“.

## КОНЕЧНО ПРИОРИТЕТ?

Обновувањето на природата е на дневен ред во Европа веќе 30 години. Екологистот Бен Делбаере ја започна својата кариера во 90-тите години на минатиот век, „ерата кога биодиверзитетот првпат влезе во радарот на јавната политика“. Директивата за живеалишта - еден од клучните закони за заштита на природата во Европа - беше усвоена во 1992 година, проследено со придржување на Европа кон Конвенцијата за биолошка разновидност во 1993 година. На крајот на векот, Милениумската проценка на екосистеми и други студии цврсто ги поврзаа зачувувањето на биодиверзитетот и природата со сектори како што се земјоделството, шумарството и развојот на инфраструктурата преку концептот на „екосистемски услуги“ што ги препозна бројните корисни ефекти на здравите екосистеми врз другите области од нашите животи. И покрај тоа, посочува Делбаере, кога изби економската криза во 2008 година, „биодиверзитетот падна од дневниот ред“, а во прв план дојдоа работните места и економското закрепнување. Во поново време, се врати политичкото внимание на природата и биодиверзитетот, поттикнато од климатската агенда и Европскиот зелен договор.

„2020 година е клучна година за политиката на ЕУ за биодиверзитет“, објаснува Делбаере.

4 Ibid.

**ИАКО ПОЛИТИКАТА ЗА БИОДИВЕРЗИТЕТ МОЖЕБИ ДОБИВА ПОЛИТИЧКА ТЕЖИНА, ВИСТИНСКОТО ИНТЕГРИРАЊЕ НА ПРИРОДАТА, ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО И ЕКОНОМИЈАТА ОСТАНУВА ПРЕДИЗВИК**

Објавен во октомври, шестгодишниот извештај на Европската агенција за животна средина *Состојба на природата во ЕУ* откри дека биодиверзитетот во Европа се соочува со „влошување на трендовите од промените во користењето на земјиштето и морето, прекумерната експлоатација и неодржливите практики на управување“ и дека целите на ЕУ за 2020 година се пропуштени.[5] Во мај беше најавена нова стратегија за периодот до 2030 година.

Делбаере раководи тим кој испитува до кој степен европското финансирање за зачувување на природата (преку програмата LIFE, клучен инструмент за финансирање на животната средина во Европа) придонесе за подобрен статус на зачувување на видовите и живеалиштата заштитени со европското законодавство. Тимот на Делбаере откри дека напорите за зачувување беа успешни во сите групи на живеалишта и кај сите видови - но најмногу на локално и регионално ниво.[6] „Инвестицијата се исплати“, вели Делбаере, „но проектите сѐ уште се премногу локализирани за да имаат големо влијание“. Акциите спроведени во рамките на програмата LIFE успеаја само да ја забават загубата на биодиверзитетот наместо да ја запрат или поправат.

Делгадо Роса го повторува ова тврдење: „Акцијата на ЕУ не беше доволно широка, ниту доволно интегрирана со секторите што е причина за губење на биодиверзитетот и за да се спротистават на тоа“. Сепак, тој посочува дека овие недостатоци постепено се надминуваат.

Дел од Зелениот договор на ЕУ, новата стратегија за биодиверзитет за 2030 година има цел проширување на законски заштитените области во Европа на најмалку 30 проценти од копно и 30 проценти од море (со најмалку 10 проценти од овие области под строга заштита) и создавање еколошки коридори како дел од транс-европска мрежа за природа. Законски обврзувачки цели за обновување на природата се очекуваат во 2021 година, а 20 милијарди евра годишно за биодиверзитет ќе се добијат преку фондовите на ЕУ, како и од национални и приватни извори. Делгадо Роса е оптимист за можноста Европа да заземе водечка улога во глобалните разговори за биодиверзитетот на COP15 во 2021 година. „Европското лидерство се случува де факто.

5 European Environment Agency (2020). *State of nature in the EU*. Luxembourg: Publications Office of the European Union. Available at <bit.ly/2JfYp9F>.

6 European Commission Environment Directorate-General (2020). *Bringing nature back though LIFE*. Luxembourg: Publications Office of the European Union. Available at <bit.ly/31OEVPZ>.

НАЈДОБРОТО НЕШТО ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА ГО СТОРИМЕ ЗА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ Е ДА СЕ ЗАЛОЖИМЕ ЗА ДЛАБОКА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА НАШИТЕ СИСТЕМИ ЗА ХРАНА.

Европската стратегија за биодиверзитет за 2030 година е најамбициозната што светот ја видел досега “.

Но, иако политиката за биодиверзитет можеби добива политичка тежина, вистинското интегрирање на природата, здравјето на луѓето и економијата останува предизвик.

## ЕДНО СО ПРИРОДАТА

За да запре слободниот пад на биодиверзитетот, секретаријатот на Конвенцијата за биолошка разновидност, глобален договор потпишан во 1993 година, тврди дека голем дел од човековата активност треба драматично да се трансформира.[7] Неговите осум преодни области вклучуваат системи за храна, климатско дејствување, риболов и шуми, како и „Едно здравје“(One Health), интегриран пристап кон здравјето на луѓето и управувањето со животната средина.

Политичко-економските системи и меѓународните институции низ целиот свет досега не успеаја соодветно да ги интегрираат: здравјето на луѓето, животните и животната средина, за да го спречат прелевањето и ширењето на заразните болести. Истражувањето на ИДДРИ нагласува како пандемијата ги откри „тековните тешкотии на институционалните, здравствените и економските системи во учењето лекции од повторени заразни итни случаи, во смисла на превентивни активности, глобален надзор и зајакнување на отпорноста“.[8] Според нивниот извештај, единствениот пристап што „ги здружува меѓународните агенции со одреден капацитет за интервенција“ е „Едно здравје“. Официјално усвоен од меѓународни организации и научни тела во 1984 година, пристапот „Едно здравје“ има цел да ги реши глобалните здравствени предизвици преку координирана акција за здравјето на луѓето, животните и животната средина.

Во 2018 година, Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО), Светската здравствена организација (СЗО) и Светската

7 Secretariat of the Convention on Biological Diversity (2020). *Global Biodiversity Outlook 5*. Montreal.

8 Serge Morand, Jean-François Guégan, Yann Laurans (2020). “From One Health to Ecohealth, mapping the incomplete integration of human, animal and environmental health”. *IDDRI Issue Brief*, N° 04/20. Available at <bit.ly/3oy82AE>.

организација за здравје на животните (ОИЕ) се согласија да го користат пристапот „Едно здравје" за справување со антимикробната резистенција. Сепак, оваа соработка остана „принцип на соработка меѓу специјализирани агенции" без акција, финансирање или специфични стандарди.[9] Така, иако пристапот може да биде најразвиената рамка од ваков вид, неговите принципи сè уште не станаа практика.

Ранковиќ смета дека врската меѓу животната средина и здравјето претставува „длабок проблем" за меѓународните институции. Во врска со „Едно здравје", тој посочува дека не е вклучена Програмата за животна средина на ОН (УНЕП), со што животната средина се остава на страна. Во тек е истрага на СЗО во врска со појавата и управувањето со кризата со Ковид-19, но, повторно, додава Ранковиќ, „УНЕП е маргинализиран во оваа истрага". Само кога еколошката компонента е на исто ниво со храната и здравјето на начинот на кој се врамени здравствените ризици, тогаш пристапите како „Едно здравје" ќе одговараат на соодветните прашања, заклучува тој.

## ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ХРАНА

Интензивното земјоделство е широко препознаено како најголем двигател на загубата на биодиверзитетот. Затоа, трансформацијата на земјоделско-прехранбениот систем е од клучно значење, ако не и доволна, за да се спречи губењето на видовите и да се обезбеди поздрава животна средина. Сепак, како што се гледа со „Едно здравје", преминот од препознавање на оваа врска спрема реализирањето на вистинските промени за тоа како луѓето произведуваат храна од природата, не е едноставен.

Европа во голема мера останува посветена на нереформираната Заедничка земјоделска политика (ЗЗП), што претставува околу една третина од буџетот на ЕУ. Со децении, ЗЗП беше критикувана за перверзните стимулации и лошото влијание врз животната средина. Клучен елемент на Зелениот договор, стратегијата „Од фарма до вилушка" на ЕУ поставува цели за трансформација на европскиот систем на храна, вклучително и намалување од 50% на употребата и ризикот од пестициди, намалување од најмалку 20% на употребата на ѓубрива, намалување од 50% на продажбата на антимикробни средства што се користат за одгледување животни и аквакултура, и претворање на 25% од земјоделското земјиште во органско земјоделство. Но, многу работи зависат од тоа како земјите-членки избираат да ја спроведат заедничката земјоделска политика на национално ниво. Се чини дека Европа веројатно во блиска иднина нема да ја прекине врската меѓу производството на храна и загубата на видовите.

Ранковиќ тврди дека е потребно радикално преиспитување на земјоделската политика, „Пораката е јасна. Најдоброто нешто што би можеле да го сториме за биодиверзитетот е да се заложиме за длабока трансформација на нашите системи за храна". Предизвиците се многубројни. „Да стануваше збор само за промена на културата, задачата ќе беше многу полесна", вели

9 Ibid.

Ранковиќ. „Многу средства за егзистенција зависат од работните места во земјоделско-прехранбената индустрија“.

## ВРЕМЕ ЗА ГЛОБАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

Европската унија би сакала да се позиционира како глобален лидер во заштитата на биодиверзитетот. Кина, земјата домаќин на COP15 во 2021 година, исто така, предлага амбициозни планови. „Нашите решенија се во природа“, вели претседателот, Си Џинпинг во своето воведно обраќање на самитот на ОН. Како домаќин на самитот, Кина ја истакнува својата улога во управувањето со животната средина.

Несомнено, потребни се нови стратегии за управување со биолошката разновидност: во текот на изминатата деценија, ниту една од глобалните цели за биодиверзитет не е исполнета, ниту пак оние поставени на европско ниво. Во октомври 2020 година, Ханс Брујнинк, директор на Европската агенција за животна средина, ги спомена климатските промени и загубата на биодиверзитетот како неразделни прашања: „Научното разбирање е јасно: ако сакаме силни климатски решенија засновани врз природата, тогаш треба да имаме силна природа. ” Иако за нето-нула емисии ќе треба максимално да се искористи природниот циклус на јаглерод, а политиките за климата и биодиверзитетот подолго време се различни агенди. Како што забележува Брујнинк, „ова се често два одделни света“.

За разлика од управувањето со климата, меѓународното управување со биодиверзитетот досега не успеа да создаде доволно политичка волја и општествена итност околу сериозните ризици поврзани со глобалното губење на биодиверзитетот. Сега, кога пандемијата ги донесе последиците од тие ризици, може ли глобалното управување со биодиверзитетот да забележи „париски момент“ на меѓународен консензус и залагање за обновување на природата, при што природата да не се сфати како естетика, туку како основа на човековото здравје и ефективна климатска акција?

На самитот на ОН, претседателот Си ги повика глобалните лидери „да го поддржат мултилатерализмот и да градат синергија за глобалното управување со животната средина“, наведувајќи дека „соработката е вистинскиот пат за напред“. Но, националните интереси избија во прв план како одговор на Ковид-19 и недостасуваат дела на меѓународна солидарност. Дали сè поголемите докази - и последици по здравјето на луѓето - за падот на биодиверзитетот ќе бидат доволна мотивација за меѓународната заедница да соработува, наместо да се натпреварува, останува отворено прашање.



**КЛЕР ТЕЈЛОР**
е модераторка и новинарка специјализирана за одржлива енергија и животна средина.



# ТРОШОЦИТЕ ЗА НЕГА
## ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ ВО КРИЗНИ ВРЕМИЊА

ИНТЕРВЈУ СО
**МЕРИ МЕЛОР**
ОД **АНАБЕЛ ДОСОН**

Товарот на основната работа тешко падна врз рамениците на жените за време на пандемијата, дури и кога економијата продолжува да ги потценува.

Од негување на болните до одржување на продавници за храна, кризата со коронавирусот го сврте вниманието на работата што е неопходна за опстанокот на општествата. Нејзиниот товар тешко падна врз рамениците на жените. Економистката и екофеминистка, Мери Мелор објаснува зошто економијата ги остава настрана одредена работа и работници, укажувајќи на можностите за нов вредносен систем. Во напорите за економии водени од принципите на правда и одржливост, помирувањето на работата со животот ќе биде од суштинско значење

**АНАБЕЛ ДОСОН: Здравствената криза на прашањето за работата во нашите општества му даде огромна видливост. Каква беше улогата на жените во пандемијата?**

**МЕРИ МЕЛОР:** Животот за жените стана многу покомплициран од почетокот на кризата. Жените се добро застапени во основната работа и работата во домот исто така драматично се промени. Не станува збор само за грижа, туку и за избегнување на инфекцијата и образование дома. Можноста за интеракција со пријателките - на училишните порти, паркот, детските простории за играње - е намалена, додека грижите за приходите или тесниот простор се поголеми од кога било. Менталното здравје и семејното насилство се најголеми проблеми. Речиси со сите проблеми со кои може да се соочи жената, таа се соочува сега.

Се сведува на два вида патријархат. Еден е патријархатот во домот. Дали мажите го менуваат своето однесување и ако е така, дали ќе ја одржат таа промена по завршувањето на оваа криза? И, тука е патријархатот на пошироката економија. Дали тоа дава простор за грижа? Ако економијата е патријархално организирана и претпоставува дека улогата на жените е да се ангажираат секогаш кога има криза во семејството, тогаш мажите не можат да помогнат дури и ако сакаат бидејќи тие не го добиваат истото разбирање од работодавачите.

Во идеален случај, би виделе „ново нормално“ што одржува почит кон основните работни места во човечкиот животен циклус - грижа за старите, младите и болните, и образование. Луѓето зборуваат за универзални основни услуги. Грижата и образованието треба да се гледаат како универзални основи на економијата - фундаменталните, најважните делови. Затоа, тие треба да бидат соодветно наградени. Иако варира меѓу општествата, родовиот јаз во платите е сè уште голем. Делумно, тоа е затоа што голем дел од работата што ја вршат претежно жените, како негата, е неплатена или пониско платена. Ако тие видови работни места беа подобро платени и ценети, ќе ги извршуваа претежно мажи.

**Забележавте дека работата на жените е работа на телото. Дали ова набљудување е релевантно во контекст на Ковид-19?**

На работата на телото гледам како на одговорност за човечкото постоење како тело во природата. Работата на телото не ја вршат само жени - може да ја вршат мажи, може да ја вршат и деца. Историски гледано, тоа го правеле робови. Сепак, има тенденција да се потпира на жените и на нивното чувство за должност, правичност, љубов, посветеност и сочувство, бидејќи никој друг не презема одговорност за тоа - нешто што јас го нарекувам „наметнат алтруизам“. Работата на телото не е само вршење работа за нега, таа е одговорност за тоа, времето што е потребно и ограничувањата што ги става врз животот на жените - да се биде „достапен“. Не можете да го испланирате тоа. Знаете дека луѓето ќе остарат или дека децата треба да се воспитуваат. Но, кога станува збор за ментално и физичко распаѓање, тоа може да се случи во секое време.

„Работата на жените и природниот свет се воедначени според тоа како е структурирана нашата економија.“

Ние сме суштества во тело, а нашето тело е во околината. Економијата го маргинализира животот на телото. Ја развив идејата за „Економски човек“ (кој би можел да биде од женски пол) да се осврне на тоа како економијата е издлабена од човечкото постоење во природата. Луѓето кои работат во економијата мора да ја игнорираат работата на телото, неочекуваниот и дневен циклус на телесната рутина. Се разбира, не е дека тие немаат тела; тие сè уште треба да го проживеат својот 24-часовен циклус и животниот циклус од раѓање до смрт. Тие можат да го маргинализираат своето олицетворение, но не можат да се ослободат од него. Економскиот човек мора да се преправа дека не е болен, дека немаа одговорност, дека не мора да работи близу до домот за да може да ги собере децата од училиште.

**Значи, работата на телото има тенденција да биде „основната работа“: нега, настава и грижа што ги задоволуваат човечките потреби на телото?**

Исто така, собирањето смет, снабдувањето со чиста вода, транспортот… многу работа на телото е поврзана со мажи, како и со жени. Треба да внимаваме да не ја делиме премногу родово работата на телото. Големото прашање е: дали ќе продолжиме и натаму да ги препознаваме овие работни места како основни? Дали ќе ги наградиме канализационите работници и преработувачите на храна? Сигурно можеме без финансискиот сектор, без суперјахти за милијардерите и нови џипови. Потребна ни е економија што ги

надминува приоритетите на она што го плаќаме или не го плаќаме, во случај на неплатен труд.

**Зошто генерално се смета дека женските лидери како Џасинда Ардерн, Никола Старџен и Ангела Меркел биле поефикасни лидери во текот на целата криза?**

Ова секако е родово. Не велам дека нема компетентни машки лидери, но овие жени беа извонредни. Сите тие имаат различна политика - Меркел е од десницата, Шкотската национална партија на Старџен е од левицата, Џасинда Ардерн е лабурист - па ми се чини дека она што тие го делат е недостаток на политичко его. Не можете да замислите дека овие жени се однесуваат на истите начини како нарцисоидните политичари како Борис Џонсон и Доналд Трамп. Во континуитетот колку е целисходно, рационално и недраматично нивното однесување, тие три жени и Џонсон и Трамп се во спротивни крајности. Тоа е сила без его, и навистина им се восхитувам на сите.

**Интензивно сте работеле во финансиски систем и со пари. Како го поврзувате овој фокус со вашата работа на екофеминизам и репродуктивен труд?**

Мојата работа со пари произлезе од мојата работа на екофеминизам. Се заинтересирав за екофеминизам кога тој започна да расте како движење во средината на 70-тите години на минатиот век, а за него започнав детално да пишувам во 90-тите години на минатиот век. Мојата оригинална рамка беше марксистичката теорија, во многу лабава смисла - општа теорија за нееднаквостите, класате и економските структури.

Почнав да ја разгледувам разликата помеѓу домашната работа и економијата каква што ја доживуваме, и местото на жените во оваа дистинкција: нивниот нееднаков третман од економијата, со нивната работа неплатена или недоволно платена. Сметав дека ова се сведува на работата на телото - дека формалната економија со која доминираат мажите се одвојува од импликациите на човечко тело во природата правејќи ги жените одговорни, со наметнатиот алтруизам, за таа работа на созревање, умирање, болест и здравје.

Почнав да размислувам: „Која е тука границата?“ „Како се надгледува?“ Ми се причини дека парите се граница. Работата на жените и природниот свет се вообличени според структурата на нашата економија. Почнав да прашувам: „Што се парите?“ Како многу работи што се непотребни или тривијални добиваат вредност, а работите што ни требаат не? Ова ме наведе на прашањето што се всушност парите, кој ги контролира, кој ги поседува и како функционираат.

**Дали парите можат да бидат лост за промена во транзицијата кон поодржливи и поправедни економии?**

Ако разбереме што се парите, како функционираат, нивната историја и нивната општествена и политичка природа, можеме да го сфатиме нивниот радикален потенцијал. Сега, доминантниот модел на неолиберализам има речиси тотална контрола и повеќето луѓе мислат дека економијата е непроменлива, дека не можете да промените ништо. Но, опсегот на работа за преиспитување на парите не е само академско теоретизирање, туку гради рамка доволно моќна да скрши статус

кво. Фридрих Хајек ја започна својата работа на неолиберализмот во 1930-тите, 40-тите и 1950-тите. Потребни беа 30 години за неговите идеи да се спојат во она што стана најславниот период на неолиберализмот од 1980-тите години наваму. Размислувањето околу радикалните алтернативи расте од 2000-тите и, за 20 до 30 години, тоа може да биде новиот здрав разум.

*МОМЕНТИТЕ НА КРИЗА ГИ РАЗОТКРИВААТ ОГРАНИЧУВАЊАТА И ПОТЕНЦИЈАЛНИОТ НЕУСПЕХ НА ПАЗАРНИОТ СИСТЕМ.*

**Обемот на интервенција во кризни моменти ја поткопува идејата дека владините активности се финансиски ограничени. Дали таму постојат можности?**

Тоа е можниот пробив: моментите на криза ги разоткриваат ограничувањата и потенцијалниот неуспех на пазарниот систем. Во 2007 до 2008 година, тоа беше финансискиот систем. Во 2019 до 2020 година, беше здравствената криза што доведе до економска криза. Значајно е тоа што здравјето досега ја надвладеа економијата. Големите тврдења за неолиберализмот - митот дека недостигаат пари, дека само пазарот создава богатство и дека државата не создава пари (или ако би можела, не би требало) - беа исфрлени од водата. Државата ги спаси финансиските пазари уште во 2007 до 2008 година, и повторно доаѓа со купишта пари. Претпоставката дека државата мора да ги покрие своите трошоци со оданочување, па дури и тогаш дека даночниот обврзник е единствено производ на приватниот сектор, е многу убедлива. Сепак, јавниот сектор придонесува за бруто домашниот производ (БДП), и неговите вработени исто така плаќаат даноци. Ние немаме претстава за јавната економија, туку само за пазарната економија. Самиот концепт на долг е негирање дека постои јавна економија и дека парите се јавни. Јавноста има суверено право да создава и да става пари во промет. Ако владата се позајми од финансискиот сектор, тоа е задолжување. Но, ако владата се позајми од Централната банка, државата ефективно се задолжува.

**Кои наративи можат да ги оспорат претпоставките околу долгот? По 2008 година, политиката на долг беше искористена за оправдување на штедењето. Во иднина, ова, исто така, е голема закана.**

Извор на надеж е дека Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), кој погрешно се залагаше за штедење по 2008 година, сега има многу поинаков

*АКО РАЗБЕРЕМЕ ШТО СЕ ПАРИТЕ, КАКО ФУНКЦИОНИРААТ, НИВНАТА ИСТОРИЈА И НИВНАТА ОПШТЕСТВЕНА И ПОЛИТИЧКА ПРИРОДА, МОЖЕМЕ ДА ГО СФАТИМЕ НИВНИОТ РАДИКАЛЕН ПОТЕНЦИЈАЛ.*

тон. Со своето влијание врз глобалната монетарна политика, ММФ сега - сосема со право - ги повикува државите да не го запираат нивното масовно вбризгување нови пари преку квантитативно олеснување и директна поддршка на приватниот сектор. Јавниот сектор сè уште функционира, но приватниот сектор се спасува со неограничени средства.

Нема природно ограничување за финансирање или пари во економијата. Во моментот, парите што беа во пазарната економија исчезнаа со невработеноста и намалената побарувачка. Тоа е како фудбалски натпревар каде што топката е исфрлена од игра. Играчите сè уште се таму, но додека не се врати топката, тие не можат да играат. Парите излегоа од игра и нема да се вратат, освен ако некој не ги врати назад. Единствениот извор на пари што е доволно силен да го стори тоа е - државата. Протокот на пари треба да запре само кога економијата ќе почне да се „прегрева“ - да се подува. Но, нашите економии беа „рамни“ многу долго време. Контекстот за монетарната политика е целосно променет од 1970-тите.

**Значи, постои надеж дека нема да видиме враќање на политиката на штедење?**

Ах, апсолутно. Идеите за пари кои првично беа маргинализирани стануваат актуелни. Една од појдовните точки на движењата на монетарната реформа беше сознанието дека банките создадоа пари од свеж воздух. Пред тоа, се претпоставуваше дека банките земаат заштеди и ги позајмуваат на должници. Но, секогаш имало многу повеќе заеми отколку што имало депозити, па стана јасно дека банките создаваат пари. Какви пари создаваа? Јавни пари: фунти, евра, долари. Паричната маса започна да зависи од банкарските заеми, а кога заемите беа запленети во 2008 година, паричната маса драматично се намали. Кризата што следеше принуди на еден вид признание, дури и кај централните банки и ММФ, дека неконтролираното приватно создавање пари е неодржливо.

„Потребна ни е економија што ги урива приоритетите на она што го плаќаме или не го плаќаме [...]“

Институционалните структури на парите почнуваат да го разбираат аргументот што го даваат радикални теоретичари на пари како мене и тие

го менуваат својот став. Улогата на јавноста во создавањето и циркулацијата на парите се смета за дел од процесот за функционирање на парите. Треба да започнеме да поставуваме прашања од типот „Колку е можно директно финансирање од државата?“ и „Како треба да се регулираат банкарските заеми?“ Може да се отворат многу дискусии што ни овозможуваат да се отцепиме од пазарните концепти за профит и раст. Јавната економија работи на различни принципи: станува збор за потреби, услуги и циркулација на пари за поддршка на оваа размена: „Јас ќе ве негувам, вие го учите моето дете“. Тоа не е пазарна структура, тоа е јавна структура.

Во Финска, повеќе од половина од БДП е во јавниот сектор. Тоа е јавна, а не приватна економија. Економијата на САД, од друга страна, е околу една третина од јавноста. Балансирање на јавната и приватната економија е местото каде што влегуваат парите. Тоа е распределба по пат на банкарско кредитирање, а државните трошоци треба да бидат во центарот на дебатата.

**Во нивната улога на негуватели, жените честопати се наоѓаат на острiот крај на намалувањето на јавните трошоци. Слична родова динамика може да се види во влијанијата на промената и деградацијата на животната средина. Како би ја опишале врската меѓу феминистичките и климатските движења?**

Имам грижи за ова. Екофеминизмот се појави во 1970-тите во исто време со екологизмот и вториот бран на феминистичкото движење. Не мислам дека феминистичкото движење има вметнато зелено размислување во своето срце, и мислам дека ни зеленото движење не го зеде феминизмот во своето срце. Двете се поврзани со екофеминисти, но тие не се ниту исклучиво феминисти ниту исклучиво зелени - тие се екофеминисти. Мојата грижа е дека климатската дебата нема да успее да го интегрира феминистичкото размислување. Мислам дека ќе биде во најголем дел доминирана од мажите и ќе се фокусира на технички аргументи. Идејата за поделба меѓу работата на телото и работата на економијата, како што е моментално структурирана, веројатно нема да биде разбиена. Зелениот нов договор веројатно ќе бидат сите технолошки решенија - кои ќе добијат јавно финансирање, но веројатно нема да има јавно финансирање за нега и работа во заедницата. Овој вид на работа најверојатно нема да биде препознаен во парична смисла.

**Зелениот нов договор за Европа бара приход за нега за луѓето кои се грижат за другите и за планетата. Што мислите за ваквиот предлог?**

Уште во 1970-тите години имаше кампања за плати за домашни работи. Некои феминисти беа против идејата, тврдејќи дека таа ги заробува жените во родова работа, во работа на телото. Тоа е фер аргумент кога станува збор за приходот од нега, што би било трансферен надомест од економијата на жените или природата за работата што ја работат. Она што Зелениот нов договор треба да го направи е да ги интегрира работата и животот, земајќи ги предвид и еколошкото време (времето потребно за обновување на природата) и биолошкото време (животен циклус на телото од раѓање до смрт). Ако Зелениот нов договор не

ги интегрира работата и животот на овој многу комплетен начин, мислам дека нема да го надмине прашањето за нега.

Она што го сакаме е економија која им дава приоритет на нашите основни потреби. Јас го нарекувам „обезбедување на доволност“: доволно за секого, но не премногу или премалку. Обезбедувањето вклучува неплатена работа, дружељубива работа и заедница, а не само активности што создаваат профит. Профитот треба да биде последната пресметка. Кога станува збор за приватна или јавна работа, клучното прашање што треба да се постави е: каква човечка потреба задоволува?



**МЕРИ МЕЛОР**

е професорка емеритус на Универзитетот Нортумбрија, Велика Британија. Таа опширно објавувала за екофеминизмот, социјалната економија, социјалната правда и одржливоста, и за радикалните теории на пари.
Нејзината најнова книга е *Пари: митови, вистини и алтернативи* (2019, политика).



**АНАБЕЛ ДОСОН**

е уреднички асистент во „*Зелен европски журнал*“.

# НАДВОР ОД МЕУРОТ
## СТАРЕЕЊЕ, СОЛИДАРНОСТ И КОВИД-19

НАПИС ОД **КРИСТА МИЛЕР-МЕЦГЕР**

Здравствената криза е шанса за нов генерациски компромис изграден околу поврзаноста, учеството и солидарноста.

Постарите луѓе претрпеа не само здравствени последици од оваа пандемија, туку и изолација со ограничен социјален контакт. Пандемијата изложи многу нерешени предизвици за постарите членови на општеството - социјална заштита, дигитален јаз, осаменост - но за демографското стареење и натаму критички недоволно се дискутира. За Криста Милер-Мецгер, Ковид-19 е шанса за нов генерациски компромис изграден околу поврзаноста, учеството и солидарноста.

Алфонс е од Гера, Германија и има 84 години. За време на затворањето поради коронавирусот, тој не се гледаше со својата сопруга со недели. Таа живее во Дом за стари лица и од еден ден до следниот посетите беа забранети. Бидејќи таа страда од деменција и слабо слуша, тие не можеа да зборуваат на телефон. Пред кризата, секој ден ја посетуваше, ја гушкаше и се грижеше таа да чувствува дека не е сама. За Алфонс, тоа што не ја гледаше сопругата беше вистинска борба.

Со текот на времето, правилата беа опуштени и Алфонс можеше повторно да ја посети својата сопруга. Приказната на Алфонс е приказна што многу стари лица ќе ја препознаат. Во Хамбург половина од луѓето на возраст од 80 години и повеќе живеат сами. За време на најлошите месеци од здравствената криза, многумина едвај се осмелуваа да излезат надвор, дали за да пазаруваат, да одат на лекар или да одат во банка. Освен основните патувања, им беше советувано да останат дома.

Статистички, ризикот од развој на тешки симптоми на Ковид-19 се зголемува со возраста. Но, Ковид-19 не влијае само на старите лица - туку најлошо влијае на оние со одредени претходно постоечки медицински состојби. Исклучувањето на одредени групи од социјалниот живот - „штитење“ - не може да биде одговорот.

Не само што недиференцираните проценки засновани на возраста се премногу поедноставени (возраста не е секогаш синоним за лошо здравје), туку тие не ги земат предвид штетните последици од исклучувањето

на старите лица во нашите општества, што е веќе проблем во најдобрите времиња. Ковид-19 покажа дека треба да се стори уште многу за да станат нашите општества инклузивни за луѓе од сите возрасти.

## ПАНДЕМИЈА НА ОСАМЕНОСТ

Главниот одговор на коронавирусот беше да се минимизираат личните контакти за да се намали ширењето на вирусот. Истражувањето на Универзитетот во Единбург кое опфати 27 земји, откри дека постарите луѓе избегнуваат јавен превоз и многумина веќе не се чувствуваат пријатно да примаат гости од страв од инфекција.[1] Ограничените можности за личен контакт значеа дека луѓето се свртеа кон дигиталните алатки, а за многу постари лица кризата со коронавирусот беше шанса да користат социјални мрежи и месинџер услуги (услуги за испраќање пораки) како никогаш порано.

> „Луѓето кои поминале помалку години во образованието генерално имаат намален пристап до средства за дигитална комуникација, а тоа особено се однесува на постарите лица.“

За жал, дигиталните алатки не функционираат насекаде или за секого. Дигиталниот јаз во Германија расте.[2] Луѓето кои поминале помалку години во образованието генерално имаат намален пристап до средства за дигитална комуникација, а тоа особено се однесува на постарите лица. На луѓето со ниски примања може да им недостигаат хардвер, интернет-врска или потребните вештини. Овој диспаритет (нееднаквост) значи дека некои пропуштаат сѐ посуштински канали за учество во социјалниот живот. Како што општеството старее и станува се повеќе технолошки ориентирано, дигиталното вклучување ќе стане сѐ поизразено прашање. Лесно достапни обуки преку Интернет и бесплатен Интернет за постарите лица може да придонесе за спречување на осаменоста и исклученоста.

Бидејќи мултигенерациските домаќинства стануваат се поретки во Европа, осаменоста расте, особено за постари од 75 години. Осамените луѓе имаат тенденција да бидат помалку здрави, повеќе склони кон деменција и бараат повеќе и порано нега. Сиромаштијата го зголемува ризикот од осаменост затоа што многу социјални активности имаат цена. Истражување за стареењето од 2014 година во Германија покажа дека една петтина од погодените од старосна сиромаштија, исто така, доживеале длабока осаменост.[3] За постарите луѓе, сиромаштијата е често трајна бидејќи тие ги намалиле можностите за подобрување на својата финансиска состојба, особено оние кои долго време биле без работа. Жените се особено ранливи на старосна сиромаштија, бидејќи најверојатно работеле со скратено работно време или слабо платени работи, или го напуштиле работното место за да се грижат за децата или родителите,

1 J. -F. Daoust (2020). “Elderly people and responses to COVID-19 in 27 Countries”. *PLoS ONE*.15(7). Available at <bit.ly/35qlEp1>.

2 German Federal Ministry for Family Affairs, Senior Citizens, Women and Youth (2020). *Older People and Digitisation: Findings and recommendations from the Eighth Government Report on Older People*. Berlin: Federal Government of Germany. Available at <bit.ly/2TlOvoB>.

3 The German Ageing Survey (DEAS) is a nationwide representative survey of the German population aged 40 and older. Available at <www.dza.de/en/research/deas.html>.

што резултирало со пониски пензии. Пензискиот систем треба да ја препознае работата на нега и да гарантира пристоен живот за сите во староста.

**ДОМОТ ЗА СТАРИ ЛИЦА НА ИДНИНАТА ТРЕБА ДА БИДЕ ОТВОРЕН, ОВОЗМОЖУВАЈЌИ ИМ НА ЖИТЕЛИТЕ ДА БИДАТ ДЕЛ ОД ПОШИРОКИТЕ, ПОВЕЌЕГЕНЕРАЦИСКИ ЗАЕДНИЦИ.**

## НОВ МОДЕЛ НА НЕГА

Ширум Европа, домовите за нега беа жаришта на Ковид-19. Во Белгија, жителите на домовите за нега и стари лица претставуваа половина од вкупните смртни случаи (според податоците од август 2020 година).[4] Но, проблемите со сегашниот систем за нега ги надминуваат заразните болести. За многу стари лица, влегувањето во дом за нега во нивниот моментален облик не е пожелна опција.

Големите домови често пати се водат под строги буџетски ограничувања што остава малку простор за внимателна нега. Премногу често, услугата е насочена кон исполнување на основните потреби, но ретко повеќе. Персоналот често пати нема време за нега онака како што е обучен: со цел да ја задржи независноста на луѓето што е можно подолго. Ниските плати и лошите услови во целиот сектор значат дека работниците кои даваат нега се дефицитарни и преработени.

Кризата со коронавирусот треба да се смета за можност да се оддалечиме од моделот на давање нега заснован врз големи домови. Условите за работа во секторот за нега мора да се подобрат, со повисоки плати и потемелна, специјализирана обука што вклучува интеркултурна комуникација. Менталното здравје и независноста треба да се вреднуваат исто како и физичката благосостојба. Домот за стари лица на иднината треба да биде отворен, овозможувајќи им на жителите да бидат дел од пошироките, повеќегенерациски заедници. Треба да се даде приоритет на добрата амбулантска нега и на индивидуалните преференции на жителите.

## РАЦЕ ЗА ПОМОШ

Колку и да беше страшна пандемијата, таа беше извор на поголема кохезија и солидарност меѓу генерациите. На крајот на краиштата, постарите луѓе меѓу најзагрозените од вирусот не се анонимни: тоа се баба и дедо, мама и тато, тетка и чичко. Семејните врски се дел од причината зошто повеќето луѓе со задоволство се придржуваат кон владините ограничувања. Многу помлади луѓе презедоа обврска да купуваат и да извршуваат работи за постари роднини или соседи, добредојдена поддршка што им помогна на многу постари луѓе да се снајдат. Како и да е, способноста за самостоен живот е предност што не треба да се потценува. Постарите луѓе имаат право на информирани одлуки за тоа што е најдобро за нив самите.

Затворањето забележа извонредни акти на солидарност. Соседите се собраа на улиците за на отворено да споделат оброк на социјална дистанца. Германската организација „Начини за излез од осаменост“ (Wege aus der Einsamkeit e.V.) држеше состаноци на Интернет за постари од 65 години со до 80 учесници кои за прв пат

4 M. Apelblat (2020). "Coronavirus: Belgium faces a reckoning for its care home strategy". *The Brussels Times*. 12 August 2020.

експериментираа со видео конференција, учествуваа на часови по фитнес, слушаа предавања или само разговараа. Здружението „Ол Инклусив“ (Oll Inklusiv), кое обично одржува дневни „клупски вечери“ за постари луѓе во Хамбург, организираше бинго со техно музика. Како што темпото на живот се забавуваше, на многу луѓе им требаше повеќе време да се јават и да разговараат со постари пријатели и роднини.

## СТАРЕЕЊЕ ВО ГРАДОТ

Еден позитивен развој во последниве години е зголемувањето на бројот на градови кои го прифаќаат концептот на Светската здравствена организација за „градови прилагодени на возраста“ (age-friendly cities), лансиран во 2010 година. Град прилагоден на возраста има за цел да минимизирање на неусогласеноста меѓу очекуваното траење на животот и здравиот очекуван животен век, преземајќи чекори за развој и одржување на способноста на постарата популација да живее активен живот. Членството во мрежата на градови прилагодени на возраста не подлежи на никакви барања, но градовите и општините учеснички се обврзуваат да обрнат поголемо внимание на потребите на постарите луѓе. Во моментов се претставени илјада градови и општини во 41 земја, вклучувајќи ги: Лондон, Њујорк, Мадрид, Тампере, Берн, Брисел и Дижон. Канада се пријави на национално ниво.

Мерките за градови прилагодени на возраста, како што се пристап без бариери, широки и безбедни тротоари и инфраструктура за велосипедизам, се корисни за сите возрасти. Отава ги санираше оштетените тротоари, постави повеќе семафори за пешаци и постави 100 нови клупи. Овие клупи не се само за рекреација, туку имаат за цел да ја зголемат мобилноста на старите лица преку обезбедување места за одмор кога се надвор. Во Акита, Јапонија, локалните компании се охрабруваат да се приклучат на партнерска програма прилагодена на возраста за да доставуваат намирници директно до постари луѓе кои не можат сами да купуваат. Лондон организираше здравствени прошетки за постари граѓани за да шетаат заедно во паркот. Во Тампере, центрите за совети за граѓаните на централните шопинг локации ја подигаат свеста за достапните општински и приватни услуги.

„Не само што недиференцираните проценки засновани врз возраста се претерано поедноставени [...] тие не ги земаат предвид штетните последици од исклучувањето на постарите лица во нашите општества [...]“

Иако Хамбург сè уште не се приклучи на мрежата, правењето на градот инклузивен за сите возрасти е важен фокус за локалната самоуправа. И покрај тешката буџетска состојба, градската коалиција Социјалдемократи-Зелени планира акција. Фокусот на Зелените во Хамбург е дигитална инклузија за постари, со мерки кои вклучуваат обуки без бариери дизајнирани за пристапност (без непознати зборови или жаргон), шема за позајмување компјутер и инсталирање на Wi-Fi во домовите за нега.

Градот прилагоден на возраста обезбедува ориентација за иднината на градовите: населби изградени околу заемна поддршка, со јавни места за средби; заедници за долготрајна нега интегрирани во повеќегенерациско домување; и флексибилни станбени единици кои можат да се менуваат по големина според побарувачката,

давајќи им можност на постарите луѓе да ги намалат своите домови, ослободувајќи поголем простор за семејствата.

## ЗАЕДНО СМЕ ВО ОВА

Кризата со Ковид-19 ги исфрли во прв план прашањата за нега, стареење и осаменост, предизвикувајќи разговор за стареењето на општествата што често се одложува. Европа мора да биде подготвена за демографски промени. За да се бориме против притаената поделба на генерациите, мора да создадеме инклузивни простори и да изградиме општество во кое луѓето од сите возрасти и потекло ќе се среќаваат и ќе живеат заедно.

Со генерации, животот се делеше на три главни фази: образование, работа и пензија. Овој модел можеби го одживеа своето. Образованието и обуката треба да бидат достапни за сите возрасти преку доживотно учење. Работните аранжмани треба да овозможат време и простор за грижа за младите и старите. Дефиницијата за работа треба да се прошири за да вклучува не само профитабилно вработување, туку и активности како што се волонтирање, образование и нега. За пензиите да останат доволни, а притоа да бидат прифатливи за идните генерации на даночни обврзници, работниот век може да се продолжи. Но, бидејќи доброто здравје трае подолго и стареењето се одложува, многу луѓе ќе сакаат да работат подолго. Подобрувањето на квалитетот на животот во староста, исто така, подразбира подобрување на условите за работа во одредени занаети, особено во професии кои се занимаваат со физичка работа.

Помладите генерации, исто така, имаат корист од реконфигуриран баланс меѓу трите фази од животот. Притисокот да се заврши образованието што е можно побрзо за да се започне со работа треба да се отстрани, а работниот век треба да обезбеди можности за слободно време.

За да се бориме против притаената поделба на генерациите, мора да создадеме инклузивни простори и да изградиме општество во кое луѓето од сите возрасти и потекла ќе се среќаваат и ќе живеат заедно.

Мејнстрим медиумите често презентираат наратив кој ги спротиставува старите и младите. Но, дали е веродостоен судирот на генерациите? Додека многу млади луѓе се борат за климата во движењата како Петоци за иднината, ние постарите Зелени активисти маршираме покрај нив, носејќи пароли како „Старци за внуци“. Со децении, постарите генерации водеа битки околу нуклеарната енергија, условите за работа, гладот и нееднаквоста во светот, родовата правда и чистиот воздух и храна. Рамо до рамо со нашите деца и внуци, ќе продолжиме да го правиме тоа.



**КРИСТА МИЛЕР-МЕЦГЕР**
е членка на одборот на Европската мрежа на зелени сениори и Зелена говорничка за високи политики во Хамбуршкиот парламентот во Германија.

# ПОСТАВУВАЊЕ НА ТЕМЕЛИТЕ
## БОЛЕСТ И ПОЈАВА НА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

ИНТЕРВЈУ СО
**КЛАС КИРХЕЛЕ**

Клас Кирхеле ја следи историјата на болести, јавното здравје и меѓународната соработка од колера до Ковид-19.

Пандемиите трајно ги менуваат општествата врз кои влијаат. Јавната инфраструктура што денес спаси животи можеби не е изградена без претходно искуство со заразни болести и лошо здравје. Историчарот Клас Кирхеле ја следи историјата на болести, јавното здравје и меѓународната соработка од колера до Ковид-19. Во 21 век, заканите како зоонозни болести и антимикробна резистенција уште еднаш ќе бараат колективен чекор напред за да се заштити човечкиот живот.

**ЗЕЛЕН ЕВРОПСКИ ЖУРНАЛ: Како историјата може да ни помогне да ја разбереме моменталната пандемија? Можеме ли да донесеме заклучоци за ефектите на пандемијата низ историјата?**

**КЛАС КИРХЕЛЕ:** Историјата не нуди едноставни одговори за тековната криза, но може да ги истакне основните трендови што го ограничуваат нашиот избор и ги обликуваат нашите структури на јавно здравје - и попатно дава некои знаци на предупредување. Иако историјата нуди богатство на информации за тоа како да се справите со пандемиите, историчарите имаат должност да предупредат на обидите за претерано поедноставување и преголема генерализација на наводните лекции.

Секоја пандемија е различна. Зависи од патогенот, општеството што го погодува и достапната технологија. Пандемиите можат, во одредени случаи, да ги зближат општествата, но видовме многу други ненадејни појави на епидемиски болести кои ги прават општествата поделени и нееднакви. Веќе е јасно дека Ковид-19 нема да биде само одлично изедначување. Она што го прави оваа пандемија е да потенцира колку е сложен и меѓусебно поврзан светот.

### Каква улога имаа пандемиите на колера во 19 век во воспоставувањето на инфраструктурата на јавно здравје што ја знаеме денес?

Пандемиите на колера што го зафатија светот од 1817 година наваму имаа огромно влијание врз развојот на современата здравствена инфраструктура. Тие, исто така, имаа моќно влијание врз популарната култура и имагинација. Иако треба да бидеме претпазливи за користење на современи концепти за толкување на историските искуства со болести пред појавата на теоријата за микробите, повторените бранови на колера однесоа дома порака за меѓународна меѓусебна поврзаност и ранливост на болести во други делови на светот.

Во рамките на Европа, пандемиите им дадоа легитимитет на група експерти кои започнаа да користат статистички податоци за да го проучуваат здравјето на ниво на популација. Младите европски национални држави склучија сојузи со овие практичари. Клучот за овој сојуз беше заедничкиот концепт на здравје и ефикасност не на ниво на поединец, туку на популација. Застапниците на јавното здравје тврдеа дека државата треба да собира и користи статистички податоци за систематско подобрување на здравјето и пониска смртност и морбидитет кај целата популација. Резултатот беше голема инвестиција во санитарни подобрувања како што се водоводни и канализациски системи. Во оваа ера на проекти за санитарна инфраструктура беа воспоставени ефикасни системи за отпадна вода и управување со води низ многу поголеми градови.

### Што се случи на меѓународно ниво?

Пандемиите на колера ги поставија темелите на денешната глобална здравствена рамка. Во 1851 година, по налог на француската влада, неколку империјални сили - кои во тоа време контролираа многу од светските трговски рути, територии и народи - се собраа да утврдат санитарни конвенции и да ги стандардизираат карантинските правила за да ги минимизираат нарушувањата во трговијата. Претставниците, исто така, се обидоа да се договорат за причината за колерата и процедурите за известување - нешто со што сè уште се бориме. Иако беа потребни скоро 50 години за да се појави меѓународен консензус и акција, повторените епидемии на колера беа значаен двигател на колективното меѓународно размислување за болести и јавно здравје.

### Како настана мултилатералната здравствена инфраструктура - денешната Светска здравствена организација?

Кратката фаза на интернационализам по Првата светска војна доведе до основање на Лигата на нациите и нејзината Здравствена организација (ЛНХО). ЛНХО беше првата голема меѓународна здравствена организација со глобален мандат. Нејзината задача беше да го обедини известувањето за болести, да помогне во спречувањето на болести и да им помогне на националните држави на нивните територии. Беше многу успешна, на пример, помагајќи во справувањето со епидемиите во источна Европа зафатена од војна, но страдаше од недостаток на поддршка од САД и зголемување на политичките тензии меѓу поборниците на „хоризонталната“ социјална медицина - фокусирана на

примарната здравствена заштита и социјалната помош - и поборниците на „вертикални" здравствени интервенции базирани врз технологија.

Светската здравствена организација (СЗО) е рестартирање на овој претходник. Неговата надлежност е слична: да им помогне на националните држави во борбата против здравствените проблеми, да го подобрат и стандардизираат известувањето за болести и да ги координираат меѓународните интервенции - што исто така вклучува работа со невладини организации како што е фондацијата Рокфелер. СЗО на тој начин функционира како платформа за интернационалистичко размислување и планирање на здравјето.

### Светската здравствена организација продолжува да биде плен на геополитички тензии.

СЗО отсекогаш била силно погодена од конкурентските интереси и идеологии на нејзините земји-членки и донатори. Ова е особено точно во однос на тоа дали треба да се даде приоритет на хоризонталните или вертикалните програми за здравствена заштита. Историски гледано, САД биле голем донатор и затоа домашните контроверзии на САД околу здравствената заштита честопати се прелевале на СЗО. На американските влади честопати им било далеку поудобно да дискутираат за технолошки интервенции како што се вакцинирањето, отколку за проширување на пристапот до примарната здравствена заштита. Спротивно на тоа, програмите за примарна здравствена заштита честопати беа во сржта на приодите што ги застапуваа комунистичките сили како Советскиот Сојуз и Кина. Европските сили често следеле свои (пост) империјални агенди. Би било наивно да се претпостави дека меѓународниот здравствен систем некогаш бил или ќе биде разведен од политиката и идеолошките пристрасности на најголемите глобални сили.

> „Би било наивно да се претпостави дека меѓународниот здравствен систем некогаш бил или ќе биде разведен од политиката и идеолошките пристрасности на најголемите глобални сили."

### Дали глобалната соработка на Ковид-19 е нова во споредба со претходните пандемии и епидемии?

Реакцијата на Ковид-19 се надоврзува на рамките кои беа воспоставени како одговор на претходните пандемии, но ги надминува во обемот на мобилизираните ресурси, координацијата на научните одговори и брзината на размената на информации. Степенот и брзината на размена на научни сознанија за тоа што е оваа болест, како да се контролира и како да се развијат третмани се без преседан. Делумно, ова се должи на лекциите што беа научени по првата епидемија на САРС во 2003 година, што резултираше со ажурирани Меѓународни здравствени регулативи во 2005 година и пандемијата на свински грип од 2009 година, што го нагласи потенцијалот на масовно споделување на податоци преку Интернет и брзата дијагностика преку откривање на антиген. Овие структури за споделување информации драматично ја забрзаа комуникацијата и ги подобрија одговорите на Ковид-19.

Политички, Ковид-19 го насочи вниманието на инхерентните слабости на нашиот меѓународен

здравствен систем. Иако координацијата на СЗО за научните истражувања и клиничките испитувања беше примерна, поделениот меѓународен одговор на јавното здравство, јавните конфликти меѓу истакнати земји-членки како САД и Кина и некоординираните забрани за патување ги рефлектираат вградените слабости на меѓународниот систем кој беше дизајниран да координира наместо да диктира национални одговори. На многу начини, СЗО го направи најдоброто што можеше и покрај структурните ограничувања.

СЕКОЈА ПАНДЕМИЈА Е РАЗЛИЧНА. ЗАВИСИ ОД ПАТОГЕНОТ, ОПШТЕСТВОТО ШТО ГО ПОГОДУВА И ДОСТАПНАТА ТЕХНОЛОГИЈА.

**Во 2019 година предупредивте дека тифусот може да се врати бидејќи одговорот во побогатите земји се заснова на вакцини, надзор и ограничувања на патувањето, наместо на долгорочни инвестиции во вода, санитација и пристап до здравствена заштита во земјите со пониски приходи. Може ли истото да се случи со Ковид-19?**

Свеста за каква било болест често застанува на границата. Многу традиционални убијци како тифусот никогаш не исчезнале. Тие само исчезнаа од сеќавањата на Западот. На Запад, тифусот се доживува како болест од минатото. Тоа е нешто што можеби го претрпеле вашите баби и дедовци или болест на „други земји“. Идејата за тифусот како древен и далечен е погрешна и штетна. Тоа, исто така, води до неправеден дискурс според кој земјите со ниски приходи се обвинуваат зашто се „назад“ и не обезбедуваат водна и здравствена инфраструктура - и покрај тоа што не можат да си ги дозволат.

Овој погрешен начин на размислување ги крие структурните ограничувања надвор од опкружувањата со високи приходи. Исто така, олеснува начин на размислување што го ограничува меѓународното здравје на обезбедување на технолошки поправки наместо на решавање на основните двигатели. Глобалното искоренување на вариолата беше можно затоа што беше релативно лесно да се идентификуваат случаите, вакцината беше ефтина, а официјалните лица можеа да користат целни прстенести вакцини околу акутните случаи. Зајакнувањето на здравствените инфраструктури за справување со заканите со ендемични болести кои не се подложни на единствена технолошка интервенција е многу потешко. Во случајот со тифусот, во повоениот период многу земји со високи приходи трошеле многу на запирање на „егзотичните соеви“ од преминување на нивните граници. На среден и долг рок, ќе беше многу поефикасно да се финансираа

**МНОГУ ТРАДИЦИОНАЛНИ УБИЈЦИ КАКО ТИФУСОТ НИКОГАШ НЕ ИСЧЕЗНАЛЕ. ТИЕ САМО ИСЧЕЗНАА ОД СЕЌАВАЊАТА НА ЗАПАДОТ.**

канализациски системи, обезбедување чиста вода и достапен пристап до основната здравствена заштита во посиромашните области на светот.

Ковид-19 ќе претстави слични проблеми. Добро финансиран и ефикасен надзор, режими на изолација и (на крајот) вакцини, со текот на времето, ќе значат дека болеста е релативно добро контролирана во границите со високи приходи. Сепак, повторно ќе се разгори ако не најдеме начин да осмислиме и да спроведеме ефективни здравствени интервенции низ целиот свет. Најопасната аналогија меѓу пандемијата на коронавирусот и минатите искуства е лажното чувство на самозадоволство што претпоставува дека откако болеста веќе не е во нашите дворови, нема да се врати.

**Вие сте експерт за антимикробна резистенција. Можете ли да објасните зошто тоа е еден од најголемите здравствени предизвици во 21 век?**

Ковид-19 е еден патоген што се шири низ целиот свет и предизвикува пустош. Антимикробната резистенција е проблем што влијае на повеќе патогени одеднаш. Антибиотиците се од клучна важност за нашите здравствени системи, како и за нашите системи за храна. Ако повеќе не делуваат поради антимикробна резистенција, ова претставува потенцијална системска закана за здравјето и сигурноста на храната. Низ целиот свет, бактериските патогени микроорганизми веќе успеаја да стекнат способност да се спротивстават на ефектите на многу лекови на кои се сметаше во спречување на болест уште од 1930-тите. Во 2016 година, британскиот Преглед на антимикробна резистенција на О'Нил направи конзервативна проценка дека 700.000 луѓе умираат како резултат на антимикробно резистентни инфекции секоја година.[1] До 2050 година се предвидува бројката да се искачи на 10 милиони луѓе годишно.

**Дали Ковид-19 ќе влијае врз проблемот со антимикробна резистенција?**

Традиционално, пандемиите имаат тенденција да ги влошат проблемите со антимикробна резистенција, бидејќи антибиотиците се користат за лекување

1 J. O'Neill (2016). *Tackling Drug-Resistant Infections Globally: Final Report and Recommendations*. London: The Review on Antimicrobial Resistance.

на секундарни „суперинфекции“. Класичен случај е шпанскиот грип. Многу смртни случаи не биле предизвикани директно од видот на грип, туку од бактериска пневмонија. Исто така, видовме зголемувања на глобалната антимикробна потрошувачка и отпорност по избивањето на свински грип во 2009 година.

Како историчар на антибиотици, би ја истакнал и големата опасност од недавање приоритет на интервенциите за антимикробна резистенција среде сегашната криза. Глобалното здравје има само толку ресурси за кружење. Антимикробната резистенција беше растечка тема дури 20 години, но, од 2015 година, меѓународната свест започна да се намалува. Постои добро докажана опасност дека повторното воспоставување на глобалното здравје со фокус врз подготвеноста за пандемија може да го одвлече вниманието на лидерите од несомнено далеку потешката средна до долгорочна закана, предизвикана од антимикробна резистенција. Веќе ги гледаме првите знаци на ова. Политичката економија е ограничена. Панелот на високо ниво на Генералното собрание на ОН за антимикробна резистенција во април 2020 година требаше повторно да го поттикне ова прашање, но беше одложен на неодредено време.

## Како би изгледало решението?

Потребна ни е голема меѓународна спогодба за да постигнеме одржливо управувани глобални антимикробни средства. Тоа мора да биде спогодба меѓу земјите со високи примања, кои историски имале подобар и навремен пристап до антибиотици, и делови во светот со ниски и средни приходи каде што пристапот бил, а честопати сè уште е - далеку поограничен. Глобалното намалување на употребата на антибиотици е неопходно за да се намали селекцискиот притисок за антимикробна резистенција. Сепак, нееднаквостите во приходите и пристапот значат дека очекувањата за намалување се нереални - овој пристап е испробан и не успеа. Секој ќе профитира од намалена антимикробна резистенција. Сепак, земјите со високи приходи ќе мора да преземат дел од економскиот товар кој вклучува барање од деловите од светот со ниски и средни приходи да развијат ефективни решенија. Општо земено, интервенциите треба да се бават со структурните фактори кои ја движат потрошувачката, како недостаток на здравствена заштита или ветеринарна грижа.

Кој треба да ја води оваа рамка е друго прашање. Би било фантастично ако нашите постоечки трипартитни агенции на Обединетите нации во оваа област - Светската здравствена организација, Организацијата за храна и земјоделство и Светската организација за здравје на животните (ОИЕ) – би можеле да го водат тоа. Но, одделни држави или коалиции на држави, исто така, ќе мора да играат голема улога.

## Која може да биде улогата на ЕУ?

Во рамките на нејзините граници, ЕУ е многу напредна во однос на антимикробното управување, иако има уште простор за поголем напредок. Од 1998 година, заедничкото поставување на стандарди за претпазливост во поглед на употребата на земјоделски антибиотици на единствениот пазар е успешно.

ЕУ, исто така, прва воспостави интегриран систем за следење на антимикробната резистенција, кој успешно изврши притисок врз државите со поголема употреба и повисоки стапки на отпорност да ги спроведат реформите. ЕУ, исто така, има огромна моќ надвор од своите граници преку контрола врз пристапот до пазарот, на пример за земјоделски производи. Идеално, ЕУ би финансирала системи за надзор во земјите со пониски приходи за подобрување на стандардите за производство и намалување на притисокот на заразни болести за возврат за пристап до пазарот. Но, ниту ЕУ ниту САД имаат моќ сами да ја решат глобалната криза на антимикробна резистенција. Дури и најдобронамерните меѓународни интервенции нема да успеат ако не бидат заедно осмислени од партнери во земји со ниски приходи и поддржани од регионални управувачи со среден приход, како што се Бразил, Индија и Кина.

**Во текот на последните неколку години, анти-ваксер движењето расте и авторитетот на медицинските науки е оспоруван. Дали постои криза на доверба во научното знаење?**

Не гледам драматична криза на доверба во науката и јавното здравје. Размислете за големиот процент од светската популација што се придржува до научните совети и следи доста строги препораки за јавно здравје. Низ целиот свет, луѓето се вклучуваат во брифинзите за печатот на СЗО, мијат раце, носат маски за лице и држат социјална дистанца. На некој начин, Ковид-19 претставува вежба за масовна усогласеност со научната експертиза.

*ПОДЕЛБАТА НА ЈАВНОСТА ВО „ПРО-НАУЧНИ“ ИЛИ „АНТИ-НАУЧНИ“ КАМПОВИ РИЗИКУВА ВЕШТАЧКО ПОЛАРИЗИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВОТО.*

Оваа усогласеност може да се истроши со текот на времето - особено во политички поларизираните земји - и постојат исклучоци и прекршувачи на правилата. Сепак, сегашниот наратив за „криза на верата“ претпоставува дека „науката“ е монолитно тело на експертиза што може лесно да се следи. Овој поим е наивен. Науката е широка црква. Различни школи на експертиза користат различни форми на податоци и теоретски рамки. Мислењата се разликуваат и некои аргументи никогаш не се решени во целост. Новитетот на Ковид-19 и очекувањето дека науката ќе не заштити значи дека на многу нормални научни контроверзи им се посветува многу поголемо внимание од вообичаено. Истовремено, наративот за наводна криза на научен авторитет поттикнува прекумерно известување за радикални амбиенти на негирање. Анти-ваксерите можеби уживаат медиумско внимание, но истражувањата откриле дека јадрото на идеолошките негирачи е доста мало. Повеќето непридржувања на вакцините историски се засновале на ограничен пристап до услуги за вакцини. Луѓето кои не можат да земат слободно време за да го однесат своето дете на втора вакцинација, на пример. Иако анкетите покажуваат дека новата вакцина за Ковид-19 се соочува со предизвици на колебливост кај вакцината, не треба да го преувеличуваме проблемот.

Поделбата на јавноста во „про-научни“ или „анти-научни“ кампови ризикува вештачко поларизирање на општеството. Повеќето луѓе не се униформно про- или анти-научни. Преиспитување на податоците и доказите е легитимно и луѓето ќе донесат различни заклучоци. Барањето средина во дискурсот за општествените ризици и

начините за нивно ублажување е од суштинско значење. Треба да направиме пауза за да прашаме зошто луѓето можеби не ја следат секоја препорака. Јавното покажување со прст ризикува затемнување на големите сиви области на усогласеност и полу-усогласеност што постојат. Исто така, им помага на идеолозите и популистите, кои профитираат од бинарно размислување и лажно тврдат дека делумно јавно преиспитување на стручните авторитети сигнализира откуп на нивниот идеолошки камп. Едноставно барајќи од луѓето „да ја следат науката“, без објаснување зошто треба, исто така не функционира. Секој научник вреден за почит ќе признае дека науката е сложена, постојано се развива и дека добрите научни совети ги признаваат економските и социјалните ограничувања. Иако е важно да се спротивстават на теориите на заговор и нападите врз доброто истражување, научниците треба да ја помират потребата за јасни, едноставни пораки и да одговорат на легитимната загриженост на јавноста. На крајот, наша должност е како граѓани да постапуваме одговорно спрема другите. Но, разговорите за анти-и про-научни кампови без потреба ја поларизираат ситуацијата што е веќе доволно напната.



**КЛАС КИРХЕЛЕ**
е доцент по историја на медицината на Универзитетскиот колеџ во Даблин. Со поддршка од универзитетската награда Велком Траст, неговата работа ја истражува глобалната историја на надзор на заразни болести. Неговата книга за историјата на употреба, резистенција и регулација на антибиотици, „Pyrrhic Progress“ (2020, Rutgers University Press), ја освои наградата Туријано во 2020 година.



# ОПТОВАРЕНИ СО РАБОТА
## ИДНИНАТА НА ПЛАТФОРМИТЕ И РАБОТНОТО ВРЕМЕ

ИНТЕРВЈУ СО
**ЏУЛИЕТ ШОР**

Разговаравме со Џулиет Шор за економијата на краткорочни вработувања (gig economy), забрзаната дигитализација и потребата од нова економија.

Прилагодувањето спрема Ковид-19 значеше промена на начинот и местото на работа и потрошувачка. Во економска рецесија, најголем ризик е дека работата ќе биде понесигурна, условите понееднакви и платформите помоќни. Но, нарушувањето на старите навики дава и можности. Седнавме со економистката и социолог Џулиет Шор да поразговараме за економијата на краткорочни вработувања (gig economy) во услови на пандемија, забрзана дигитализација и потреба за нова економија заснована врз безбедност и отпорност.

**ЗЕЛЕН ЕВРОПСКИ ЖУРНАЛ: Оригиналната позитивна претстава за флексибилност и автономија на економијата на краткорочни договори очигледно не се оствари. Што тргна наопаку?**

**ЏУЛИЕТ ШОР:** Економијата на кратокорочни договори започна со идеалистички дискурс, изразувајќи три групи тврдења: економски, социјални и еколошки. Еколошките тврдења беа главно лажни. Превозот и патувањето се активности со голем удел на јаглерод. Ако ги направите поевтини, ќе добиете повеќе од нив. Од економска и социјална страна, економијата на краткорочни договори вети нов начин на работа: без шеф. За разлика од конвенционалното вработување, работниците можеа да работат кога сакаат и колку што сакаат. Оваа флексибилност, автономија и особено идејата да нема шеф, им одговараше на многу луѓе.

Она што тргна наопаку, се разликува според работникот. За оние за кои платформите се извор на дополнителен приход наместо средство за врзување крај со крај, економијата на краткорочни договори е привлечна. Тие можеби веќе имаат работа со целосно работно време, пензија, доброситуиран брачен другар или имаат добар бизнис.

За оние кои се обидуваат да заработат за живот, од друга страна, работата на краткорочни договори пропадна. Некои апликации навистина ги истиснаа сумите што работниците ги добиваат по работно место, принудувајќи ги да работат дополнителни часови. Во нарачувањето превоз преку апликации, учеството на работниците продолжи да се разјадува. Другиот проблем е што апликациите се со отворен пристап, што значи дека платформите се преплавени со работници. Ако вкупниот обем на работа остане ист, работниците го поминуваат своето време чекајќи работа без надомест. Луѓето кои работат со целосно работно време во превоз и испорака, вклучително и на апликации со високи сатници, дури не достигнуваат приходи на ниво на сиромаштија. Сè се сведува на политиката на компанијата која ги намали стапките и истовремено дозволи премногу луѓе на апликациите за дадениот обем на работа.

**Пандемијата со Ковид-19 ги исфрли луѓето од работа и ги намали приходите. Нема ли овие услови да направат повеќе луѓе да зависат од работата на краткорочни договори?**

Услугите за испорака забележаа голем раст на побарувачката во пандемијата. На пример, американската компанија за подигање и достава на намирници Инстакарт, презеде многу повеќе купувачи. Падот на побарувачката за превоз преку апликации принуди уште поголем број на работа на испорака. Денес, премногу луѓе имаат premалку работа бидејќи луѓето губат работа и се свртуваат кон апликациите. Во таа ситуација, станува мошне очајно и компаниите тоа го користат.

**Економијата сè повеќе се движи преку Интернет, од шопинг до државни услуги, а единствените компании кои добро се снаоѓаат во пандемијата се големи технолошки фирми како Амазон и Гугл. Што ќе значи ова за работата во поширока смисла?**

Големата порака што ќе се понесе е раслојување. Дигитализацијата нема да значи исто за секого. Важно е да се оддели дигитализираното работење од далечинското работење. Далечинското работење за попривилегирани работници дава одредено ниво на автономија и е главно позитивно. Некои трајни промени што ќе ги видиме се компании кои им дозволуваат на вработените да работат од каде било, што значи дека можат да живеат во поевтини области, а избегнуваат долги патувања. Грижата за децата е проблем, но опцијата за далечинско работење е за многумина е проширување на слободата. Ако луѓето можат да избираат, тогаш тие ќе изберат што е најдобро за нив. Во други области, дигитализацијата на работата ќе биде далеку попроблематична. Дигитализираните функции на човечки ресурси веќе се користат за вработување луѓе користејќи често дискриминирачко алгоритамско одлучување.

> „Клучот е да се занимавате со прашањата за задоволување на потребите истовремено штитејќи го планетарниот екосистем.“

Уште поголем ризик е растечката поделба меѓу привилегираните позиции што работат дигитално и многуте професии што ќе останат да фунционираат лично и недигитализирани. Растот на средната класа во втората половина на 20 век

ги намали силните класни разлики во образованието и занимањето, но се чини дека тие сега се враќаат. Работници за испорака, работници од прва линија, работа за која не ви треба диплома, може да станат многу стигматизиран збир на занимања со поделба меѓу сè повеќе дигитализирана работа со „бели јаки“ и недигитализирана, претежно физичка работа.

*ПОКРАТКОТО РАБОТНО ВРЕМЕ СЕ ОДНЕСУВА НА ПРЕЖИВУВАЊЕТО И ТРЕБА ДА БИДЕ ВО ПАКЕТОТ АЛАТКИ ЗА КЛИМАТСКАТА ПОЛИТИКА.*

**Може ли далечинското работење да биде првиот чекор кон работата со „бели јаки“ да стане повеќе како работа со краткорочни договори?**

Ако размислите за лекарски и медицински посети, можете да видите како се претвораат во работа на парче, што  во основа е економија на краткорочни договори. Многу научници сметаат дека модерната корпорација наскоро може да биде минато. Современите корпорации повлекоа поголем дел од својата активност од пазарот и го организираа преку наредба и контрола. Една од иронииите на слободниот пазар е што најголемите институции на капитализмот работат како социјалистички земји. Меѓутоа, сè повеќе, „расцепканото работно место“ и автсорсингот вклучуваат фирми кои ја пренесуваат својата активност врз пазарно договорена, контингентна основа. Историски гледано, системот на парче на Запад беше мошне лош кога станува збор за услови за работа. Ако тоа се случеше во контекст на сигурност, преку универзален основен приход или други битни начини на задоволување на основните потреби, тогаш системот на парче не може да биде толку лош како што беше во прото-индустриската Британија со која го поврзуваме.

**Вашата книга „After the Gig“ тврди дека не треба да се откажуваме од првичното ветување за економијата на краткорочни договори. Дали вреди да се штеди?**

Имам многу критики за економијата на краткорочни договори, но потенцијалот останува и многу работници доживуваат позитивни аспекти од работата на краткорочни договори. Дел од технологијата е фантастична во смисла дека прави непотребен да е голем дел од она што го прави управувањето. Купувачите и продавачите автоматски се совпаѓаат. Контролата на квалитетот е организирана без управување и често пати се однесува и на потрошувачите и на работниците. Проблемот не е технологијата, туку

социјалните односи. Платформите во сопственост на работниците или корисниците, наместо грабливи капиталистички фирми, имаат потенцијал да направат алгоритми што одговараат на желбите и потребите на луѓето.

„Комбинација на регулатива, поттикнување на кооперативниот екосистем, па дури и платформи на кои се домаќини или се во сопственост на општините, може да биде основа за алтернативна економија на платформи."

Глобалната мрежа на градови за споделување покажува што можат да направат градовите во овој поглед, од регулатива и техничка поддршка до почетни средства за вистински иницијативи за споделување. Комбинацијата на регулатива, поттикнување на кооперативниот екосистем, па дури и платформи на кои се домаќини или се во сопственост на општините, може да биде основа за алтернативна економија на платформи. Се разбира, големите корпоративни играчи не сакаат конкуренција. Но, влегувајќи во нов период на висока невработеност и депресија, градовите треба да станат покреативни во производството и промоцијата на работни места.

**Многу европски земји го искористија намаленото работно време за управување со економскиот пад и се повеќе се дискутира за четиридневна недела. Дали сегашната криза е можност за нова рамнотежа меѓу работата и слободното време?**

Особено на почетокот на кризата, се чинеше како погодно да се разговара за намаленото работно време, бидејќи луѓето се вратија на основите во однос на трошењето и потрошувачката. Земјите им даваа приоритет на основните потреби во синџирот на снабдување и, дури и да отидевте на Интернет, не можевте секогаш да го најдете она што го баравте. Овој момент го поттикна прашањето што навистина ни треба. Нашите основни потреби се храна, здравствена заштита, образование и засолниште. Доколку како општества се фокусиравме врз овие потреби, наместо врз максималното производство, тоа ќе овозможеше многу труд за други активности. Истовремено, позитивните замислувања за поинаков, поедноставен начин на живеење беа како нешто наменето за привилегираните луѓе чии потреби беа исполнети за време на затворањето.

Другата димензија на намаленото работно време е климатската криза. Врската меѓу работното време и јаглеродните емисии покажува дека земјите каде што работното време е пократко, а другите работи останат исти, имаат помали јаглеродни емисии. Треба да го поттикнеме ова, бидејќи нема начин да имаме силна климатска агенда додека се обидуваме постојано да ја прошируваме големината на националните економии. Во таа смисла, пократкото работно време се однесува на преживување и треба да биде во пакет алатки за климатската политика. Зелените во Европа подолго време ја разбираат оваа тема и тоа е клучен дел од нивната агенда од 1980-тите.

Во Европа, намаленото работно време и голем дел од агендата за пост-раст влегоа во мејнстримот. Не е центар на мејнстримот, но тоа е легитимна гледна точка. Дебатата во САД не ја достигна оваа точка иако Зелениот нов договор зборува за работни места, но не

и за раст. Прашањето за раст, на некој начин, треба да излезе на виделина. Политиките треба да се насочат на јаглеродот, вработувањето и благосостојбата.

**Ковид-19 е прво и основно здравствена криза, но открива бројни недостатоци во начинот на водење на нашите економии. На што треба да се фокусираат Зелените за оваа криза да стане пресвртна точка?**

Фокусот треба да биде на она за што служи економијата. Дали е тоа раст заради раст? Пандемијата уште еднаш покажа како економијата не функционира на начин што ги задоволува потребите на луѓето. Во педесеттите години на минатиот век, луѓето велеа: „Што е добро за Џенерал Моторс, тоа е добро за земјата“. Ќе критикував, но тоа беше веродостоен аргумент. Сега клучот да се занимавате со прашањата за задоволување на потребите истовремено штитејќи го планетарниот екосистем. Тоа значи да се разговара во смисла на сигурност. Климатската криза ќе создаде сè поголема економска несигурност за сè повеќе луѓе поради природни катастрофи, цени на храната, нестабилност и миграција. Тоа веќе предизвикува хаос и тоа ќе донесе натамошен економски хаос. Можеби е малку конзервативна порака, но станува збор за фокусирање врз потребите на луѓето: сигурност, отпорност и минимизирање на ризиците.



**ЏУЛИЕТ ШОР**
е економистка и социолог на Бостонскиот колеџ. Нејзиното истражување се фокусира врз социологијата на работата, потрошувачката и климатските промени. Најновата книга на Шор е „*After the Gig: How the Sharing Economy Got Hijacked and How to Win It Back*“ (2020, University of California Press).

# МАСКАТА СЕ ЛИЗГА
## ПРАВАТА НА УДАР ВО ПОЛСКА

НАПИС ОД
**АДАМ РОГАЛЕВСКИ**

Од напади на социјални партнери до правата на жените, Ковид-19 беше катализатор за автократските тенденции на законот и правдата.

Низ целиот свет, авторитарните влади ја искористија пандемијата како можност да го зголемат степенот на моќ. Во Полска, владејачката партија „Закон и правда“ ги нападна социјалните партнери пред да премине во напад врз правата на жените. Синдикалецот, Адам Рогалевски го анализира опортунистичкиот обид на партијата за синдикални права, објаснувајќи ги врските со растечките напади врз ЛГБТ лицата и репродуктивните права и извлекувајќи поуки за борбата околу иднината на Полска.

Полските синдикати долго време се соочуваат со намалување на членството и опаѓање на моќта. Од 2015 година, десничарската популистичка партија „Закон и правда“ (ПиС) се соочува со синдикатите не само преку напади врз основните права и владеењето на правото, туку и со киднапирање на нивните социјални политики.[1] Со Ковид-19, маската се лизна за да открие дека единствената цел на „ПиС“ е авторитаризам, а не социјални права. На вистински популистички начин, партијата ги искористи вработувањето и социјалните права за да победи на изборите, но е непријателска кон секоја надворешна база на моќ. Пандемијата беше можност за „ПиС“ да се обиде да го демонтира веќе слабиот социјален дијалог на Полска и да ги нападне репродуктивните права. Сепак, синдикатите, ако ништо друго, зајакнаа и се отворија нови можности. Доколку опозицијата може повторно да го преземе прашањето за социјалните права, може да постигне напредок против десниот популизам.

### ОД НЕОЛИБЕРАЛИЗАМ ДО АВТОРИТАРЕН ПОПУЛИЗАМ

Помеѓу 2007 и 2015 година, со Полска управуваше Граѓанската платформа (ПО). За тоа време, работата во Полска стануваше сè понесигурна, возраста за пензионирање беше зголемена, а социјалните партнери беа на маргините.

1 J. Czarzasty and A. Rogalewski (forthcoming, 2021). “Polish unions towards populism: strategies and dilemmas”. In: B. Colfer and R. Hyman, *European Trade Unions in the 21st century – workplace democracy and solidarity in the digital age*. Oxford: Palgrave Macmillan.

Пред крајот на својот мандат, ПО го смени својот став и воведе подобрувања во социјалниот дијалог, но беше премалку, предоцна. Во 2015 година, „ПиС“ дојде на власт преку платформа на социјални политики, особено на значајниот пакет за детски додатоци. Како што тврди Дејвид Ост, „Закон и правда“ се појави во спротивност со либерализмот од првата пост-комунистичка деценија.[2] Наместо тоа, партијата повика на заживување на „традиционалните вредности“ и силна држава. По убедливата победа во 2015 година, „Закон и Правда“рано ги исполни своите социјални ветувања. Оттогаш, минималната плата постојано се зголемуваше за да достигне речиси половина од просечната плата (зголемување од 1750 на 2250 злоти меѓу 2015 и 2019 година). Повисоките пензии и бесплатните лекарски рецепти привлекоа поддршка од постарите гласачи, додека многу синдикални барања, како што е минималната плата за хонорарците, беа исполнети.

„На вистински популистички начин, партијата ги искористи вработувањето и социјалните права за да победи на изборите, но е непријателска спрема секоја надворешна база на моќ.“

Но, позадината на ова беше бавното демонтирање на демократијата. Социјалните политики беа параван за уништување на владеењето на правото и обид за постепено градење авторитарен систем. Откако ја презеде власта, „ПиС“ го презеде Уставниот суд и создаде политички управувано тело за надзор врз Врховниот суд и судството. Репродуктивните права постојано се под закана. Првиот обид на „ПиС“ да го забрани абортусот ги предизвика Црните протести во 2016 година. Во октомври 2020 година, непосредно пред вториот бран, партиските судии на Уставниот суд значително го намалија и онака ограниченото право на абортус, предизвикувајќи општ бес. Од 1990-тите години, абортусот е дозволен само кога животот или здравјето на жената се загрозени, кога бременоста е резултат на кривично дело или кога постои голема веројатност за сериозно и неповратно оштетување на фетусот. Третата можност, според која 90% од абортусите се вршат во Полска, беше прогласена за неуставна.

Владата, исто така, поттикна напади врз ЛГБТ лицата со политичари кои ги прогласија своите градови и региони за „зони без ЛГБТ“. Во август 2020 година, ЛГБТ активистите беа брутално уапсени од полицијата поради мирни протести. ЕУ ги критикуваше овие напади, но имаше малку корист од тоа. Кога ЕУ ги намали субвенциите за општините кои прогласија „зони без ЛГБТ“, полската влада се обврза да ги надомести сите загуби.

Прогресивните синдикати како Сеполскиот сојуз на синдикати, остро ги критикуваа бруталните напади врз судскиот систем, правата на жените и ЛГБТ лицата.[3] До неодамна, „Закон и правда“ често се перципираа како партија што ја разбира работничката класа на „сини јаки“. Перцепцијата беше дека „ПиС“ ќе ги промовира

2 D. Ost (2018). “Workers and the Radical Right in Poland”. *International Labor and Working-Class History*, 93, pp.113-124.

3 OPZZ (2020). “Stanowisko Kierownictwa OPZZ w sprawie reakcji rządzących na odbywające się obecnie w naszym kraju protesty społeczne”. 25 October 2020. Available at <bit.ly/38uG9UI>.

одамна заборавените социјални права дури и ако тоа се случи по цена на други основни права. Но, со „ПиС“ кои ги напаѓаат социјалните права за време на пандемијата, оваа перцепција суштински се смени.

## НИКОГАШ НЕ ТРОШЕТЕ КРИЗА

Полска беше една од првите земји што ги затвори своите граници на почетокот на 2020 година. Владата сакаше да покаже дека ги штити здравјето и благосостојбата на полските граѓани. Владата побрза да воведе нов закон, познат како „штит“, за управување со ефектите од пандемијата. Усвоени се четири закони за штитот, од кои два ги поткопуваат условите за работа и синдикалните права.

Законот за штитот содржеше многу одредби слични на оние што другите европски влади ги воведоа, вклучувајќи краткорочна шема за работа и одложени плаќања на данок. Сепак, воведе и повеќе контроверзни промени, сигурни во сознанието дека општеството е премногу преокупирано за да ги забележи. Законот беше поднесен речиси без време за консултации. Единствените групи што можеа да се спротистават на промените беа опозицијата, која го контролира горниот дом и социјалните партнери, како организациите на работодавачи, така и синдикатите.

Вториот закон за штит, поднесен во средината на март, се обиде да ги исклучи синдикатите од претставување на работниците во преговорите за отпуштања и намалено работно време. На крајот, по отпорот на синдикатите, овие промени беа отстранети. Сепак, пратениците на „ПиС“ во долниот дом потоа воведоа амандмани на Советот за социјален дијалог, телото што ги обединува синдикатите, работодавците и владата. Амандманите стапија на сила на 31 март 2020 година, давајќи му на премиерот моќ да ги разреши членовите на советот по своја волја.[4]

Синдикатите беа револтирани. Синдикатот „Солидарношч“, претходно поддржувач на владата, предупреди дека „Солидарношч не заборава“. Европските социјални партнери им пишаа на претседателите на Европската комисија и Европскиот совет да побараат интервенција. Претседателот на крајот ги достави регулативите до Уставниот суд. Но, бидејќи во судот доминираат судии назначени од „ПиС“, тоа беше мошне симболичен гест.

Ова не беше крај на нападите врз работничките права. Третиот закон за штит во април, наводно, имал цел да обезбеди итна ликвидност на деловните субјекти, но неговите одредби отидоа далеку над тоа. Повторно, законот се обиде да им овозможи на работодавците да ги суспендираат колективните договори, да ги направат работниците технолошки вишок и да ги принудат работниците да одат на отсуство. Исто така, предложи укинување на социјалниот фонд на компании кој поддржува ниско платени работници и намалување на бројот на државни службеници. Се чинеше дека владата го тестираше трпението на синдикатите. „Солидарношч“ се закани со национални демонстрации дури и

4 A. Rogalewski (2020). “How Law and Justice (mis)used the pandemic to dismantle social dialogue in Poland”. *Social Europe*. 21 April 2020.

**СОЦИЈАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ БЕА ПАРАВАН ЗА УНИШТУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО И ОБИД ЗА ПОСТЕПЕНО ГРАДЕЊЕ АВТОРИТАРЕН СИСТЕМ.**

под заклучување, а другите синдикати, исто така, беа гласно против. На крајот, владата повлече поголем дел од предлозите, но продолжи со укинување на социјалниот фонд и намалување на државните служби.

## ОДБРАНА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И РЕПРОДУКТИВНИТЕ ПРАВА

По март и април, „ПиС“ не предложи повеќе анти-работнички законски измени. Со претседателските избори во јули, партијата го смени ставот и бенефициите за невработеност за отпуштените лица за време на пандемијата се зголемија (надоместокот за невработеност е под границата на сиромаштија во Полска). Ниту, пак, премиерот ја искористи својата нова привилегија за разрешување членови на Советот за социјален дијалог. „ПиС“ победи на претседателските избори со мала разлика во вториот круг (51,03 наспрема 48,97 отсто од гласовите, разлика од околу 400.000 гласачки ливчиња). Тесниот резултат докажа дека поддршката за „ПиС“ се намалува и дека работните лица се предомислуваат.

Кризата ја откри слабоста на новата влада во поглед на социјалните права. Владата дојде на власт со зголемување на трошоците за социјални трансфери, но, сепак нејзиниот одговор на пандемијата без преседан беше насочен спрема работниците и се обиде да ги натера да ги плаќаат трошоците за пандемијата. Ако во популизмот сака да се тврди дека го претставува народот против елитата, со избирањето бизнис, „ПиС“ ја покажа својата безидејност. Покрај тоа, Ковид-19 беше катализатор за автократските склоности на „Закон и правда“. Социјалниот дијалог и работничките права се една од ретките сфери кои сè уште се исклучени од влијанието на партијата. Пандемијата беше пригодна можност да се преземат. Ковид-19 ќе има разорни економски и социјални последици во Полска, како и во другите земји. Но, исто така, ќе го заслаби десниот популизам. „ПиС“ плати висока цена за користење на пандемијата за поткопување на социјалниот дијалог.

„Ако во популизмот сака да се тврди дека го претставува народот против елитата, со избирање бизнис, „ПиС“ ја покажа својата безидејност.“

„Пис“ направи втора клучна грешка при нападот врз правата на жените преку своите судии во Уставниот суд. Откако потезите за ограничување на репродуктивните права станаа јавни, луѓето го ризикуваа своето здравје да се соберат во стотици илјади во градовите низ Полска. Покажувајќи солидарност со жените, протестите беа во обем што не беше забележан од крајот на комунизмот. Демонстрантите беа убедени дека пресудата е темпирана да се совпадне со забраната за демонстрации и побараа од владата да ги врати репродуктивните права. „ПиС мора да оди“ беше една од најпопуларните пароли.

Отуѓувањето на синдикатите ќе има последици за сè поизолираниот „Закон и правда“. По поткопувањето на основните и социјалните права, единствената агенда што ѝ преостанува на партијата е чист национализам и ултра-конзервативизам. ПиС „играше со фашизмот“ во

минатото, но сега тие се соочуваат со конкуренција. Ултра-десната „Конфедерација“ е сè попопуларна; нивниот претседателски кандидат Кшиштоф Босак доби речиси 7 проценти од гласовите. За споредба, кандидатот на социјалдемократите Роберт Бједрон доби 2,22 проценти. Ова поместување можеби ќе го води „ПиС“ уште повеќе десно во иднина. Нападите врз репродуктивните права ја задоволуваат единствената преостаната база за поддршка: конзервативната десница.

За жал, опозицијата сè уште не беше во можност да ја зголеми својата поддршка на сметка на „Закон и правда“. Граѓанската платформа, на која Зелените се сојузници, сè уште се поврзува со нејзината историја во владата помеѓу 2007 и 2015 година. Партиите на Левицата повторно влегоа во парламентот како коалиција на изборите во 2019 година, но нивната поддршка не може да надмине 10 проценти. Иако се обединети, тие се борат да ја повратат довербата на гласачите. Анкетите од ноември 2020 година посочија дека иако поддршката за „ПиС“ се намали за 12 поени на 28 проценти, опозицијата допрва треба да оствари поголеми придобивки бидејќи уделот на неопределените гласачи се искачи од 9 на 18 проценти.[5]

За сите делови на опозицијата, постои можност да го преземат „Закон и правда“ за социјалните права. Синдикатите и опозициските партии треба да ја искористат шансата што ја нуди пандемијата да ја повратат оваа агенда и да ги убедат неодлучните. Како и другите земји, Полска се соочува со вториот бран. „ПиС“ можеби може да ја искористи пандемијата за уште едно сузбивање на основните права - како што тоа веќе го прави законот за абортус - но, исто така, веројатно нема да успее да ја заштити благосостојбата на граѓаните. Во земјата со најмали трошоци во здравство во ЕУ, опозицијата има неповторлива можност да ги брани здравствените и граѓанските слободи.



**АДАМ РОГАЛЕВСКИ**
е директор на меѓународниот оддел на ОПЗЗ и потпретседател на Паневропскиот регионален совет на Конфедерацијата на меѓународни синдикати. Од 2015 до 2020 година, беше член на Европскиот економски и социјален комитет.

5 “Sondaż IBRiS dla Onetu. Zmniejsza się przewaga PiS nad KO.” *Wiadomości w Onet*. 5 November 2020.



# ЦРНИТЕ ЖИВОТИ СЕ ВАЖНИ ВО БРЕГЗИТ БРИТАНИЈА

ИНТЕРВЈУ СО
**НАДИН ЕЛ-ЕНАНИ**
ОД **ЏЕНИФЕР КВАО**

Пловејќи на бранот на носталгијата и амнезијата, Велика Британија тргна по патот да ја напушти ЕУ. Нееднаквостите во пандемијата и антирасистичкото движење јасно покажаа како империјалното минато не не остава на мир ниту денес.

Иницирани од смртните случаи во полициски притвор во САД и поттикнати од ефектите на пандемијата, протестите за одбрана на црните животи во 2020 година се раширија низ целиот. Оваа револуција на достоинството наметна разговор за постојаниот структурен расизам и во Европа. Откако излезе од Европската унија, Велика Британија продолжува да се соочува со своето империјално минато. Целосното пресметување е уште далеку, но неговото пркосно анти-расистичко движење од темел ја промени дебатата.

**ЏЕНИФЕР КВАО: Извештајот на владата на Велика Британија потврдува дека расните заедници се непропорционално погодени од Ковид-19.[1] Зошто е тоа случај?**

**НАДИН ЕЛ-ЕНАНИ:** Расизирани луѓе насекаде умираат од вирусот во непропорционален број. Извештајот на владата на Велика Британија потврдува дека пандемијата со Ковид-19 ги репродуцираше постоечките здравствени нееднаквости. Покажува дека, за проучениот временски период, ризикот од смрт од вирусот бил поголем кај луѓето што живеат во посиромашни области и уште поголем меѓу Црнците, Азијците и припадниците на малцинските етнички народи кои живеат во овие области. Членовите на населението од Бангладеш имаа двојно поголема веројатност да умрат од вирусот, отколку Белците.

За време на пандемијата особено беше зголемен бројот на смртни случаи од сите причини кај луѓето родени надвор од Велика Британија, како и кај медицинските сестри и лица кои даваат нега, вработените во транспортот и безбедноста и луѓето кои работат во градежни и преработувачки погони. Црнците, Азијците и припадници на малцинските етнички народи умирале непропорционално во овие сектори. Во Лондон, повеќе од една четвртина

1 Public Health England (2020). *Disparities in the risk and outcomes of COVID-19*. August 2020. London: PHE Publications. Available at <bit.ly/2TgX9os>.

од транспортните работници што возат возови во подземна железница и автобуси се расизирани.

Владата одби на овие занимања да ги примени ограничувањата за затворањето, наводно врз основа на тоа дека тие биле неопходни, а во исто време не побара од работодавците да обезбедат опрема за лична заштита или да воведат соодветни безбедносни мерки.

Изложеноста на насилство, штета и предвремена смрт не е нова состојба за расизираните луѓе, без разлика дали тие живеат во или надвор од колонијалната метропола - треба само да помислиме на непропорционалните смртни случаи во притвор, скандалот „Windrush“ во 2018 година, поради кој беа протерани црните британски граѓани и пожарот во кулата Гренфел.[2] Во Британија, половина од луѓето со африканско потекло живеат во сиромаштија. Два процента од белото британско население живее во пренатрупани услови за домување во споредба со 30% од британското население од Бангладеш, 15% од британското црно население и 16% од локалното пакистанско население.

### Како првичната стратегија на британската влада за „имунитет на стадо“ влијаеше врз ризичните групи во Велика Британија?

Стратегијата за „имунитет на стадо“ на британската влада се засноваше на дозволување, според зборовите на премиерот Борис Џонсон, на вирусот „да се движи низ населението“. Ова е пристап на нужна смрт на голем број луѓе и резултатот е дека Велика Британија има еден од највисоките броеви на смртни случаи од Ковид-19 во светот. Оваа одлука беше донесена откако веќе беше насекаде разбрано дека вирусот е особено опасен за постарите луѓе и оние со примарни здравствени состојби. Џонсон ги третираше ранливите луѓе како вишок на население, како прифатливи жртви, за да може Велика Британија да остане „отворена за бизнис“. Оваа опасна позиција се влоши со комбинацијата на ароганција и расизам од страна на властите кои сметаа дека вирусот е нешто што се случува „таму“, на луѓе кои не беа бели, не беа Европејци, ниту Британци; луѓе кои не беа важни. Се претпоставуваше дека вирусот нема да стигне до Велика Британија и ако стигне Британија ќе биде во подобра позиција да се справи со него.

Додека десетици илјади луѓе непотребно умираа, службениците лажеа за бројките, покажувајќи и потоа прикривајќи графикони што ги покажуваа вистинските размери на катастрофата. Ефикасно направија сè што можеа да ги сокријат телата. Истата комбинација на исклучителност, самозадоволство и расизам беше важен дел од колонијалното владеење во Британската империја. Колонијалните потчинети лица биле оставени да умираат кога гладот завладеал, додека болеста се ширела меѓу населението, додека за време на освојувањето им биле одземани земјата и егзистенцијата. Можеме да ги видиме паралелите во начинот на кој владата за време на пандемијата остави ранливо население да умира и како расизираните лица биле непропорционално погодени.

2 The Grenfell Tower fire of 2017 killed 72 people, the majority of whom were from black, Asian, or minority ethnic communities.

**Политичарите ја опишаа пандемијата како војна, а здравствените работници се слават како војници од првите борбени линии. Што мислите за таквата реторика?**

Вознемирувачко беше, но не беше изненадувачки да се види јазикот на војната усвоен од владините претставници и медиумите. Се зборуваше за „работници од првите борбени линии", повикување на „Блиц духот" и „големата нација што се соединува во време на криза". Овој дискурс се темели врз необична и неточна конструкција за вирусот како национална криза, а не светска пандемија која бара меѓународен одговор. Болна иронија е да се гледаат здравствени работници, непропорционално составени од мигрантски работници, од кои се бара да ги жртвуваат своите животи - и лесно да им се аплаудира на тоа - во контекст во кој тие неодамна беа конструирани како неквалификувани и несакани.

На вработените во Националната здравствена служба за мигранти (НХС) чии визи ќе истечеа, летото им беше кажано дека тие автоматски ќе се обноват за да можат да се фокусираат на борбата против Ковид-19. Персоналот на НХС, кој секојдневно се соочува со пациенти кои бараат да се видат со белец лекар, и се напаѓа преку медиумите кои се премногу подготвени без проблем да ја повторуваат репликата дека „мигрантите се одвод на социјалната држава", беше замолен да ги жртвува своите животи и благосостојбата на нивните семејства.

Набргу по општите избори во декември 2019 година, новоизбраната влада на Џонсон ја објави својата намера да напредува со имиграциониот систем базиран врз поени. Овој предложен систем значително ги ограничува перспективите за трајно населување токму за луѓето - вклучувајќи ги и медицинските сестри и лицата кои даваат нега - од кои Британија зависеше за време на пандемијата.

**Во 2020 година протестите против убиството на Џорџ Флојд се проширија низ целиот свет. Движењето беше особено големо во Велика Британија. Зошто паролата: „Црните животи се важни" имаше такво влијание?**

Имаше нешто многу специфично поврзано со времето на овие демонстрации. Прво, тие беа организирани за време на затворање, во време кога луѓето гледаа како општеството радикално се преструктуира од горе надолу, на начини за кои со децении ни беше кажувано дека никогаш нема да бидат возможни. Второ, Велика Британија го доживеа најлошиот биланс на жртви во Европа и способноста на луѓето да тагуваат и да се собираат беше исклучително ограничена. Не можејќи целосно да ја одбележат загубата на најблиските на индивидуално ниво, луѓето беа масовно погодени. Распаѓањето - на општеството, концептот на општеството и психата на луѓето - значеше дека гневот и колективната тага откако дознаа за смртта на Џорџ Флојд во полициски притвор, ги поттикна луѓето на невиден начин.

Пандемијата, исто така, јасно покажа како структурниот расизам ги прави расизираните луѓе ранливи. Ова првпат не го осозна само пошироката јавност; и многу расизирани луѓе го сфатија ова. Зборував со соседите и пријателите од расизирани заедници кои беа збунети. Претходно,

тие никогаш немаше да го поминат секојдневието мислејќи за себеси како непропорционално ранливи на вирус поради расизам, но одеднаш тие станаа свесни за тоа и се чувствуваа исплашени за своите најблиски.

**ОВА ВО ОСНОВА Е АНТИКОЛОНИЈАЛНО ДВИЖЕЊЕ. СТАНУВА ЗБОР ЗА ОТПОР ПРОТИВ СИСТЕМОТ КОЈ ГИ ПОТЧИНУВА ЦРНИТЕ ЖИВОТИ.**

### Дали протестите беа пресвртница за антирасистичкото движење во Велика Британија?

Обемот на бунтот - во однос на локациите, бројот на демонстранти и зачестеноста - беше без преседан. Приемот од медиумите, корпорациите и естаблишментот беше, исто така, нов. Се разбира, голем дел од ова беше кооптација, а самиот факт дека движењето наиде на одговор кој, барем на лице место, изгледа го сфаќаше сериозно, беше единствен. Наеднаш, политичарите почувствуваа дека мораат да коментираат укинување на полицијата; очигледно беа против, но тоа првпат влезе во мејнстрим дискурсот.

Истовремено, протестите се дел од долгата историја на анти-расистички активизам, кој е одговорен за секоја прогресивна победа во борбата против расизмот. Размислувајќи за статуата на трговецот со робови, Едвард Колстон, која беше соборена во Бристол, важно е да запомните дека „Родс мора да падне“, движењето за отстранување на статуата на колонистот Сесил Родс, започна во Јужна Африка, а потоа зеде замав во Велика Британија на Универзитет Оксфорд во 2015 година. Ова во суштина е антиколонијално движење. Станува збор за отпор против систем што ги потчинува „црните животи“. Директната акција што ја видовме е вид на отпор кој се бори против структурниот расизам во неговата срж. Законот ги претставува демонстрантите како криминалци, кои осквернавиле јавни споменици, кои оштетиле имот. Реалноста е дека овие демонстранти се вклучени акти на отпор против вековните насилства и уништување на расизираните луѓе, нивните тела, нивната култура, нивната слобода и нивната човечност.

### Во која насока треба да оди антирасистичкото движење во Велика Британија?

Во овој момент се соочуваме со многу пречки, вклучително и зголемувањето на национализмот и десничарската авторитарна влада, која, како што ни покажа пандемијата со Ковид-19, е подготвена да остави голем дел од нејзиното население да умре без потреба. Секоја прогресивна победа мора енергично да се брани. Владите имаат начин повторно да ја регулираат нееднаквоста во моментот кога ќе добијат шанса. Понекогаш има прогресивни победи, во или надвор од судницата, само за владата повторно да воведе штетни политики. Еден ризик е барањата да се ограничат на прашање на отстранување на статуи, а не на демонтирање на структурниот расизам. Освежувачки беше да се видат барања околу укинување на затворот, бидејќи ова се видовите радикални барања што треба да ги поставиме. Фокусот на статуите го одвлекува вниманието од материјалните ефекти на расизмот врз животот на сиромашните расизирани луѓе. Треба да бараме пристап до безбедно домување и работа, здравствена заштита, чист воздух и сигурност на храна.

*ВЕЛИКА БРИТАНИЈА НЕ Е ЕДИНСТВЕНАТА ЗЕМЈА СО НЕЧЕСЕН ОДНОС КОН НЕЈЗИНАТА ИМПЕРИЈАЛИСТИЧКА ИСТОРИЈА.*

## Брегзитот доминира во британската политика од 2016 година. Како тој се поврзува со британското колонијално минато?

Брегзит ја меша носталгијата за империја со амнезија. Копнежот по некое време кога Британија владееше со брановите е долготрајна состојба на умот. Можеме да го видиме тоа во културната репродукција на Велика Британија за себе и нејзиниот дискурс за влијанието на светската сцена. Голем дел од овој дискурс е околу Велика Британија како бастион за човекови права, и се разбира, колонијализмот се продаваше преку идејата за цивилизирање на варварските култури и места. За време на референдумот, политичарите тврдеа дека напуштањето на Европската унија ќе ја врати Велика Британија во глобална доминација, опасен еуфемизам за колонијалната ера на експлоатација.

„Брегзит ја меша носталгијата за империја со амнезија.“

Амнезијата се појавува со конструирањето на кампањата „Гласај за излез“ (Vote Leave) за Велика Британија од 40-тите години на 20 век како островска држава што се бореше против фашизмот. Но, Велика Британија не беше национална држава за време на Втората светска војна; тоа беше империја со имоти низ целиот свет. Митолошките наративи околу империјата - сите водени од фантазија, амнезија и носталгија – го прогонуваат денешното време. Велика Британија можеше да ја напушти Европската унија само врз основа на ветувањето за враќање во „Велика Британија“ поради незнаење околу тоа што всушност беше империјата.

## Што ќе значи Брегзит за расизираните лица во Велика Британија?

Дури и пред гласањето, се зголемуваше криминалот од омраза и нападите против расизираните луѓе. Напуштањето на Европската унија брзо се претвори во прашање за враќање на контролата врз границите, а сузбивањето на имиграцијата беше централна точка на обединување на кампањата „Гласај за излез“. Секој за кој се сметаше дека не е Британец, брзо стана фер игра.

Идејата за „Излез“ имаше моќен и поразителен ефект. Имаше еден вид фетишизација на британското државјанство што доведе до стигматизација

на секој што не го поседува тоа државјанство или за кого може да се смета дека го нема. Ужасна последица на имиграциската политика на „непријателското опкружување“ на владата беше скандалот „Виндраш“ во кој беа депортирани црномурести британски граѓани. На луѓето кои со право сметаа дека имаат безбеден статус им беше речено: „Немате доказ дека имате право да бидете тука, мора да заминете“.

## Дали Европската унија треба да се пресмета со колонијалното минато на другите нејзини членки?

Британија не е единствената земја со нечесен однос спрема нејзината империјалистичка историја. Европската унија посебно во првата верзија, ја сочинуваа поранешни колонијални сили кои ги намалуваа своите загуби, здружувајќи ги ресурсите што ги ограбуваа преку колонијалните ескапади и повлекувајќи го колективниот подвижен мост. Создавањето на Шенген-зоната бараше изградба на тврдината Европа, а европските трговски аранжмани и натаму се конфигурирани на штета на поранешните колонии.

Митот што секогаш се раскажува за Европската унија е дека станува збор за мир и економска меѓузависност за да се спречат идни војни. Но, многу европски земји сè уште поседуваат колонии и отсуството на војна отсекогаш било локализирано во географска Европа. Во Алжир имаше војна кога сè уште беше дел од Франција, а земјите-членки на ЕУ продолжуваат да водат империјални војни под маската на хуманитарна интервенција и покрај изворната приказна за мирот. Без препознавање на корените на Европската унија во колонијализмот и империјата, не гледам како Европската унија може да се справи со возобновувањето на десничарските фашистички и расистички сили во Европа. Ова се наследства на империјата.

## Каква улога може да има движењето „Црните животи се важни“ низ цела Европа?

Некои европски земји го немаат истиот простор во граѓанското општество како во Велика Британија за антирасистичко организирање. Во Франција и Германија, на пример, тешко е да се разговара за расизам поради контрапродуктивната идеја дека зборувањето за раса повикува или сам по себе е расизам. Протестите „Црните животи се важни“ можат да обезбедат легитимитет и глас за заедниците кои инаку немаат простор да привлечат внимание за материјалните услови во кои живеат сиромашните расизирани луѓе.

„Без препознавање на корените на Европската унија во колонијализмот и империјата, не гледам како Европската унија може да се справи со возобновувањето на десничарските фашистички и расистички сили во Европа.“

Се сомневам дека владите и Европската унија можат да воведат реформи што ги менуваат причините за структурниот расизам. Јас наоѓам надеж во колективното организирање, во движењата и заедниците кои се здружуваат на меѓународно и национално ниво. Овие движења можат да го пренасочат дискурсот, да се поддржат едни со други и да се погрижат овие наративи да станат поистакнати.

**Зелената партија на Англија и Велс се обврза на репарации за ропството во октомври 2020 година. Дали репарациите се важни за европските земји сериозно да ги извршат?**

Репарациите се дел од исправувањето на неправдите во минатото и ќе бидат потег кон препознавање на колонијалните наследства и нивните ефекти на обесправување низ целиот свет. Но, тие не се доволни, ниту за земјите што би добиле такви средства, ниту за земји како Велика Британија, која на домашен терен останува колонијално конфигурирана до ден-денес. Сиромашните расизирани луѓе продолжуваат да бидат ранливи на штети и предвремена смрт во поранешните колонијални метрополи. Дали репарациите би се справиле со ова? Јас не мислам така. Репарациите треба да се сфатат пошироко, не само дека ги опфаќаат финансиските исплати на поранешните колонии, туку и како дел од обидите за радикално менување на структурите што ги земаме здраво за готово, како што се законот за имиграција и тешкотиите во пристапот до домување, безбедна работа и здравствена заштита.

**Како можат прогресивните партии да го поддржат антирасистичкото движење?**

Тие можат да започнат со преземање на сигналот од барањата што ги поставуваат луѓето кои доживуваат расно насилство. Има толку многу докази и истражувања што можат да се користат за насочување на промените во политиките чија што цел е подобрување на материјалните услови со кои се соочуваат сиромашните расизирани луѓе. Проблемот, барем во Велика Британија, е што главните политички партии ја прифаќаат логиката за Брегзит, според која ресурсите се оскудни и се единствено право на белите луѓе. Тоа е опасна и непотребна политика со нула сума. Кога прогресивните партии повикуваат на патриотизам, тоа завршува во исклучувачката политика на национализам. Нема прогресивно во националното.



**НАДИН ЕЛ-ЕНАНИ**
е виш предавач на Правниот факултет Бирбек и ко-директор на Центарот за истражување на раса и право на Универзитетот во Лондон. Нејзината најнова книга е „*(B) ordering Britain: Law, Race and Empire*“ (Manchester University Press, 2020).



**ЏЕНИФЕР КВАО**
е практикант во Зелениот европски журнал. Таа е магистер по европски студии на КУ Лувен, каде што ја напиша својата магистерска дисертација за колонијалното наследство на Гана во нејзините трговски и развојни односи со ЕУ и Кина.

# ПОВРЗЕТЕ ГО ГРАДОТ

## ПРАВА, ПРАВДА И ДИГИТАЛЕН ЈАЗ

НАПИС ОД **ГИЛЕМ РАМИРЕЗ ЧИКО**

Одговорот на дигиталниот јаз во Барселона е политика што ги става луѓето и правата во центарот на дигиталната транзиција.

Меѓу трендовите забрзани со пандемијата, дигитализацијата се издвојува по темпото на промена. Големи делови од образованието, работата и социјалните услуги се преселија на Интернет за неколку недели. Иако на многу луѓе им недостасуваат врски, опрема и вештини за пристап до она што се често основни права, голем дел од оваа промена ќе биде трајна. Во 21 век, ќе станува сè потешко да се живее без Интернет. За градовите како што е Барселона, одговорот е политика што ги става луѓето и правата во центарот на дигиталната транзиција.

Меѓу 14 март и 18 мај, Барселона доживеа строго затворање. Жителите можеа да ги напуштат своите домови само за храна и лекови, медицински посети или основна работа. Додека не се врати одредена нормалност во јуни, 73 проценти од луѓето кои беа сè уште вработени работеа од дома.[1] Децата на училишна возраст, исто така, останаа дома бидејќи целото образование се спроведуваше преку Интернет.

Пандемијата ја забрза дигитализацијата кога технологијата се вклучи да ја олесни комуникацијата, да ги подобри социјалните услуги и да ја одржи економската активност за време на затворањето. Градовите беа главната сцена на ова забрзување. Во Барселона, дигиталните технологии се во срцето на одговорот на здравствената и социо-економската криза: од производство на опрема за лична заштита и социјална акција за поддршка на ранливата популација до големиот премин на далечинско работење. Е-администрацијата обезбеди континуитет на општинските услуги.

Спречувањето на физичкото дистанцирање да стане социјална изолација беше принципот по кој функционираа Барселона и многу други европски градови. Но, затворањето, исто така, ги откри и очигледните нееднаквости

CA

Овој напис е достапен на каталонски јазик на веб-страницата на *Зелениот европски журнал*.

### CAP A UN DRET A LA INCLUSIÓ DIGITAL?

La inclusió digital és qüestió de drets humans. Aquesta és, probablement, la principal contribució de l'experiència del confinament al model digital europea.

1 Departament d'Estudis d'Opinió, Oficina Municipal de Dades, Ajuntament de Barcelona (2020). *Enquesta Covid-19 a Barcelona*. Available at <bit.ly/2TJSRGe>.

во пристапот и употребата на дигиталните технологии. Ефектите од сè попознатиот „дигитален јаз“ се јасни: дигитализацијата влијае на пристапот до човековите права како што се правата на работа, квалитетно образование, еднакви можности, пристап до јавни услуги, пристоен животен стандард, родова еднаквост и пристапност .

Во последниве години, „дигиталните права“ - пред сè во врска со приватноста, податоците, транспарентноста и прашањата за технолошка одговорност - станаа дел од европската агенда за технологија. Донесувањето на Општата регулатива за заштита на податоците во 2016 година е добар пример. Сепак, материјалната димензија на дигитализацијата и нејзиното социјално влијание се едвај присутни. Пандемијата нуди можност да се поправи овој курс и да се постави прогресивна социјална агенда за дигиталното време: дигиталната транзиција нема да успее ако не функционира за секого.

## ТЕХНОЛОШКИОТ ХУМАНИЗАМ И ДИГИТАЛНИОТ ГРАД НАСОЧЕН СПРЕМА ЛУЃЕТО

Во последните пет години, Градскиот совет на Барселона промовираше дигитален градски модел базиран врз правата. За време на претходниот општински мандат (2015 до 2019 година), дигиталната политика на Барселона го унапреди технолошкиот суверенитет на градот. Инсталирана е мрежа од 15.000 урбани сензори Сентило за поддршка на градската администрација преку генерирање податоци во реално време за мобилноста, управувањето со отпад, квалитетот на воздух и потрошувачката на енергија. Беше поставена платформа за отворено дигитално учество на граѓаните, Децидим, која сега се користи во над 100 градови во 20 различни земји. Бесплатниот софтвер претставуваше над 70 проценти од буџетот за дигитален развој на општината, чија цел беше да се осигура дека и граѓаните и јавниот сектор можат да изберат етички дигитални услуги - во смисла на употреба на податоци, но и на граѓанска контрола на технологијата.

> „[…] пристапот базиран врз права е веројатно единствениот начин социјалната правда да се стави во анализата на дигиталниот јаз, а во исто време да се принудат јавните власти на акција.“

Актуелната општинска влада, коалиција помеѓу општинарите на Барселона Ен Комо и социјалдемократската партија на социјалистите од Каталонија, го прошири фокусот на дигиталната политика за да промовира „технолошки хуманизам“. Дигиталниот град насочен кон луѓето ќе се гради врз политика што гарантира основни права и слободи (приватност, учество и граѓанска контрола); што демократски ги регулира новите технологии (вештачка интелигенција, 5G) засновани врз општествена употреба и што ја вклучува дигиталната димензија во постојниот збир на социјални права (образование, социјална грижа, пристапност и домување).

## СОЦИЈАЛНИ НЕЕДНАКВОСТИ, ДИГИТАЛНА НЕЕДНАКВОСТ

Барселона е нерамноправен град. Според податоците од 2017 година, мнозинството од населението (52,9 проценти) живее во населби со средни приходи, а 16,7 проценти во населби со високи

приходи.[2] Скоро третина од населението (30,4 проценти) живее во населби со ниски приходи. Приходот во областа со највисоки примања, Педралбес во Лес Кортс, е 6,4 пати повисок од оној во таа со најниски примања, Сиутат Меридијана во Ноу Барис.

**ПРИХОДОТ ВО ОБЛАСТА СО НАЈВИСОКИ ПРИМАЊА Е 6,4 ПАТИ ПОВИСОК ОД ОНОЈ ВО ТАА СО НАЈНИСКИ ПРИМАЊА**

Пандемијата несразмерно ги погоди посиромашните области. Од една страна, многу работници со ниски примања не можеа да ги извршуваат своите должности надвор од местото, ниту пак ризикуваа да се откажат од своите приходи поради недостаток на работа. Од друга страна, домовите во областите со најниски приходи се генерално 47 квадратни метри помали од градскиот просек од 134 квадратни метри.[3] Економската криза само ги продлабочи постојните нееднаквости. Помеѓу јануари и август, невработеноста во Барселона порасна за 2,1 процент и достигна 8,6 проценти.[4] Областите со пониски приходи како што се Сиутат Меридијана, Тринитат Вела и Валбона забележаа поголеми зголемувања од побогатите области.

Дигиталниот јаз е изграден околу овие исти урбани нееднаквости. Во 2016 година, 96 проценти од жителите на Барселона пријавиле дека имаат пристап до Интернет. Во една од најсиромашните области на градот, Торе Баро во Ноус Барис, бројката падна на 62 проценти. Истражувањата од 2016 година утврдија дека просечната возраст, родовата структура, нивото на образование и приходите на соседството се јасни детерминанти на пристапот и употребата на Интернет.

На почетокот на 2020 година, социјалните организации во Барселона и Каталонија објавија податоци за влијанието на дигиталниот јаз врз луѓето на кои им служат - особено ранливите заедници. Дваесет проценти немале компјутер дома и 18,5 проценти не можеле слободно да пристапат на Интернет.[5] Во домаќинства со нето приход под 500 евра месечно, 42 проценти немале компјутер и 28 проценти не можеле да пристапуваат на Интернет по своја волја. Социоекономските услови играат јасна улога, но исто така и социјалниот капитал. Меѓу луѓето кои не се од шпанска националност, кои ги опслужуваат организации од трет сектор, процентот на тие што немаат слободен пристап на Интернет се искачи на 37 проценти.

## ДИГИТАЛНИОТ ЈАЗ И КОВИД-19

Пандемијата дополнително ги зголеми ефектите од дигиталниот јаз. Фондацијата „Hàbitat3“ е оператор за социјално домување што управува со станови за семејства кои се соочуваат со социјална вонредна состојба. „Hàbitat3“ гарантира закупнина, управува со изнајмувањето и обезбедува соодветна социјална грижа. Податоците од истражувањето на станарите за дигиталниот јаз

2 Oficina Municipal de Dades, Ajuntament de Barcelona (2017). *Distribució territorial de la renda familiar disponible per càpita a Barcelona*. Available at <bit.ly/3mLjDe8>.

3 Clara Blanchar (2020). “Confinarse en Barcelona: 87 metros cuadrados de diferencia entre barrios ricos y pobres”. *El País*. 18 April 2020.

4 Departament d’Estadística, Ajuntament de Barcelona. “Evolució de l’atur registrat – Barcelona”. Available at <bit.ly/324XLlL>.

5 M4Social (2020). “La Bretxta digital en les persones ateses per entitats socials”. Available at <bit.ly/2Gl0Kip>.

од март до јуни 2020 година ја покажуваат големината на кризата.[6]

За време на затворањето, 26 проценти од станарските семејства немаа домашен Wi-Fi; 16 проценти исто така немаа пристап до Интернет преку мобилни телефони или таблети, а 6 проценти немаа никаков вид на интернет врска. Меѓу оние што можеа да се поврзат, образованието и вработувањето беа најчеста употреба. А сепак, кога 45 проценти од испитаниците можат да пристапат на Интернет само преку мобилен телефон и 50 проценти од семејствата имаат три или четири члена, ефектите од дигиталниот јаз врз пристапот до квалитетно образование или пристојна работа се јасни. Социјалните работници на Фондацијата „Hàbitat3“ исто така известија дека многу станари имале потешкотии во обработката на административните процедури преку Интернет, учество во едукативни активности преку Интернет, барање работа и пристап до платформите за видео конференции. Дигиталниот јаз е, исто така, прашање на вештини.

## ГРАДОВИТЕ ПРЕЗЕМААТ АКЦИЈА

Набргу по заклучувањето, во јули, 79 проценти од граѓаните на Барселона веруваа дека далечинското работење ќе стане норма во иднина.[7] Шеесет и осум проценти поддржаа далечинска работа од големи размери и за приватниот и за јавниот сектор. Но, ако дигиталната трансформација генерира нови потреби во врска со пристапот до јавните услуги, не треба ли јавните власти да создаваат нови начини за нивно задоволување?

Одговорот на Градскиот совет на Барселона укажува на напредок во оваа насока. До крајот на април, 5.300 мобилни уреди веќе беа дистрибуирани до студентите погодени од дигиталниот јаз. Паралелно со ова, градската меѓупартиска работна група за опоравување по Ковид, во која исто така има над 200 граѓански организации, ја вклучи дигиталната инклузија како приоритет за градот. Во последните четири месеци од 2020 година, планот за итна дигитална инклузија на градот ќе инвестира 700.000 евра во олеснување на дигиталниот пристап и обезбедување обука за луѓето во областите со пониски примања. Меѓу другите мерки, планот ќе ја зајакне мрежата на соседски објекти (општински Фаб Лабс) каде што жителите можат да пристапуваат на Интернет и да користат дигитални технологии. Советот ќе им обезбеди на општинските канцеларии во населбите со ниски примања обучувачи кои ќе ги учат луѓето на дигитални вештини, како на пример како да пристапат до општинските процедури преку Интернет и да користат софтвер за видео конференции и е-пошта. Грантовите ќе бидат наменети за организациите во заедницата кои се борат против дигиталниот јаз за специфични групи како што се мигрантите и жените со ниски примања.

Планот е прв од ваков вид во Барселона. Но, градовите низ Европа и САД преземаат слични

6 Fundació Habitat3 (2020). *Informe, Bretxa Digital de les famílies i persones ateses per Hàbitat3*. Available at <bit.ly/3ehcsqZ>.

7 Oficina Municipal de Dades, Ajuntament de Barcelona (2020). *Baròmetre Semestralde Barcelona*. Available at <bit.ly/34QBKJn>.

ГРАДОВИТЕ НЕ МОЖАТ САМИ ДА ГИ НАДМИНАТ ДИГИТАЛНИТЕ НЕЕДНАКВОСТИ

активности за подобрување на поврзаноста во време на Ковид-19. Преку програмата „Милано Аиута“, градскиот совет на Милано воспостави договор за соработка со „Самсунг“ за да обезбеди бесплатна поддршка на луѓето над 65 години кои имаат потешкотии при користење на Интернет. Во Франција, градските влади на Париз и Нант усвоија програми за дигитални ваучери: во Нант, 2.000 луѓе добија 50 евра за замена за дигитални обуки со организации од заедницата.

Но, најамбициозната иницијатива е „Главен план за Интернет“ во Њујорк. Во јануари 2020 година, градската влада откри дека 18 проценти од жителите (над 1,5 милиони луѓе) немаат пристап до Интернет дома или преку мобилен телефон. Во случајот на луѓе кои живеат под прагот на сиромаштија, до 46 проценти немаат пристап на Интернет дома. Објавен пред пандемијата, планот има цел да постигне универзална интернет-врска за Њујорк. Во контекст на Ковид-19, градоначалникот Ди Бласио најави 157 милиони долари инвестиции за да се забрза спроведувањето - од кои 87 милиони беше од буџетот на њујоршката полиција.

## ДИГИТАЛНА ИНКЛУЗИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ПОВЕЌЕ НИВОА

Но, градовите не можат сами да ги надминат дигиталните нееднаквости - особено во контекст на падот на приходите и ограничувањата на буџетот. Акциите и политиките за праведна дигитална транзиција ќе треба да се распоредат на различни нивоа - од градовите сè до Европската унија. Ако сакаме да обликуваме широко право на дигитална инклузија, треба да ја поставиме дигиталната агенда во центарот на политичката дебата, да го ажурираме законодавството, да експериментираме со политиките и да воспоставиме соработка помеѓу владите, организациите во заедницата и операторите.

Дигиталната политика се потенцира на дневниот ред на сите нивоа. Во јуни, генералниот секретар на ОН, Антонио Гутереш, презентираше План за дигитална соработка, со цели како што се дигитална инклузија и универзално поврзување до 2030 година. Шпанската влада го претстави својот план „España Digital 2025“, кој ветува инвестиции во 100 проценти широкопојасна поврзаност, нови технологии , и дигитални вештини. Во

Европа, Европската комисија ги повика владите да осигураат дека најмалку 20 проценти од инвестициите извршени со користење фондови на ЕУ од следната генерација ќе бидат во дигиталното царство.

Но, треба да одиме понатаму: пристапот базиран врз права е веројатно единствениот начин социјалната правда да се стави во анализата на дигиталниот јаз, а истовремено да се принудат јавните власти на акција. Во овој случај, националните влади треба да ја ажурираат тековната законска рамка за да се прилагодат на потребите на дигиталната транзиција. Ова значи зајакнување на она што се сметаше за строго „дигитални права“, но, исто така, и препознавање дека пристапот до социјалните и политичките права - правото на учество, образование, пристапност, социјална грижа, родова еднаквост, работа и домување - сега вклучува пристап до Интернет, потребни вештини и соодветни услови за користење на дигитални алатки под еднакви услови.

Во оваа смисла, Барселона ја повика шпанската влада да го признае правото на дигитална инклузија како социјално право на новата генерација. Барселона предложи да се трансформира генеричкиот израз „право на дигитална инклузија“ во конкретни, применливи права - права што, доколку е потребно, можат да бидат однесени пред судовите. Тоа вклучува право на отворен и бесплатен интернет, право на основна обука и стручна обука за познавање и одговорно користење на нови технологии и право на недискриминација во пристапот до јавни услуги заради недостаток на дигитални вештини.

Тоа не значи дека градовите не можат да сторат ништо во врска со дигиталниот јаз сè додека ова не се случи. Напротив, промовирањето на дигиталната инклузија вклучува развој на политики за обезбедување пристап до Интернет на микро ниво. Станува збор за замислување решенија како што е дигитална шема за попусти за ниски примања, начини за финансирање на оптички врски во населби каде што има помала покриеност, зголемување на бројот и видот на уредите по семејство и олеснување на размената на знаење и дигитални вештини. Локалната скала, на ниво на град, област, населба или заедница, е најпогодна за тестирање на политиките за дигитална инклузија.

Локалните самоуправи имаат клучна улога во решенија како овие со откривање на ранливостите и потребите и, до одреден степен, со финансирање на овие политики. Тие, исто така, можат да изградат екосистем на инклузија, поврзувајќи ги приватните технолошки оператори со организациите во заедницата кои работат со групи погодени од дигиталниот јаз, и генерирајќи регулаторни и финансиски стимулации за нивна соработка.

Вистината, сепак, е дека воведувањето на социјална правда и човекови права во дебатата за дигитализацијата е предуслов за надминување на дигиталниот јаз. Затоа, во пост-Ковид ерата, поитно е од кога било да се работи за признавање на правото на дигитална инклузија и да се стави дебатата за нееднаквостите и социјалните права во срцето на европскиот дигитален модел.

## ЕВРОПСКИОТ ПАТ ДО ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Европа лежи меѓу моделот на капитализам на платформа и економија на податоци од Силиконската долина, и кинескиот модел на дигитален развој во служба на политичка контрола. И во двата случаи, дигитализацијата генерира победници и губитници. Европскиот пат мора да понуди алтернатива на оваа дихотомија.

Ова значи зајакнување на способноста на Европа да ја игра дигиталната игра преку развој на капацитетот за индустриска иновација, заеднички простори за податоци и вештачка интелигенција, како што веќе објави Европската комисија. Но, пред сè, тоа значи да се понуди фер дигитална транзиција што ги исполнува европските вредности на демократија, еднаквост, човекови права и социјална кохезија. Размислувањата за правда влијаат на сите страни на дигиталната транзиција, која е нужно повеќеслојна. Даночните системи треба правилно да ја бележат активноста на транснационалните дигитални платформи. Јасни ограничувања мора да се постават на способноста на приватниот сектор да профитира од личните податоци, врз основа на нашите основни права и слободи. Владите и приватниот сектор мора да ги трансформираат начините на производство и потрошувачка спрема такви што придонесуваат за еколошка транзиција.

„Европа лежи меѓу моделот на капитализам на платформа и економија на податоци од Силиконската долина, и кинескиот модел на дигитален развој во служба на политичка контрола.“

Градовите мора да бидат во можност да го регулираат влијанието на дигиталните платформи врз урбаната реалност во која дејствуваат. Новите технологии - особено вештачката интелигенција - мора да се придржуваат до етичките критериуми за да не се репродуцираат постојните социјални нееднаквости. Во време кога дигиталната поврзаност и вештините ги одредуваат еднаквите можности и пристапот до социјалните права како што се образование, работа, здравствена заштита, пристапност и јавни услуги, тие мора да бидат достапни за секого.

Оваа последна димензија ја става социјалната правда во срцето на дебатата за дигитализацијата: дигиталната инклузија е прашање на човековите права. Ова е веројатно главниот придонес на искуството со затворањето во европскиот дигитален модел. Интегрирањето во прогресивни политички агенди ќе биде од суштинско значење за европскиот пат кон дигитализација преку фер дигитална транзиција.



**ГИЛЕМ РАМИРЕЗ ЧИКО**
е политиколог, магистер по меѓународен развој од Универзитетот во Амстердам. Тој во моментов е политички советник за градска дипломатија и дигитална политика во Градскиот совет на Барселона.

# ПАНДЕМИЧНАТА ПОЛИТИКА И ЗЕЛЕНИТЕ

Во првите денови на пандемијата, политиката беше длабоко замрзната. Земјите бараа единство во криза, а гласачите се собираа околу нивните влади. Но, под површината, работите никогаш не престанаа да се движат. Како што се одржуваа избори и се формираа влади, стана јасно дека Ковид-19 ги смени однесувањето и очекувањата на гласачите, создавајќи нови политички партнерства и истиснувајќи ги проблемите во прв план. Од новите зелени градоначалници во Франција до дебатата за шведскиот одговор, гледаме што значи досега пандемијата за зелените партии низ Европа.



# НАДЕЖ ЗА ПОДЕЛЕНА ФРАНЦИЈА

од **РОЗАЛИ САЛАУН**

Со речиси 600.000 случаи на Ковид-19 потврдени до почетокот на октомври, Франција во најмала рака не беше подготвена за криза од овој обем. Не беше само јавниот здравствен систем преплавен од неочекуваниот вирус; И самата француска политичка култура се покажа како доста слаба.

Кризата започна за време на општинската изборна кампања во февруари и март. Стана очигледно дека владејачката партија на Емануел Макрон, „Ла Република ан Марш", требаше да загуби. Еден месец пред изборите, министерот за здравство на Макрон ја напушти владата за да се кандидира за градоначалник на Париз. Неколку недели подоцна, таа призна дека во тоа време веќе била свесна за катастрофата која се заканува во јавното здравство. Нејзиниот говор катастрофално ја поткопа веќе ослабената јавна доверба во владините способности за управување со кризи.

Градоначалниците се единствените политички личности од доверба во Франција и тие играат важна улога во земјата.[1] Франција има скоро онолку општини колку што имаат останатите 26 земји-членки на ЕУ заедно. По тешките дискусии во врска со одложувањето на изборите, владата го задржа датумот. „Демократијата не може да се запре", беше мотото на опозицијата. Затворањето започна два дена подоцна. Изборите доведоа до многу кластери на заболени и смртни случаи, вклучително и меѓу новоизбраните советници и градоначалници.

Воопштено говорејќи, кризата откри како претерано централизираниот јакобински политички систем во Франција доведува до неуспеси во донесувањето одлуки. Влегувајќи во криза, Франција немаше доволно маски за да го заштити својот медицински персонал поради претходните стратешки грешки. Управувањето со залихите од кризата со свинскиот грип во 2009 година беше доделено на компании и болници кои не ги обновија. Самите болници забележаа 10 години намалување на трошоците, до степен што службите за итни случаи штрајкуваа скоро една година. Единствената фабрика за маски во Франција беше затворена во 2019 година пред поранешниот министер од Зелените да успее повторно да ја отвори како задруга.

Во овој контекст, Зелените освоија неколку големи градови како Лион, Стразбур, Марсеј и Бордо во вториот круг од изборите кон крајот на јуни. Исходот го одразува фактот дека Зелените успеаја да ја отелотворат загриженоста за здравјето и безбедноста. Но, нивните резултати не беа толку добри како што се очекуваше, а невообичаено високата стапка на воздржаност предизвика загриженост за легитимноста на новите лидери.

Сепак, постојат основи за оптимизам. Во големите градови, на пример, се создадени нови велосипедски патеки. Колку ќе траат овие „коронаписти" (поп-ап велосипедски ленти) беше точка на преговори во вториот круг од изборите. Дека тие ќе останат е јасна приказна за успехот на зелените идеи. Покрај подобрувањата во меката мобилност и здравјето, Зелените исто така ја поддржуваат децентрализацијата на француската држава, но планот сè уште треба да го вклучи тоа во мејнстрим дискурсот. По можност во пресрет на регионалните избори во март 2021 година, т.е. ако се остварат.

**РОЗАЛИ САЛАУН**

е поранешна меѓународна офицерка и портпарол на француските Млади зелени. Таа е член на одборот на Европска „Écologie les Verts", Комисија за феминизам од 2016 година.

1 "Les Français font confiance aux maires". *Libération*. 4 March 2020.

# ШВЕДСКАТА РУТА

Од **АНДЕРС ШРЕДЕР**

Живеејќи во Лондон за време на пандемијата, јас, како и секој друг лондончанец, се занимавав со новата реалност на затворање: редици за намирници, празни улици, досада и маски за лице. Враќајќи се во мојот роден град Стокхолм во јули, контрастот не можеше да биде поостар. Шведската политика на релативна отвореност стана позната или неславна во зависност од тоа кого ќе прашате. Нема маски за лице, нема затворање, без затворање на несуштински дуќани. Само правило со кое се ограничуваат собири на 50 лица, затворање на средни училишта (не основни училишта) и препорака за работа од дома.

Политиката направи чудни партнерства, носејќи им на шведските социјалдемократи и владата на Зелените пофалби од американските републиканци и други крајно десни актери. Во шведскиот контекст, сепак, одлуката никогаш не стана политизирана, бидејќи стратегијата беше предложена од службата за јавно здравје. Во шведскиот дискурс, слушањето на експертите се сметаше за најодговорен пат напред, додека за политичарите во соседните земји се сметаше дека премногу реагираат. Овој став го споделуваа сите, од Зелените до Конзервативците.

Како помина отвореноста на Шведска? Се чини дека жирито сè уште не излегло. Најлошите стравови не се остварени. На почетокот на март, вирусолог стравуваше од 50.000 смртни случаи во Шведска. Во моментов, бројот е 5.900 (близу 600 на милион). Ова е сè уште далеку повисоко отколку во другите нордиски земји кои се одлучија за затворање. Од друга страна, земјите како што се Белгија и Холандија кои воведоа строги затворања, завршија со повисока смртност по глава на жител од Шведска.

Наместо да зборуваме само за отвореност наспроти затворање, потребни се повеќе нијанси. Кога станува збор за држење на училиштата отворени, се чини дека шведското искуство било успешно. Заедничката студија спроведена од финските и шведските власти за јавно здравје споредувајќи го затворањето на училиштата во Финска со не-затворањето во Шведска, покажа дека затворањето на училиштата немало никакво влијание врз ширењето на вирусот и шведските наставници не биле презастапени меѓу пријавените случаи. Со оглед на тоа што се проценува дека над милијарда деца ширум светот изгубиле училишно време – што најмногу ги погаѓа децата кои припаѓаат на маргинализирани групи - ова треба да биде огромна вест. Како можеме да бараме од младите во светот да поднесат ваква жртва кога ефектот врз ширењето во најдобар случај е маргинален (или дури и контрапродуктивен, како што стравуваше норвешката служба за јавно здравје)?

Другите аспекти на отвореноста на Шведска беа помалку успешни. Додека средните слоеви избегаа релативно неповредени, посиромашните имигрантски заедници се меѓу оние кои се особено погодени од вирусот. Бидејќи многумина беа изложени преку работа и живеат со големи семејства во мали станови, социјалното дистанцирање често беше невозможно да се следи, доведувајќи до значително повисоки стапки на смртност. Прогресивниот одговор на пандемијата треба да препознае дека отвореноста можеби беше во корист на големото мнозинство, но дојде по цена за маргинализираните групи. Истовремено, треба да се запомни дека некои политики воведени на глобално ниво - како затворање на основните училишта и затворање на границите - сè уште немаат јасни докази во врска со нивното влијание.

**АНДЕРС ШРЕДЕР**

е поранешен член на шведскиот парламент, и ја претставуваше партијата на Зелените. Тој беше портпарол на Партијата за одбранбена и безбедносна политика. Исто така беше ко-основач на *Supermiljöbloggen*, најголемите еколошки блогови во Шведска. Во моментов е студент на магистерски студии по меѓународни односи на Лондонската школа за економија (ЛСЕ).

# ЗЕЛЕНА ОТПОРНОСТ ВО ГЕРМАНИЈА

Од **СЕБАСТИЈАН БУКОВ**

Говорејќи пред парламентот на почетокот на февруари, министерот за здравство Јенс Спан го оцени како низок ризикот од Ковид-19 за германското население. Но, оваа проценка наскоро беше повлечена и беше воспоставен сеопфатен одговор за управување со кризи. Во март, канцеларката Ангела Меркел постави „израмнување на кривата" како главна цел, додека федералните и регионалните влади се согласија за мерки за запирање на јавниот живот. Иако Германија никогаш немаше целосно затворање, животот спиеше со недели. Во март, беа затворени градинките, како и училиштата, универзитетите, ресторантите, културните места и спортските објекти. Како резултат на намалувањето на бројот на случаи, „следењето контакти" стана нова цел кон средината на април и дискусиите за нормализација се зголемија.

Германија добро управуваше во првите шест месеци од пандемијата, како во поглед на економијата, така и во поглед на јавното здравје. Економијата беше поддржана со најголемиот пакет помош во историјата на Сојузната Република и со намалување на даноците, платени со јавно задолжување. Над трилион евра поддршка беше одобрена на федерално и регионално ниво заедно. Намалените надоместоци за работно време ефикасно спречија пораст на невработеноста, иако одредени сектори сепак страдаа особено лошо. Во септември невработеноста беше 6,2 проценти. По првиот потврден случај во Германија на 27 јануари, околу 325.000 случаи беа официјално потврдени до средината на октомври (9.621 смртни случаи). Здравствениот систем досега имаше добри резултати, потпомогнат од пониската возраст на пациентите, пониските стапки на контакти и ефикасното управување со пандемијата.

И покрај протестите против мерките за одговор, проблемите во врска со снабдувањето со медицинска опрема и збунувачката мешавина на регионални регулативи, перцепцијата на јавноста за управувањето со кризите е генерално позитивна. Довербата во владата се зголеми откако започна пандемијата. Владејачките демохристијани пораснаа во анкетите од мај на 39 проценти, пред да да се повлечат. Нивните коалициски партнери останаа стабилни, а поддршката за крајно десничарската „Alternative für Deutschland"падна. Зелените доживеаја умерени загуби во анкетите за време на првиот бран, но закрепнаа на нешто повеќе од 20 проценти поддршка, настапувајќи силно на локалните избори во Северна Рајна-Вестфалија во септември.

Стабилноста на нивото на поддршка на партијата на Зелените е донекаде неочекувана, но главната причина е што тие ги поддржаа владините мерки, истовремено успевајќи да ја нагласат отпорноста, превенцијата и погледот кон иднината. Во здравствениот сектор, Зелените се залагаат за попревентивен здравствен систем и реформи во здравственото финансирање. Во економијата, Зелените се залагаа за насочена поддршка што ќе ги зајакне локалните економии наместо општо намалување на даноците кое, исто така, им оди во корист на големите мрежни трговци.

Постојат и долгорочни фактори кои стојат зад силната позиција на Зелените. Ко-водачите Аналена Баербок и Роберт Хабек се популарни и надвор од партијата. Зелените владеат во 11 од 16 покраини, најважното ниво за политиките на Ковид-19. Прашањата за животната средина остануваат на дневен ред, сега поврзани со дебатата за одржливо економско рестартирање по пандемијата. Растот на партијата е стабилен од 2017 година и сега има над 100.000 членови. Зелените сè уште се најмалата партија во парламентот, но го одбранија второто место во анкетите. Тоа е добра почетна позиција за федералните избори во 2021 година.

**СЕБАСТИЈАН БУКОВ**

Кога Алија би можела да упати едно барање до иранската влада, тоа ќе биде почитување на законот што ги штити правата на мигрантите, пристап до образование и осигурување на работа - како останатите Иранци. Соочени со големи тешкотии, трите жени се надеваат дека ќе се опораваат и ќе си ги подобрат животите во пост-Ковид ерата, што е знак за нивната отпорност.

## ЗАЗДРАВУВАЊЕ ЗАСНОВАНО ВРЗ ПРАВА

Нема две исти приказни за мигрантите. Но, секое уникатно искуство придонесува за обликување на глобалниот наратив. Заедничка нишка од Грција до Јужна Африка до Иран се надежите на овие жени додека светот се опоравува од здравствената криза. Сите три се чувствуваат напуштени како аутсајдери во нивните земји на престој и сакаат нова реалност со подобри услови за работа и живот - средина каде што ќе бидат почитувани како рамноправни граѓани и ќе им бидат признати нивните непроценливи придонеси. За овие жени, затворањето ги нагласи нееднаквоста и неизвесноста со која се соочуваат, ставајќи ги на коцка нивните животи и примања - како и благосостојбата на нивните семејства дома, кои не беа во можност да ги поддржат како порано. Во многу земји, мигрантите беа обвинети за ширењето на вирусот, додека самите работеа на ризични работни места.

„За среќата на жените мигранти да се подобри, владите мора за нив да создадат подобри услови за живот и за работа."

Пандемијата предизвика невидени нивоа на лишување, историска човечка криза која ги погодува најсиромашните и ја влошува несигурноста – а сепак цело време им овозможува на милијардерите дополнително да го зголемат своето богатство на неверојатни 10,2 трилиони американски долари.[7] Меѓународната организација на трудот предвидува дека околу половина од светското работно население е изложено на ризик да ги загуби своите средства за живот.[8] За работниците мигранти, влијанијата од економскиот пад предизвикан од коронавирусот може да бидат долги, длабоки и распространети. За среќата на жените мигранти да се подобри, владите мора за нив да создадат подобри услови за живот и за работ. Според Светската Банка, ова значи вклучување на мигрантите во здравствени услуги, шеми за трансфер на готовина и други социјални програми, а истовремено штитејќи ги од дискриминација.[9]

Пандемијата ширум светот забележа примери на политички одговори кои ги штитат правата на работниците мигранти. Нов Зеланд дизајнираше шема за субвенционирање на плати достапна за мигрантите, додека во Калифорнија, фонд обезбедува поддршка на приходот на работници мигранти, без оглед на нивниот статус. Португалија

7 Rupert Neate (2020). "Billionaires' wealth rises to $10.2 trillion amid Covid crisis". *The Guardian*. 7 October 2020.

8 ILO (2020). "ILO: As job losses escalate, nearly half of global workforce at risk of losing livelihoods". ILO Press Release. 29 April 2020.

9 World Bank (2020). COVID-19 *Crisis Through a Migration Lens. Migration and Development Brief no. 32*. Washington DC: World Bank.

усвои мерки за третирање на мигрантите како постојани жители, а Италија разгледа регуларизација на околу 200.000 мигранти за да избегне недостиг на работна сила пред ги затвори своите граници.

Граѓанското општество одигра клучна улога во поддршката на мигрантите во текот на затворањето. Во Сингапур, верските организации доставуваа храна до работниците мигранти и купуваа телефонски кредит за да можат да комуницираат со своите семејства во странство. Тие исто така обезбедија маски и неопходни работи, како и парични донации и пријателска поддршка по телефон. Од Колумбија до Гана и Нигерија, верски и невладини организации пружаа основни работи за бегалците, барателите на азил и мигрантите таму каде државата не го стори тоа.

Кризи како оваа со која моментално се соочуваме може да се искористат за уназадување на човековите права во име на вонредната состојба. Но, тие, исто така, се можност да се решат вкоренетите нееднаквости со воспоставување нова основа од која ќе се бараат правата на луѓето. Покрај здравствената криза, пандемијата ја влоши долгогодишната неправда и ја истакна потребата за длабоки промени во нашите општества. Додека се обидуваме да ја изградиме таа промена, пресудно е да се слушаат оние кои се во несигурни позиции.



**ФЕЛИКС КВАБЕНА ДОНКОР**
е постдокторски истражувач на Колеџот за земјоделски и еколошки науки (УНИСА), Јужна Африка. Тој е член на „Future Earth's Knowledge-Action Networks“ и заменик-претседател на Јужноафриканската мрежа за адаптација.



**КЛАУДИЈА САНТОС**
е докторант од областа на климатски промени и политики за одржлив развој на Институтот за општествени науки (ИКС), Универзитет во Лисабон. Таа твита на @ClaudiaLSantos.



**МАРУЛА ЦАГАРИ**
е кандидат за доктор по еколошка економија на Автономниот универзитет во Барселона.



# СОЛИДАРНОСТ, НЕ ДОБРОДЕТЕЛСТВО
## ЗАЕМНА ПОМОШ ВО ЕВРОПА

Во кризата со коронавирусот никнаа мрежи на солидарност низ цела Европа и светот. Зелениот европски журнал разговараше со организаторите за нивните активности.

Додека владите им даваа инструкции на своето население да остане дома за да го спречат вирусот, мрежите на солидарност започнаа да функционираат низ цела Европа и светот. Волонтерите вршеа различни услуги: од доставување храна и лекови до обезбедување емоционална поддршка, грижа за децата и правно советување. Познат како „заемна помош“ - термин позајмен од анархистичкото размислување за реципроцитет и соработка – е мотивација за овие иницијативи што ги прекршува политичките традиции. Додека некои ги водат постоечки групи, други беа создадени од волонтери кои одговараа на итните потреби во услови на пандемија.

Оваа солидарност беше спасоносна милост за одредени делови од населението. Дури и пред пандемијата, некои земји се потпираа врз упатување до банките за храна за да избегнат обезбедување вистинска социјална заштита. Заемната помош на тој начин ја отсликува социјалната држава и штетата што ја направи штедењето. Истовремено, покажува дека социјалната помош не се доделува само одозгора. Темелите на националната социјална држава ги поставија кооперативните друштва, заедничките фондови и кредитните унии во 19 век. Преку здружување на заедниците на нови начини, иницијативите за заемна помош ги предоредуваат можностите за трансформација во 21 век. Зелениот европски журнал разговараше со организаторите за нивните активности за време на пандемијата.

# „NO NAME KITCHEN“ НА ТРАСАТА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

од **КЈАРА МИЛАН**

Затворањето на границите и ограничувањата за патување донесени заради епидемијата на коронавирус беа интензивно спроведени во земјите од Западен Балкан. Локалните и меѓународните волонтери активни долж трасата на Западен Балкан не беа во можност да продолжат да даваат директна поддршка на луѓето што се во движење. После години пронаоѓање на различни средства за пружање прва помош, облека и топли оброци на мигрантите што ги преминуваа земјите од поранешна Југославија, волонтерите на „No Name Kitchen“ (ННК) и други грасрут групи беа принудени да ги прилагодат своите стратегии на променливите околности. Не можејќи да „донесат храна до луѓето“, особено до оние кои спијат на отворено и во импровизирани кампови, поради недостапните службени центри за транзит и прием, тие решија „да ги донесат луѓето до храна“.

За време на најдраматичниот период од пандемијата, кога речиси сите меѓународни волонтери се најдоа принудени да ги напуштат транзитните земји, ННК се одлучи за дистрибуција на онлајн ваучери кои мигрантите можеа да ги заменат за прехранбени производи во локалните продавници и пекари со кои групата претходно контактираше. Оваа акција за заемна помош ја нарекоа „пазар на солидарност“, средство што им овозможуваше на грасрут групите да обезбедуваат храна за околу 500 луѓе неделно и да ја поддржуваат локалната економија.

Другите групи ги следеа стапките на ННК. Користејќи ги мрежите на социјалните медиуми, овие групи им пружаа помош на луѓето во неволја и им обезбедуваа купони што можеа да се трошат на локалните пазари од најважните јазли на миграциската патека, пред сè на границата меѓу Босна и Херцеговина и Хрватска. Овој пазар на солидарност им овозможи на волонтерите и активистите да продолжат да контактираат со луѓето кои се во движење и покрај тоа што не беа физички присутни на терен.

Пандемијата со Ковид-19 на многу начини влијаеше на нашиот социјален и политички живот. Пандемијата, покрај нејзините политички и социјални последици, значително го смени контекстот во кој се мобилизираат и организираат грасрут социјалните движења. На волонтерите и активистите што ги поддржуваат луѓето на трасата на Западен Балкан, ограничувањата за патување и затворањата дополнително им ги комплицираат активностите. Истовремено, мерките за ограничување им дадоа поттик да се прилагодат на контекстот што брзо се менува преку развој на нови алатки за мобилизација и преформулирање на нивните интервенции. Со тие алатки, беа во можност да ги продолжат своите активности и покрај неповолните околности. Дури и во услови на криза, се појавуваат нови активистички и солидарни мрежи, а постоечките зајакнаа.



**КЈАРА МИЛАН**
е Мари Склодовска - Кири соработничка во Центарот за студии на Југоисточна Европа на Универзитетот во Грац. Таа е автор на *„Social mobilization beyond ethnicity. Civic Activism and Grassroots Movements in Bosnia and Herzegovina“* (2020, Routledge).

## СУВЕРЕНИТЕТ НА ХРАНАТА ВО СЕВЕРНА ИТАЛИЈА

од **ДАГМАР ДИСНЕР**

„CampiAperti“ (Отворени полиња) се наоѓа во Емилија-Романја во северна Италија - регион познат по неизмерните земјоделски производи од сирење, вино, оцет, шунка, овошје и тестенини, од кои само 5% е сертифицирано како органско. Оваа искривена ситуација доведе до формирање на „CampiAperti“, здружение составено од околу 80 мали и средни производители и земјоделци, кои решија да ги вратат економијата, производството и природата преку самоуправување со сопствените пазари и производство.

При адаптирање на принципите на суверенитет на храната (за разлика од сигурност на храната), производителите и земјоделците на „CampiAperti“ остваруваат целосна автономија над нивните системи за производство и дистрибуција. Нивните земјоделски практики следат одржливи агроеколошки методи за генерирање систем на храна составен од производители и клиенти.

За време на пандемијата, Градскиот совет на Болоња веднаш ги затвори сите пазари во „CampiAperti“, иако супермаркетите и продавниците за храна можеа да останат отворени. Затворањето во Емилија-Романја, која по Ломбардија имаше втор најголем број случаи во Италија, беше силно спроведено од полицијата со камери кои фаќаа регистарски таблички и хеликоптери во воздухот што ги контролира јавните простори и патиштата од горе. Ова го ограничи просторот за развој на структура на солидарност што ќе им овозможи на производителите на „CampiAperti“ економски да останат во живот.

Производителите се подготвија за директна конфронтација со градскиот совет. Тие организираа виртуелен протест со слоганот „Одбрани ја солидарноста, а не вирусот!“, барајќи од луѓето да се приклучат од балконите и градините и да ги споделат своите индивидуални негодувања на колективна платформа. Две недели по петицијата, на три пазари им беше дозволено повторно да се отворат, но под строги услови на социјално дистанцирање. Тоа значеше дека пазарите можат да работат само како собирно место за производи.

Само на клиентите официјално поврзани со здружението им беше дозволено да одат на пазарите. Макотрпните напори на „CampiAperti“ да изгради директна врска со своите клиенти со години се исплатеа. Кога здружението упати преку Интернет повик до своите клиенти да се приклучат официјално, стапката на членови порасна. Производителите на „CampiAperti“ составија список на производи (зеленчук, овошје, сирење, вино, пиво, растителни производи и козметика) на нивните пазари и го објавија резимето на Интернет. Клиентите мораа да нарачуваат преку Интернет, а производителите меѓу себе ја координираа обработката и подготовката на нарачките. Овој аранжман функционираше многу добро и многу клиенти ги запознаа своите семејства и пријатели со пазарите. Пандемијата ја искристализира важноста на односот производител-клиент и особено потребата за заедничка одговорност во локалните системи за храна вон кризата со Ковид-19.



**ДАГМАР ДИСНЕР**
е докторантка во Центарот за агроекологија, вода и отпорност на Универзитетот Ковентри. Како пермакултуралист, таа е ко-основач на организација во заедницата која се залага за еколошки и здравствени прашања.

## НЕАПОЛСКА БОРБА ЗА ПРАВАТА НА МИГРАНТИТЕ

од **МАРИЕМА ФЕЈ**

„Movimento Migranti e Rifugiati Napoli" (Движење на миграгранти и бегалци Неапол) започна во 2016 година како грасрут иницијатива за одговор на ужасните услови во многу прифатни центри. Ја следи ситуацијата на терен и нуди поддршка каде што може. Многу мигранти не добиваат соодветна медицинска нега, затоа воспоставивме „клиника од нога"(walk-in clinic). Поради бирократските пречки со кои се соочуваат мигрантите, движењето нуди правна помош. Во последните неколку години поддржавме скоро 7.000 лица соочени со пречки за добивање дозвола за престој.

Пред пандемијата, веќе се подготвувавме за интензивна година. Во 2018 година, владата на Салвини го отстрани статусот на хуманитарна виза за мигрантите, промена која вети дека ќе отсече многу луѓе во 2020 година. Тогаш се случи Ковид-19. Материјална криза се совпадна со тоа што многу мигранти останаа без документи. Од нашиот социјален центар, воспоставивме мрежа за заемна помош што нуди храна и други неопходни работи за мигрантите и локалните семејства и, во исто време, нашата правна поддршка ја државме отворена преку Интернет и по телефон. Но, нашето движење не се однесува само на помош, тоа е и политичко. Во Италија, пандемијата предизвика недостиг на работна сила во одредени сектори.

Во екот на кризата, дури се зборуваше и за испраќање на луѓето кои добиваат надоместок за невработеност да работат на нива. Одговорот на италијанската влада беше една од нејзините повремени амнестии за луѓето кои работат во црната економија. Во Италија се проценува дека над 670.000 мигранти работат без договори и заштита од експлоатација. Досега 207.000 лица поднеле барање за амнестија, но сѐ уште не знаеме колку ќе бидат прифатени. Амнестијата е ограничена на сектори кои страдаат од недостиг на работна сила заради пандемијата, особено во секторите за нега и земјоделство, како и за работниците кои заработуваат квалификувана плата. Експлоатиран работник мигрант во секторот за логистика нема прибежиште. Пораката е јасна: за италијанската држава сте корисни само ако вршите одредена работа.

Нашето движење воопшто не е убедено во оваа амнестија. Се наоѓаме во здравствена криза, а сепак дел од населението остана без пристап до права и здравствена заштита. Одговорноста за безбедни и законски работни услови треба да ја спроведат работодавците, а не работниците, а италијанската влада треба правилно да го спроведе и зајакне постојното законодавство што ги штити мигрантите од експлоатација. Нашето движење демонстрираше на улиците и случаите на работници исклучени од амнестијата ги предаде до окружниот правобранител во Неапол.

Нашиот правен тим даде алтернативен предлог заснован врз почетна едногодишна дозвола за престој, кој ќе биде отворен за сите. Во глобална пандемија, условување на правата со работа претставува напад врз основното право на живот. Сепак, не чекаме солидарност од италијанската влада. Тргнуваме од поинаков принцип. Промената започнува одоздола. Проживеавме здравствена криза, карантин и губење на работни места. Знаеме како е да се работи на црно. Промената ќе дојде од нас.



**МАРИЕМА ФЕЈ**
е активистка во антирасистичката организација „Movimento Migranti e Rifugiati Napoli".

# АЛТЕРНАТИВНА ЕКОНОМИЈА ЗА БИРМИНГЕМ

од **СЕРХИО РУИЗ КАЈУЕЛА**

„Cooperation Birmingham" (Соработка Бирмингем) кон крајот на 2019 година ја создаде група луѓе вклучени во групи во заедницата и работнички и станбени задруги. Нашата амбиција е да бидеме активно партнерство меѓу задругите и заедничките добра, проширувајќи ги автономните заеднички искуства во Бирмингем, истовремено промовирајќи ја локалната економска демократија.

Планиравме да изградиме мрежа, да го развиеме нашиот модел на партиципативен начин и постепено да започнеме со активности во текот на 2020 година. Но, Ковид-19 промени сè. Бирмингем е град хронично погоден од сиромаштија со храна. Гледајќи пораст на солидарноста со пандемијата, почувствувавме потреба да дејствуваме. Во март 2020 година, започнавме солидарна кујна, самоорганизиран напор да се испорачаат здрави и обилни топли оброци на луѓе кои имаат потреба или се во самоизолација. Помеѓу март и август испорачавме над 20.000 оброци, потпирајќи се на донации, поддршка од задруги и доброволна работа на над 200 учесници.

Солидарната кујна беше врамена како проект за заемна помош, иако гледајќи station наназад, само делумно бевме успешни. Одлучувањето се вршеше на отворени собранија преку Интернет, сите учесници се охрабруваа да присуствуваат, а записниците беа јавно објавени на онлајн форум каде што секој можеше да дискутира. Тимот од кујната и возачите секогаш добиваа оброк во замена за нивната работа. Сепак, главно не успеавме да ги вклучиме примателите во солидарната кујна. Исто така, имавме ограничен успех во вклучувањето на повремени учесници во донесувањето одлуки. Социјалното дистанцирање, бидејќи не беа дозволени интеракции лице в лице кои се клучни за градење доверба, секако беше виновно. Но, можевме да сториме повеќе за да ги објасниме политичките вредности на проектот и да охрабриме поголема вклученост.

Прашањето сега е: каде одиме од тука? Во светло на економската криза, како можеме да создадеме одржлива структура заснована врз принципи на заедништво и взаемна помош, за локалните заедници да имаат средства за самоодржување? Ние сме во преоден период во „Cooperation Birmingham". Мојата лична визија (споделена со другите членови) е дека треба да се фокусираме на суверенитетот на храната за да создадеме агроеколошка мрежа за храна што обединува органски производители, работнички задруги и ранливи заедници. Нашата цел е постепено да ја зголемуваме нашата автономија со вклучување активности за производство на храна и градење инфраструктура во заедниците. На овој начин, можеме да обезбедиме алтернативни извори на здрава храна за оние на кои им е најпотребна и да ги охрабриме практиките на обезбедување храна засновани на солидарност, соработка и директна демократија.

Нашата визија вклучува три групи актери. Прво, градини на заедницата и индивидуални градини. Ние сакаме да се здружиме со постојните градини во заедницата и, исто така, да создадеме нови за да обезбедиме органска храна, локално одгледана и да ја намалиме зависноста од донации. Второ, жива мрежа на локални работнички задруги. Многу од нив се веќе вклучени и тие можат да ја обезбедат потребната инфраструктура за дистрибуција и подготовка на храна. На крај, но не и најмалку важни, локални заедници. Нашата цел е да ја изградиме моќта на заедницата преку создавање алтернативна солидарност и економија на дарување за храната во Бирмингем. За да создадеме структура која навистина се заснова врз заемна помош, треба да ги вклучиме потрошувачите во „Cooperation Birmingham" и да создадеме правични начини на пристап до храна што не ги исклучуваат оние кои немаат храна.



**СЕРХИО РУИЗ КАЈУЕЛА**
е член на „Cooperation Birmingham", „ Plan C" и други самоорганизирани групи во заедницата. Тој е исто така докторант на Центарот за агроекологија, вода и отпорност, при Универзитетот Ковентри, кој го проучува проширувањето на заедничките добра како пост-капиталистичка форма на социјална организација.

## САМООРГАНИЗИРАНА СОЛИДАРНОСТ ВО ЛАЈПЦИГ

од **ТОРСТЕН МЕХНЕРТ**

Иницијативата на „Stiftung Ecken wecken" (Фондација „Разбуди ги аглите") за време на Ковид-19 беше мотивирана од идејата да не ги остава луѓето сами во кризна ситуација. Во исто време, сакавме да ги зајакнеме населбите во Лајпциг и да им овозможиме на граѓаните активно да го поддржуваат и обликуваат местото каде што живеат. За таа цел, усвоивме постоечки систем за софтвер без лиценци за да ги поврземе луѓето со нивните соседи кои можеби се постари, живеат со попреченост, самохрани родители или основни работници на кои им е потребна помош. Волонтери помагаат при купување намирници, извршуваат работи, шетаат кучиња, разговараат на телефон, обезбедуваат грижа за децата или вршат мали поправки.

За кратко време, повеќе од 1.100 лица се регистрираа во Лајпциг и понудија помош за други во близина. Софтверот ги споредуваше оние што имаа потреба со регистрирани помагачи близу до нивното живеалиште, често во радиус од 100 метри. Првично, волонтерите извршуваа приближно 250 работи. Сепак, многу од нив почнаа редовно да купуваат или да шетаат по кучиња. Значи, овие услуги веројатно изнесуваа стотици интеракции што доведоа до растечка социјална кохезија и солидарност.

Убедени сме дека банките на знаење и експертиза меѓу граѓаните ја прават поддршката предводена од граѓаните многу поцелисходна и поефикасна од оние што ги иницираат властите. Но, овие услуги би можеле да бидат уште поефикасни доколку локалната самоуправа и граѓанското општество ги обезбедат на координиран и копродуктивен начин заедно со здравствените власти и социјалните служби. Во моментов ги истражуваме можностите за извоз на нашиот систем во други градови.

За такви услуги за поддршка да се пружаат долгорочно, од клучна важност е локална самоорганизација. Ова бара функционални мрежи, места на (физички и виртуелни) средби, комуникациски системи и веб апликации. Соодветните формати на самоорганизација мора да се измислат и развијат во целина. Тие не се потребни само за пружање помош во кризни ситуации, туку и за обликување на населбите воопшто. Владите и властите мора да сфатат дека за да создадат отпорни заедници, треба многу повеќе да забележуваат и да ги користат услугите што граѓаните им ги даваат на граѓаните. Тие треба силно да го промовираат развојот на самоорганизирачки структури и да ги поврзуваат со општинските служби секогаш кога тоа е можно.



**ТОРСТЕН МЕХНЕРТ**
е консултант за управување, столар и член на одборот на „Stiftung Ecken wecken" во Лајпциг. Тој тесно соработува со многу локални актери од граѓанското општество, локалната самоуправа и политиката за развој на решенија за урбаните предизвици ориентирани кон иднината.

# НОВА ЕВРОПСКА РЕАЛНОСТ
## КОВИД ЕКОНОМИЈА, ДОЛГ И ИДНИНА НА ТРГОВИЈАТА

РАЗГОВОР СО
**ГУНТРАМ ВОЛФ**
ОД **РОДЕРИК КЕФЕРПУТЦ**

Директорот на „Бругел" зборува за европските економски перспективи, за фондот за заздравување и за еколошката и дигиталната трансформација на Европа.

Ковид-19 ја предизвика најголемата економска рецесија по Втората светска војна. Владите вложија милијарди во економијата и исплаќаа плати за да ги заштитат работните места. Земјите од ЕУ првпат зедоа заеднички долгови. Следеа многу храбри тврдења: штедењето е мртво, глобализацијата е минато, а Европската унија направи огромен чекор кон федерализмот. Дали живееме низ промена на економската парадигма? Разговаравме со Гунтрам Волф, директор на тинк-тенк „Бругел", за европските економски перспективи, фондот за заздравување и за еколошката и дигиталната трансформација на Европа.

**РОДЕРИК КЕФЕРПУТЦ: Ковид-19 не е само здравствена криза, туку и огромен економски шок. Што претстои во следните години?**

Гунтрам Волф: Ова е најголемата криза по Втората светска војна и сè уште не сме надвор од опасност. Оправувањето е кревко - тоа е постепено и многу претпазливо. Така ќе остане сè додека нема достапна вакцина. Без вакцина, моделите на потрошувачка и производство ќе останат променети. Ни претстои уште една многу тешка година. Економските перформанси и натаму ќе бидат значително под трендовите во 2022 година. Дури и кога ќе пристигне вакцината, ќе биде потребно време додека не се врати нормалноста.

**Дали претстои голема криза со работните места?**

Тоа е клучното прашање. Се плашам дека можеби најлошото сè уште ни претстои. Силниот одговор на Европската унија и успешните шеми на привремени отсуства ги стабилизираа пазарите на труд низ цела Европа. Но, тие не можат да ги заштитат работните места засекогаш и не знаеме колку фирми ќе прогласат банкрот следната година, пренасочувајќи ги луѓето

од привремено отсуство во невработеност. Тоа е вистински ризик.

### Дали пакетот за заздравување на ЕУ е вистинскиот одговор?

Непосредниот фокус за заздравување треба да биде насочен кон стимулирање на побарувачката. Но, тоа не е работа на пакетот за заздравување на ЕУ - тоа е работа на националните фискални власти кои позајмуваат пари на финансиските пазари за поддршка на економиите. Пакетот за заздравување само го олеснува овој процес. Планот на ЕУ за следната генерација се обидува да им помогне на земјите со послаба економија и поголем долг, кои можеби го немаат потребниот фискален простор за стимулирање на побарувачката. Во основа им помага на тие земји да позајмуваат и да трошат пари дејствувајќи како финансиски олеснувач. Но, оваа програма не е краткорочен, антицикличен инструмент бидејќи исплатите нема да се случат некое време.

### Како би го оцениле пакетот во поглед на квантитетот и квалитетот?

Гледајќи ги бројките, овој пакет е значаен и соодветен. Некои земји во Централна и Источна Европа ќе добијат повеќе од 10 проценти од својот БДП, додека земјите-членки на ЕУ во Јужна Европа ќе добиваат од 5 до 8 проценти, или повеќе во случајот на Грција и Кипар. Тоа е голем трансфер на финансиски средства за да им се помогне на тие земји да останат солвентни. Пакетот придонесува и за намалување на каматните стапки. Финансиските пазари го поздравија фискалниот одговор како силен сигнал за единство и европска стабилност, а тоа помогна да се намалат ширењата. Тоа навистина им користи на земјите кои позајмуваат огромни суми пари.

Квалитетот на пакетот за заздравување е потешко да се процени и ќе зависи од неговата имплементација. Во планот се приложени големи „тренди“ зборови - „зелена“, „дигитална“ и „социјална“ - но не постои добра управувачка структура за да се осигури дека парите се добро потрошени. За ова сѐ уште се преговара. Предлогот за кој се согласи Европскиот совет е премногу непрецизен и технократски. Се разбира, ќе треба да има технократски процес и координација на политиките, но на пакетот за заздравување на ЕУ особено му треба политичка одговорност. Европскиот парламент ќе мора внимателно да следи како се трошат парите и во екстремни случаи треба да има право да ги запре исплатите. За парите на ЕУ е потребна политичка одговорност на ниво на ЕУ.

### Ќе можат ли земјите од ЕУ да ги искористат сите овие пари и да ги дадат за проекти подготвени за реализирање?

Тоа е големата грижа. Некои земји-членки ќе се трудат да ги потрошат парите. На пример, на Италија, Шпанија и Хрватска им треба долго време да ги потрошат своите доделени структурни средства. Обично тие дури и не успеваат да го сторат тоа во рамките на седумгодишната буџетска рамка на ЕУ. Во нашата работа во „Бругел“, покажавме дека земји како Италија успеваат да потрошат само околу 40 проценти од доделеното финансирање. Сега, се разбира,

> *ОВОЈ КРИЗЕН МЕХАНИЗАМ ЌЕ БИДЕ ПРЕСЕДАН СЕКОГАШ КОГА ЌЕ ИМА СПОРЕДЛИВИ ГОЛЕМИ РЕЦЕСИИ ВО ИДНИНА.*

пакетот за заздравување сака да ги потроши овие пари многу брзо, но тоа може да делува на штета на неговиот квалитет. Тоа е дилема.

**Некои тврдат дека овој пакет за заздравување е „Хамилтонски момент“ на Европа, сличен на договорот од 1790 година меѓу Александар Хамилтон и Томас Џеферсон, кој ги претвори САД од лабава конфедерација во вистинска политичка федерација. Дали се согласувате?**

Тоа е голем збор. Пакетот е секако значаен, но не може да се спореди со она што Хамилтон го направи во САД. Значаен е затоа што ја менува природата на монетарната унија со воведување на експлицитен механизам за осигурување и овозможување пренос на позајмените пари во земјите погодени од пандемијата. Овој кризен механизам ќе биде преседан секогаш кога ќе има споредливи големи рецесии во иднина.

**Дали некогаш ќе ги вратиме овие огромни суми пари?**

Тоа е погрешно прашање. Вистинското прашање е: дали некогаш треба да ги вратиме овие пари? Европскиот совет сака да се вратат. Но, моето предвидување е дека за седум години, кога станува збор за дискутирање на отплатата како дел од следниот буџет на ЕУ (кој ќе започне во 2028 година), тие ќе ја одложат отплатата за седум години. И тоа е соодветно затоа што овој долг е ефтин, долгорочен и корисен. Тоа ѝ помага на Европа во воспоставување на заеднички пазар на долг и капитал, а го зајакнува еврото како меѓународна валута. Не гледам причина зошто овој долг би требало да се отплаќа. Погледнете го националниот долг - тој скоро никогаш не се враќа, туку едноставно се префрла. На крајот, станува збор за раст од долговите.

**Но, што е со инфлацијата?**

Каква инфлација? Не постои. Напротив, сите индикатори на пазарот покажуваат дека оваа пандемија беше изразено дефлаторна.

**Значи, од економска страна, нема причина за загриженост поради долгот или инфлацијата поврзани со пакетот за заздравување на ЕУ. Што е со политиката? Во Европа, политиката на долгот и штедењето ги дели северот и југот. Може ли овој пакет - во следните години - да донесе нова дебата за долгот што го загрозува европското единство?**

Навистина. Мојата загриженост е дека ЕУ нема да воспостави силни механизми за управување кои обезбедуваат отчетност. Како резултат, овие нови пари може да донесат помала разлика во однос на растот и одржливоста отколку што се очекуваше. Лесно е да се види како ова тогаш би го свртело наративот во Европа, особено во Северна Европа, против вакви видови програми за трошење во ЕУ. Германија е особено релевантна. Тоа беше огромен чекор за Германија и Ангела Меркел да ја сменат својата позиција. Кога ќе започнат да се појавуваат извештаи за погрешно трошење пари на ЕУ, наративот лесно може да стане „никогаш повеќе“.

**Споменавте дека пакетот за заздравување доаѓа со големи „тренди“ зборови поврзани со еколошката и дигиталната трансформација. Дали треба да биде придружуван од активна индустриска политика?**

Ова е едно од најтешките прашања и посакувам да имам добар одговор. Дискусијата за индустриската политика во Европа е многу двосмислена. Не постои дефинирана индустриска стратегија, цел или ориентација - има само неколку индивидуални документи, кои не сочинуваат стратегија. За некои области, постои јасна потреба за активна индустриска политика. Земете ја еколошката трансформација. За да ги запреме незадрживите климатски промени, треба да ја набавиме сета потребна зелена технологија; јаглеродни цени нема да бидат доволни. Јаглеродните цени треба да бидат надополнети со зелена индустриска политика што може да ги развие потребните технологии и деловни модели побрзо отколку што тоа би го направил самиот пазар. Европа тука треба да оствари вистински напредок.

Што се однесува до дигиталната трансформација, јас сум повеќе скептичен. Што би значела дигиталната индустриска политика? Се разбира, има потреба од регулаторна политика, инвестициска политика и поставување на точни рамковни услови. Но, што друго може да донесе индустриската политика на маса? Се зборува за поставување европски облак, но кој ова би го имплементирал и управувал? Државата не е добар претприемач, затоа не гледам ова да се случува.

**За време на пандемијата, државата презеде огромен удел во економијата. Дали некогаш ќе видиме како се повлекува од оваа позиција и дозволува да се случи некое Шумпетеријанско „креативно уништување“?[1]**

Основната функција на една држава е да обезбеди стабилност во време на големи стресови, да дејствува како заемодавател во краен случај и да ја поддржува приватната економија. Она што државата го стори од почетокот на пандемијата е сосема соодветно. Шумпетер не рече дека државата треба да се повлече во момент на историски шок на понудата и побарувачката, дозволувајќи масовно уништување на постоечкиот капитал. Она што тој го застапуваше беше конкурентно опкружување во кое нови фирми имаат шанса да се појават и непродуктивните фирми можат да бидат протерани од пазарот преку таа конкуренција.

Како што преминуваме во 2022 година, мора да процениме дали државата е толку доминантна што нови фирми не можат да се основаат. Во моментов, тие не можат да се појават поради пандемијата и рецесијата. Но, во која фаза треба да се намали државната поддршка и државната сопственост? Ова е разговор што мора да го водиме затоа што не е на државата да управува со големи компании. Државата ќе мора да се повлече во одреден момент, но не мислам дека времето е сега. Овој разговор треба да го водиме кон крајот на 2021 и во 2022 година.

1 “Creative destruction” is a term coined by the Austrian economist Joseph Schumpeter in the 1950s to refer to the process through which capitalism incessantly revolutionises the economic structure via spurts of innovation that see old enterprises replaced with new ones.

*РЕШОРИНГ (РЕЛОКАЛИЗАЦИЈА) И ЛОКАЛИЗИРАНО ПРОИЗВОДСТВО НЕ СЕ ОДГОВОРОТ ЗАТОА ШТО ЕДНОСТАВНО ГИ ПРАВАТ РАБОТИТЕ ПОСКАПИ.*

**Оваа пандемија ја истакна кревкоста на меѓународните синџири за снабдување. Дали државата треба да промовира релокализација на производството?**

Не. Решоринг (релокализација) и локализирано производство не се одговорот затоа што едноставно ги прават работите поскапи. Се разбира, треба да ја зголемиме нашата отпорност, но треба да го најдеме најекономичниот начин да го постигнеме тоа. Мислам дека можеме да го сториме тоа со зголемување на нашите залихи и резерви на критична стока, како што се медицински материјали или преку промовирање на диверзификација на глобалните добавувачи. Но, одлуката за поставување на нашите граници и производство на сѐ во земјата би било голем, скап шок што би бил лош за нашата благосостојба и нашите економии.

**Значи, нема производство на парацетамол во Европа, како што се залагаше францускиот претседател Емануел Макрон?**

Да ги земеме маските за лице како пример. Маски за лице многу недостасуваа во текот на првите два месеци од кризата. Сега би изгледало соодветно да има поголеми залихи во Европа. Но, дали има смисла да се започне со производство на маски за лице во Европа, каде би можеле да чинат отприлика по 3 евра, наместо да се купуваат од Кина, каде секоја маска би чинела околу 3 центи? Мораме да ги согледаме и трошоците за изборот на нашите политики. Во овој случај, повеќе залихи и можеби втор снабдувач надвор од Кина звучат како подобри опции. ЕУ е нето извозник на медицински добра - дали навистина сакаме да станеме протекционисти и да ризикуваме губење на извозот?

**Глобалната економија влезе во геополитичка фаза и сферите на сигурност и економија сѐ повеќе се поврзани. Во овој контекст, фокусирањето врз ефикасноста на трошоците може да ве чини геополитички. Ако, на пример, единствената грижа е трошокот, тогаш на „Huawei" треба да му се дозволи изградба на 5G мрежата.**

Загриженоста за сигурноста треба да се сфати сериозно. Ова не го правевме доволно во минатото. Особено кога станува збор за основната

инфраструктура, би било погрешно да зависиме од еден снабдувач. И, ако има загриженост за сигурноста на постојните инфраструктури, тогаш тоа е проблем што треба веднаш да се реши. Исто така, би се согласил дека зависноста од земјите за увоз на критични залихи, како што се ретки земји, треба детално да се испита и да се воспостават алтернативни добавувачи.

Сепак, економски и политички е опасно да се сака да се „раздвои“ Европа од другите економии. Економски опасно е, затоа што ги поткопува нашите идни економски изгледи, а политички опасно затоа што економското раздвојување тежнее воената конфронтација да ја направи поверојатна. Наместо раздвојување, ЕУ мора да работи на тоа да има посилна и единствена позиција што ќе им овозможи да возвратат и да ги зголемат трошоците на трговските партнери за играње гео-економски игри. Со други зборови, ни требаат подобри инструменти на ЕУ за скрининг на инвестиции, конкуренција и контрола на државната помош, како и посилна меѓународна улога на еврото и надворешната политика.

**Во 2020 година се истакна критичната важност на секторите како што е здравството. Дали пандемијата, исто така, не ја покажа потребата за пошироко менување на нашите економски приоритети?**

Се согласувам дека би било исклучително корисно да се дискутира за она што е важно за општеството и да се посвети поголемо внимание на социјалната заштита и благосостојбата воопшто. Дел од проблемот е мерењето, или недостатокот од него. Ние дури и не го мериме развојот и широкото влијание на пандемијата на европско ниво. Евростат, организацијата одговорна за обезбедување статистички податоци за земјите-членки на ЕУ, нема бројки за ова. Би било исклучително корисно, на пример, да се избега од дневното известување за БДП и да се види поголемата слика, вклучително и нееднаквоста, емисиите на CO2 и социјалната заштита. Зелените, здравствените, социјалните и индикаторите за нееднаквост би требало да бидат истакнати во дебатата за политиките и да ја обликуваат политичката агенда.



**ГУНТРАМ ВОЛФ**
е директор на тинк-тенкот „Бругел“. Неговото истражување се фокусира врз европската економија и управување, фискалната и монетарната политика и глобалните финансии.



**РОДЕРИК КЕФЕРПУТЦ**
работи како заменик на шефот на единицата за политика и стратегија во државното Министерство на Баден-Виртемберг, Германија. Член е на уредничкиот одбор на *Зеленот европски журнал*.

# ГРАНИЦИ, ТЕЛА И ТЕХНОЛОГИИ ШТО СЛЕДАТ СÈ

## ПОМЕСТУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ НА БИО-НАДЗОР

НАПИС ОД
**АЈЕЛЕТ ШАЧАР** и
**МАРИ-ЕВА ЛОИЗЕЛ**

Во последниве години, технологиите за надзор сè почесто се применуваат за надгледување, контрола и ограничување на движењето на луѓето. Пандемијата го забрзува овој тренд.

Во последниве години, технологиите за надзор сè почесто се применуваат за надгледување, контрола и ограничување на движењето на луѓето. Пандемијата го забрзува овој тренд. Иако контролата на ширењето на Ковид-19 е од најголема важност, се појавува глобален режим на технолошки овозможена исклучивост поткрепен со дискурсот на зараза. Дури и во криза, критична е дебатата за иднината на мобилност и технолошкиот надзор.

„Нацртај ми граница, ако сакаш“. Која слика ми паѓа на ум? Повеќето од нас можеби помислуваат на ѕидови или бодликави огради цврсто поставени на пограничните локации. Од Кинескиот ѕид до Берлинскиот ѕид, утврдените бариери долго време служеа како симболи на суверена контрола. Денес, сепак, се појави нов тренд: раст на невидливите граници. Ова се граници кои се потпираат на софистицирани правни техники за одвојување на функциите за контрола на миграцијата од фиксната територијална локација. Одврзувањето на државната моќ од фиксниот географски маркер создаде нова парадигма: поместувачка граница.

За разлика од физичката бариера, поместувачката граница не е фиксирана во време и место; се состои од правни портали, алатки за дигитален надзор и проценки на ризик со помош на АИ, а не од ѕидови од тули и малтер. Црните линии што ги наоѓаме на атласите повеќе не се совпаѓаат со агилниот локус и фокус на контролата на миграцијата. Наместо тоа, владите ја менуваат границата и нанадвор и навнатре, стекнувајќи огромен капацитет да ги регулираат и следат поединците пред и после пристигање на посакуваната дестинација. Флексибилните пипала на поместувачката граница до неодамна беа распоредувани првенствено за да ги следат луѓето кои се во движење, бегајќи од сиромаштија и нестабилност. Денес, секој, вклучително и граѓаните на богатите демократии, е потенцијално во нејзиниот опсег што постојано се проширува.

Овој напис ги проширува идеите што првпат се појавија во *Отворена демократија*.

## ПОМЕСТУВАЊЕ НА ГРАНИЦАТА КОН НАДВОР

Преместувањето на граничните контроли подалеку од територијалните рабови на земјата воспоставува временска и просторна тампон-зона. Ова, за возврат, им овозможува на посакуваните дестинации да го „филтрираат“ и да го регулираат движењето пред пристигнувањето. Министерството за внатрешни работи на Велика Британија јасно ја објасни мотивацијата за замена на традиционалните интеракции на границата со претходен скрининг: средбата „може да биде предоцна - [неовластен влез] ја постигнаа својата цел да стигнат до нашите брегови“.[1] Појавата на поместувачката граница се совпадна со порастот на големите податоци и создавањето обемни бази на податоци што ги бележат биометриските податоци на патниците, вклучително и дигитални фотографии, скенирање на ирисот и отпечатоци од прсти. Дури и пред пандемијата, владите прифаќаа мерки како што се е-пасоши и глобални брзи програми за влез, кои користат биографски (на пр. име и националност) и биометриски карактеристики за да ги идентификуваат патниците пред да пристигнат пред портите на нивната територија.

Како дел од концентрираните напори на Европа за натамошно управување со миграциите и мобилноста, наскоро ќе биде потребна претходна дозвола „електронско одобрение за патување“ само по себе разбирливо, дури и за оние со безвизно патување и меѓународно посакувани пасоши. Ваквото електронско претходно одобрение мора да биде одобрено од владата на дестинациската земја пред да заминат патниците и е поврзано електронски со нивните пасоши. Европскиот систем за информации и авторизација за патувања (ЕТИАС) ќе служи како клириншка куќа за одобрение пред патување за сите 26 земји од Шенген-зоната и се очекува да профункционира во 2021 година. Овој дополнителен слој на претходно одобрување и собирање информации создава моќна, сепак, невидлива граница што делува каде било во светот, пред поаѓањето, прилагодувајќи се на локацијата и профилот на ризик на патникот. Кога беше усвоен предлогот на ЕТИАС, Жан-Клод Јункер, тогашен претседател на Европската комисија, ја оправда посветеноста на ЕУ за воведување на овој нов систем во своето обраќање за состојбата на Унијата во 2016 година како „начин да се знае кој патува во Европа пред дури и да стигне овде“.

Во слична насока, европскиот пилот проект iBorderCtrl, дизајниран да ги заштити границите на регионот, дава преглед на тоа како би можеле да изгледаат идните дигитални граници. Овој систем за следење финансиран од ЕУ претходно ги прегледува дојдовните патници, од кои се бара „да извршат кратко, автоматизирано, неинвазивно интервју со аватар [и] да се подложат на детектор за лаги“.[2] Аватарот е обучен да открива измама со барање „микро гестови“ - суптилни невербални сигнали на лицето и телото за да се пресмета факторот на ризик на патникот. Податоците потоа се комбинираат со какви било претходно постоечки податоци на надлежните органи и се чуваат во бази на податоци поврзани со „преносни,

1 Home Office (2007). *Securing the UK Border: Our Vision and Strategy for the Future.*

2 See the European Commission’s iBorderCtrl project description: <bit.ly/2TYx4ep>.

безжични поврзани iBorderCtrl единици кои можат да се користат во автобуси, возови или која било друга точка [за] потврдување на идентитетот на секој патник". Пресметаниот фактор на ризик ќе се појави на кој било иден граничен премин и може да доведе до дополнителни проверки или дури и до одбивање на влез.

Владините службеници предвидуваат иднина во која на патниците воопшто нема да им требаат патни исправи. Наместо тоа, дигиталните биометриски граници ќе играат клучна улога во политиката на управување со мобилноста, која се потпира на поместување на границата нанадвор. За да се постигне оваа опсежна визија, локацијата, работењето и логиката на границата треба да се редефинираат за да им се овозможи на службените лица (кои сè повеќе делуваат транснационално и во соработка со трети страни и актери од приватниот сектор) да ги прегледуваат и пресретнуваат патниците порано, почесто и на поголема оддалеченост од просперитетните нации до кои сакаат да дојдат. Овие трендови се засилени со сегашната пандемија.

## ГРАНИЦАТА ВО НАС

Освен што се протега нанадвор, границата се шири и навнатре. Соочени со невидливиот вирус, многу земји се свртуваат кон она што некогаш можеше да се смета за футуристички уреди за трагање и ги применуваат надзорни алатки кои претходно ги користеле за антитероризам и меѓународна шпионажа против сопственото население. Мерките кои ги прислушкуваат телата на граѓаните заради сузбивање на инфекциите со коронавирус вклучуваат: подигнување на „геоогради" за цртање виртуелни огради околу карантинските зони; користење на нараквици со електронски трагач кои ги предупредуваат властите ако луѓето го кршат карантинот; летање дронови за да се осигураат дека луѓето остануваат дома; и активирање на топлински камери на АИ кои откриваат промена на температурата на телото за да се идентификува кој во толпата има треска (како на железничката станица Кинге во Пекинг).

**БРУНО БЕРНАР:** Денес екологијата е најопасната алтернатива за оние што моментално се на власт. Затоа ние сме мета. Причината за претседателот да зборува така грубо е за да избегне суштинска дискусија за 5G, и тоа повеќе покажува колку тој е неподготвен за јавна дебата. Тоа повеќе му штети отколку што влијае врз нас. Ние ќе се држиме до идеите и предлозите што доведуваат до промени.

**По силните резултати на европските и општинските избори, врз што треба да се фокусираат екологистите за да напредуваат понатаму?**

**БРУНО БЕРНАР:** Мора да продолжиме со нашиот проект и да не се откажуваме, бидејќи екологијата е сè попопуларна. Но, мора да се потпираме врз два суштински аспекта. Прво, подобра артикулација на политичката филозофија која

стои зад нашите идеи. Се работи за враќање на смислата. Секој чувствува потреба да му даде смисла на својот живот, на своите постапки и повторно да создаде врски со другите и околината. Екологијата е моќен катализатор за овие аспирации. Поставувањето компостер во зграда е секако добро за животната средина, но повеќе од сè создава врски меѓу луѓето што живеат на заедничко место. Вториот елемент е да се разјасни дека екологијата е алтернативен економски модел и не е само леплив малтер. Екологијата предлага модел што раскинува со економската политика што ја водеа Десницата и Левицата во Франција во изминатите 40 години.

**ЛЕОНОР МОНКОНД'ХУЈ:** Нашето движење мора да остане отворено за остатокот од општеството. Партијата на зелените сè уште не ги обедини многуте луѓе кои би сакале да видат дека екологијата доаѓа на власт. Мора да продолжиме со нашите напори да разговараме со сите. Другите предизвици се да се уверат луѓето во кредибилитетот на нашата програма и да се покаже дека екологијата не е ограничена на животната средина. Нашите решенија се економски, социјални и поврзани со сигурноста. Водечките локални заедници ќе покажат дека екологистите можат да водат политики во сите области; различното, а сепак одговорно управување ќе ни даде кредибилитет.



**ЛЕОНОР МОНКОНД'ХУЈ**
е градоначалничка на Поатје. Членка на „Europe Écologie Les Verts", таа беше избрана во 2020 година за носител на листата на „Poitiers Collectif".



**БРУНО БЕРНАР**
е претседател на градското подрачје на Големиот Лион. Претходно беше одговорен за избори и односи со други политички партии за извршниот одбор на „Europe Écologie Les Verts"(Европа-Екологија-Зелени).



**БЕНОА МОНАНЖ**
е директор на Фондацијата за политичка екологија. Тој е член на одбор на Зелената европска фондација и член на уредничкиот одбор на „*Écologie & Politique*".

# ТЕМЕЛНА ЕКОНОМИЈА ЗА ДОБАР ЖИВОТ

НАПИС ОД
**РИЧАРД БЕРНТАЛЕР, АНДРЕАС НОВИ, ЛЕОНАРД ПЛАНК** И **АЛЕКСАНДРА СТРИКНЕР**

Темелната економија - образование, здравствена и социјална заштита, комунални услуги и трговија на мало - е клучна за обезбедување одржлива иднина за нашите општества.

DE

Овој напис е достапен на германски јазик на веб-страницата на *Зелениот европски журнал*.

## DIE ALLTAGSÖKONOMIE FÜR EIN GUTES LEBEN

Die Covid-19-Pandemie hat gezeigt, dass manche wirtschaftliche Zonen wichtiger sind als andere, um Lebensgrundlagen zu sichern und ein gutes Leben zu ermöglichen. An dieser „Alltagsökonomie" gilt es anzusetzen, um Wirtschaften zukunftsfähig zu machen.

Пандемијата со Ковид-19 покажа дека некои економски сектори се поважни од другите за задоволување на нашите основни потреби и за овозможување на „добар живот".Темелната економија - образование, здравствена и социјална заштита, комунални услуги и трговија на мало - е клучна за обезбедување одржлива иднина за нашите општества.

Кризата ја покажа важноста на одредени економски активности. Исто така, ги покажа ограничувањата на радикалната пазарна економија, остро истакнувајќи ги предностите на универзалното, колективно обезбедување услуги преку јавен здравствен систем во споредба со системите во кои исполнувањето на основните потреби е условено од можноста за плаќање.

На овој начин, пандемијата понуди нови начини на гледање на економијата, работата и придонесот. Враќањето на „бизнисот пред се", како што сторивме по 2008 година, ќе биде грешка. Вредни лекции од „пандемиската економија" може да ги трансформираат постпандемиските економии и да ги направат поодржливи. Сепак, учењето на овие лекции бара две работи: прво, добро разбирање на либерализмот на пазарот, што ја обезбеди идеолошката основа за либерализација, приватизација и финансизација. И второ, визија за поинаков економски поредок и стратегии за одговор на идните кризи на ефективен и социјално праведен начин. Оваа визија може да се најде во зајакнувањето на „темелната економија", секојдневната економија, која вклучува големи делови на јавни услуги и комунални услуги.

## СТЕСНУВАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА

Неолибералниот триумф од 1980-тите радикално го смени начинот на размислување и делување. Тоа беше особено видливо во три области. Прво, ориентацијата кон надвор го затемни фокусот на домашната економија. Беа создадени нови пазари, а постојните либерализирани, вклучително и разни пазари за основни услуги. Водечките принципи беа создавање атрактивни

услови за меѓународен капитал, како и ефикасност, оптимизација и високи поврати на компаниите. Второ, мешаниот систем беше заменет со систем на пазарна економија, намалувајќи ги разновидните економии на униформни (глобални) пазарни економии. Трето, макросоцијалните цели беа заменети со индивидуализирани желби и преференции, а општото добро со личен интерес.

Следствено, човековите права од здравствена заштита до образованието до домувањето станаа пазарни добра и услуги. Овие стоки и услуги ги произведуваат приватни претпријатија и ги купуваат индивидуални потрошувачи на пазарот. Индивидуалната одговорност сега значеше „еманципација“ од системите за колективна безбедност, на пример преку приватни пензии и здравствено осигурување, сопственост на домови и инвестиции во личен „човечки капитал“.

Ова тесно разбирање стана не само широко распространето во економските науки, туку триумфално напредуваше во постојано нови полиња на човечкиот соживот. Гери С. Бекер и Гити Нашат Бекер ја турнаа оваа мисла до нејзиниот логичен заклучок во нивната книга од 1996 година, „Економијата на животот“ (*The Economics of Life)*.

Едностран акцент на индивидуалната оптимизација, сепак, ја поткопува социјалната кохезија, солидарноста и отпорноста. Се разбира, има смисла да се идентификуваат можностите за заштеда - на пример, во здравствениот систем. Но, неизбалансиран фокус на ефикасност во основните услуги има длабоко проблематични последици, особено кога се појавуваат непредвидени настани. Долгогодишното барање на Австрискиот суд за ревизија да се намали „неефикасниот“ прекумерен капацитет во креветите за интензивна нега беше ревидирано на почетокот на пандемијата со Ковид-19 како признание за ова.

> „Фактот дека „економијата“ - сфатена како компании кои работат на глобалниот пазар – се одвива добро, кажува малку за благосостојбата на сите луѓе во општеството.“

Искуството со Ковид-19 ги подвлече недостатоците на овие претпоставки. Тоа покажува дека пазарот може да реши некои, но не сите проблеми, дека економиите се повеќе од пазарни економии, дека социјалната сигурност не може да се гледа единствено од перспектива на микроекономската ефикасност и дека ригидното ориентирање кон надвор може да ја поткопа социјалната кохезија. „Raison d’être“ (целта) на економската активност е осигурување дека основните потреби на населението - за разлика од индивидуалните желби и склоности - ќе бидат задоволени со ефективно управување и дистрибуција на ресурсите. Одржливата економска активност ги стабилизира заедниците засновани на солидарност, гарантира слободен развој на нејзините членови и ги штити природни ресурси и екосистеми. Оптимизацијата е несомнено корисна, но само ако служи за овие цели.

За да се обезбеди задоволување на основните потреби, дури и кога ќе се случи неочекуваното, резервните капацитети и амортизерите се од суштинско значење. Ова е поларна спротивност на филозофијата „точно на време“.

Затоа, има итна потреба за поинакво, посеопфатно разбирање на економијата. На крајот на краиштата, фактот дека„ економијата “- сфатена како компании кои работат на глобалниот пазар – се одвива добро (мерено со зголемување на обемот на раст и трговија) кажува малку за благосостојбата на сите луѓе во општеството. Тоа е исто така лош индикатор за тоа дали општествата се отпорни на кризи, а камоли на иднината, и за способноста на планетата да го одржи животот во услови на климатски промени.

## ТЕМЕЛНА ЕКОНОМИЈА ЗА ОПСТАНОК

Не се сите економски активности еднакви. Иако многу сектори беа затворени за време на кризата, ова не важеше за оние што беа класифицирани како „системски важни“. Оваа „темелна економија“ обезбедува човечки опстанок пружајќи го она што го одржува нашиот секојдневен живот, како храна, здравствена заштита, вода и енергија, собирање отпад и домување. Во едноставни термини, темелната економија опфаќа активности што се потребни секојдневно, вклучително и во време на криза.[1] Тоа вклучува колективно пружање основни услуги, т.е. економски активности на грижа - едни за други и меѓусебно.

Колективот за темелна економија, здружение на (главно) европски истражувачи, објави манифест за постпандемичниот период во март 2020 година,[2] токму кога започна затворањето. Надоврзувајќи се на долгогодишно истражување, колективот заговара обновување на темелната економија со програма од десет точки. Ова, меѓу другото, вклучува и посилно јавно здравство (вклучително и превенција), реформирано и зголемено прогресивно оданочување и поголемо учество на јавноста во дизајнирањето на основните услуги.

Клучното барање е подобрено колективно обезбедување на одржлива, социо-еколошка инфраструктура наместо враќање на преткризното ниво на индивидуална потрошувачка. Она што ни треба не е реконструкција, туку трансформација: од економијата склона на кризи пред Ковид-19 во одржлива економија. Ова е единствениот начин да ја подобриме нашата отпорност и да бидеме подготвени за нови кризи.

Степенот до кој основните стоки и услуги на темелната економија можат да бидат организирани по пазарните линии е ограничен. Посебен проблем е што, во областа на основните услуги, деловните модели воспоставени по приватизацијата и либерализацијата им овозможија на приватните компании пристап до јавно финансирање за да ги максимизираат краткорочните профити, без неопходните долгорочни инвестиции.

Основните услуги, сепак, се од суштинско значење за да се гарантира обезбедување на основни залихи, опфаќајќи ги оние економски активности кои функционираат различно од глобалната пазарна економија за тргување со добра и услуги. Долгорочната заштита затоа е од особено значење. Одржливите економии бараат долгорочно економско размислување, планирање,

1 Davide Arcidiacono et al. (2017). Foundational Economy: The infrastructure of everyday life. Manchester: Manchester University Press.

2 The Foundational Economy Collective (2020). What Comes after the Pandemic? A ten-point platform for foundational renewal. Available at <bit.ly/2FTkSrP>.

соработка и пристап кон донесување одлуки што вклучува критериуми како што се доследност, доволност и отпорност. Овие критериуми се суштински различни од оние што во моментов преовладуваат: краткорочно максимизирање на профитот и микроекономска конкуренција.

## „ЛЕБ И РОЗИ“ ЗА ДОБАР ЖИВОТ

Откако е напишан манифестот, станаа јасни понатамошните сознанија за одржливата „економија на секојдневниот живот“. За време на затворањето, го искусивме не само она што ни треба за опстанок, туку и она што недостасуваше во нашите животи; на крајот на краиштата, добриот живот подразбира повеќе од преживување. Поширокото разбирање на темелната економија го надминува обезбедување на потребите. Придонесот на феминистичката економија овде е клучен за ширење на нашите видици. Химната „Леб и рози“, песна напишана од Џејмс Опенхајмер за да го прослави движењето за правата на жените, што подоцна се поврза со штрајкот на текстилот во Лоренс од 1912 година, резимира:

*Додека одиме марширајќи, марширајќи*
*Неброени жени мртви*
*Плачат низ нашето пеење*
*Нивниот древен повик за леб*
*Мала уметност и љубов и убавина*
*Нивните измачени духови знаеја*
*Да, леб е тоа за што се бориме*
*Но, се бориме и за рози.*

За добар живот не се потребни само загарантиран опстанок (леб), туку и пристојни услови за работа и живот (рози). Овој принцип го признале античките Грци, чија „*eudaimonia*“ може да се преведе како „состојба на човечки процут или на добар живот“. Амартја Сен и Марта Нусбаум го користеа за развивање на својата теорија за добриот живот, во која на поединците им е овозможен добар живот со поставување на вистинските рамковни услови.

Иако не се неопходни за опстанок, културните и социјалните институции, баровите, ресторанite, фризерските салони и зелените површини се од централно значење за основните човечки потреби. Како и да е, нивната класификација е потешка, бидејќи дефиницијата за добар живот е порозна од онаа за чист опстанок. Контекстуално е различно, почива на вредносни проценки и бара учество на јавноста во донесувањето одлуки. Новите форми на учество се од суштинско значење за да се идентификуваат условите, инфраструктурите и институциите кои се основата на „добриот живот“. Оваа инфраструктура обично се организира локално или регионално и создава вредност и благосостојба „ин ситу“.

## ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ ВО ОПШТЕСТВАТА

Дефиницијата за тоа што е потребно за да се живее добро, и во каков облик тоа треба да биде, не може да се наметне одозгора. Ниту може да се делегира на пазарот. Прашањето каква економија сакаме и за каква цел треба да служи е длабоко испреплетено со прашањето кои активности се социјално вредни, суштински и клучни за опстанок, просперитет и добар живот, но исто така и кои активности ги поткопуваат овие аспирации.

Преиспитувањето предизвикано од кризата со Ковид-19 ја потресе до темел неокласичната теорија на вредности. Според ценовната теорија на вредност, која ја замени класичната економија од Смит до Маркс, индивидуалните склоности на потрошувачите ја одредуваат побарувачката и цената. Според оваа теорија, праведно е (пазарно) медицинска сестра да добие дел од заработката на инвестициски банкар, додека купувањето на трет автомобил не се разликува од купувањето храна. Накусо, (пазарно) неправедно е да се прават морални разлики меѓу неопходноста, удобноста и луксузот. Секоја активност што привлекува индивидуална куповна моќ се вели дека е продуктивна и вредна, без оглед на нејзината социјална вредност или деструктивна моќ.

„Дефиницијата за тоа што е потребно за да се живее добро, и во каков облик тоа треба да биде, не може да се наметне одозгора. Ниту може да се пласира на пазарот."

За темелната економија да биде отпорна на кризи, сепак, неопходни се вредносни разлики. Тие овозможуваат демократски преговори за условите за добар живот на сите. На пример, за време на кризата со Ковид-19, владите објавија списоци со системски важни сектори чии работници имаат право на итна грижа за децата, правејќи така вредносни разлики. Тоа вклучува здравство и итни служби, банкарство на мало, земјоделство, трговија на мало со храна, комунални услуги и образование.

Гледајќи подалеку од пандемијата, постои потреба од јавна дебата за тоа што го прави животот добар. Треба да идентификуваме кои економски активности и сектори се клучни, како тие можат да бидат достапни за сите и кој ќе ги спроведува овие активности. Израз е на социјална благодарност да се зајакнат овие области и да се осигура дека оние кои работат во нив соодветно се плаќаат. Неприфатливо е оние кои се моментално признати како „клучни работници" и вршат лавовски дел од работата во темелната економија - претежно жени – да бидат истовремено особено погодени од нееднаквите можности, несигурната работа и ниските плати.

## БЛАГОСОСТОЈБА ВО ПРЕСРЕТ НА ИДНИ КРИЗИ

Кои лекции ги научивме за време на кризата со Ковид-19 за да ни помогнат да ги пренасочиме економските политики за да пружиме добар живот за сите? Клучно е да се препознае вредноста на претежно домашната темелна економија, што ги произведува, како што и прави, неопходните добра и услуги што обезбедуваат квалитет на живот и одржливост.

Обновување и трансформација на темелите на нашата економија значи да се обрне внимание на оние кои „ја одржуваат продавницата" (цитирајќи ја Ангела Меркел). Економската и социјалната вредност на основните услуги не смеат да се сведат на нивната разменска вредност. Наместо тоа, одржливата благосостојба, а со тоа и употребената вредност, мора да станат фокус на преговорите и процесите на донесување одлуки во општествата.

За да се постигне оваа промена, потребни се нови и широки сојузи: меѓу прогресивните партии, синдикатите и движењата на граѓанското

општество, но исто така и со оние конзервативци и либерали кои ја препознаваат важноста на колективното обезбедување основни услуги. Особено во Германија, Швајцарија и Австрија, локалното обезбедување на основни услуги од јавните комунални претпријатија, задругите или меѓуопштинските партнерства ужива висок степен на легитимност, обезбедувајќи бројни појдовни точки. На овој начин, може да се појави нова рамнотежа помеѓу конкурентската економија насочена кон светскиот пазар и темелната економија ориентирана кон снабдување и благосостојба. Ова ќе ја зајакне социјалната кохезија и ќе овозможи соочувањето со други кризи - најкритично климатската криза - да биде со истото чувство на одговорност, експертиза и солидарност.



**РИЧАРД БЕРНТАЛЕР**
е интердисциплинарен урбан научник и пред-докторски асистент за истражување, фокусирајќи се на социјално-еколошката трансформација на градовите.



**АНДРЕАС НОВИ**
е директор на Институтот за управување и развој на повеќе нивоа и дел од колективот „Foundational Economy".



**ЛЕОНАРД ПЛАНК**
е виш научник во Центарот за јавни финансии и инфраструктурна политика на Институтот за просторно планирање при Технолошкиот универзитет во Виена.



**АЛЕКСАНДРА СТРИКНЕР**
работи на дијалозите на теорија и пракса на Институтот за управување и развој на повеќе нивоа при Економскиот универзитет во Виена.

# РАСКАЖУВАЊЕ ПРИКАЗНИ ВО ОКОТО НА БУРАТА:
## ПАНДЕМИЈАТА НИЗ ЛУПАТА НА КОЛАПС НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ИНТЕРВЈУ СО
**АМИТАВ ГОШ**
ОД **ЦЕЈМИ КЕНДРИК**

Разговор со признатиот романсиер за паралелите меѓу климатската криза и пандемијата и замислување алтернативи за нашиот меѓусебно поврзан свет.

Бидејќи ограничувањата за патувања ги исклучија меѓународните летови во 2020 година, многу авиокомпании почнаа да продаваат „летови за никаде“. За цена на билет и емисии вредни на летот, патниците можеа да седат со пијалок на 35.000 стапки и да се преправаат дека сè е нормално пред да слетаат точно таму каде што полетаа. Во „*The Great Derangement*“ (*Големото нарушување*) (2016), признатиот романсиер Амитав Гош тврди дека идните генерации ќе се осврнуваат на неуспехот и пропаѓањето на животната средина како на глупост. Разговаравме со авторот за паралелите меѓу климатската криза и пандемијата, и замислувањето алтернативи за нашиот меѓусебно поврзан свет.

**ЦЕЈМИ КЕНДРИК: „Невиден“ е збор што многу се користеше во 2020 година. Тврдевте дека неспособноста на современото општество да се подготви за невиденото нè прави ранливи. Какви паралели гледате помеѓу здравствената криза и колапсот на климата?**

**АМИТАВ ГОШ:** Постојат многу континуитети меѓу нив, дури и ако врската не е каузална. Најочигледна врска е дека климатската криза и пандемијата се ефекти на рамномерното забрзување на светот. Од 1990-тите години, стапките на производство, потрошувачка, патувања и уништување на нашите живеалишта и обесшумувањето се забрзаа до точка кога што малечок ентитет може да го доведе светот до нагло запирање од мал пазар во Кина.

Во друга смисла, се разбира, тие се сосема различни. Пандемијата е болест, додека климатската криза се манифестира во неверојатни временски настани, од запрепастувачки шумски пожари до повеќекратни урагани што се спремаат во Атлантикот. Начинот на кој светот реагираше е исто така важна разлика. За време на пандемијата, повеќето влади, ако не и

сите, побрзаа да послушаат совети од експерти и имаа волја да се консултираат со научници. За Кина, Нов Зеланд, Виетнам и други земји, оваа стратегија функционираше.

**Во „*Големото нарушување*“, го користите зборот „необично“ за да опишете екстремни временски настани затоа што одбележува чудност, но и препознавање. Пандемијата беше слична: чудна, но и позната, потсетувајќи на колективните сеќавања на чумите и карантините. Дали пандемијата нè принудува да се сетиме на нешто за нас самите?**

Се надевам дека оваа пандемија има барем дел од ефектот на Големиот земјотрес во Лисабон во 18 век. Пред земјотресот во 1755 година, Европејците почнаа да мислат дека ја совладале природата, како да е природата нешто одделно што луѓето може да го освојат. Големиот земјотрес во Лисабон беше момент во просветителството кога одеднаш луѓето сфатија дека, далеку од совладување на природата, природата има целосно владеење со човечкото постоење.

„Големиот земјотрес во Лисабон беше момент во просветителството кога одеднаш луѓето сфатија дека, далеку од совладување на природата, природата има целосно владеење со човечкото постоење.“

Европската концепција на природата смета дека таа е редовна, дека има свое темпо и дека природните процеси се одвиваат на предвидливи начини. Сега гледаме дека не е така. Јас го напишав „Големото нарушување“ во 2015 година. Тогаш, не можев ниту да замислам дека овие катастрофални влијанија ќе нè погодат со ненадејноста што ја покажаа во 2020 година. Кога првпат започнав да работам врз климатските промени и литературата, пријателите и издавачите беа зачудени, прашуваа: „Каква врска има тоа со писателите и пишувањето?“ Ова веќе не го слушам. Секој препознава дека климатските промени се криза што нè обвива. Пресвртната точка беше 2018 година. Луѓето сфатија дека не станува збор за иднината; станува збор за сега, а 2020 година е годината кога не удри со сета сила.

**Шефицата на Програмата за животна средина на ОН, Ингер Андерсен, рече дека Земјата ни испраќа порака преку кризата со коронавирусот и климатските промени. Дали би се согласиле?**

Апсолутно се согласувам, освен што велењето дека Земјата ни испраќа порака значи дека некој таму се обидува да комуницира со нас. Реалноста е дека земјата е крајно рамнодушна спрема нас. Едноставно реагира на стимулите што ги ставаме таму. Зборувајќи за земјата која ни испраќа порака е она што го правеа нашите предци. Тие ја гледаа земјата и сè околу нив и се обидуваа да разберат што зборува. Тоа е она што го заборавивме.

Во текот на изминатите неколку години, како што се одвиваа овие страшни кризи, во САД барем сè повеќе луѓе се селат во области што ќе бидат потопени со покачување на нивото на морето и загрозени од пожари. Феникс, Аризона, е едно од најжешките места во САД. Неговиот единствен извор на вода е реката Колорадо.

*ИНДУСТРИСКИТЕ И НАУЧНИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ЌЕ ЗНАЧАТ ПОВЕЌЕ ОД ИСТОТО. ТОА Е ЗАБЛУДА ДЕКА БОЛЕСТА Е ЛЕК*

Животот е возможен во Феникс само поради масовната климатизација, измислена во 1940-тите години. Целата Аризона е изградена од 1940-тите години наваму и во последните пет години расте со неверојатно темпо. Само замислете го лудилото на тоа - целосно неодржлив град, немилосрдно се шири. Луѓето се селат на места што за нашиот животен век скоро сигурно ќе бидат невозможни за живот.

Зошто го прават ова? Тие не ги слушаат пораките што се изнесуваат. Што слушаат наместо тоа? Тие слушаат форми на разум од 18 век кои им кажуваат дека луѓето секогаш ќе ја надвладеат природата. Таа наука и разум секогаш ќе преовладуваат. Дека технологијата ќе се грижи за нив. И дека целата наша земја е сервилна и освоена. Тоа е она што е критички и длабоко необично во врска со овој момент: сите овие идеи од 18 век, дека живееме во општество управувано од разум, токму ни се распаѓаат пред очи.

**Науката нуди недокажана технологија како потенцијален пат за бегство од климатската криза. Но, климатската наука е, исто така, клучна за разбирањето на глобалното греење (global heating). Кое треба да биде местото на науката во помагањето да се спротиставиме на климатските промени?**

Ние мора да се чуваме од размислување за науката како унитарна целина. Односот што го имаат климатските научници со општеството е доста различен од оној на епидемиолозите и биолозите, на пример. Многу климатски научници се исклучително хуманистички во својот пристап во политиката и се загрижени за климатската правда. Но, значителен број климатски научници би одговориле како Мет Дејмон во „Марсовецот“: „Ајде да научиме по ѓаволите од ова“. Нивната идеја е, во основа, да интервенираат преку геоинженеринг, а елитните институции како што се Харвард и Јејл сè повеќе ја форсираат неговата нормализација.

Геоинженерингот ќе му користи на глобалниот север, но може да биде погубен за глобалниот југ. Од тие причини, климатската криза е геополитички проблем. Грета Тунберг, на која многу ѝ се восхитувам и целосно ја поддржувам, постојано повторува: „Слушајте ги научниците“. Но, ставањето на сите научници во иста кутија е грешка. Науката може да препознае

проблем, но никогаш не постои само едно можно решение. Индустриските и научните решенија за климатските промени ќе значат повеќе од истото. Тоа е заблуда дека болеста е лек.

### Како Индија ја доживеа пандемијата?

Пандемијата беше тешка насекаде, но Индија помина најлошо од сите. Бројките се страшни. Единствената светла точка е што стапката на смртност се чини дека е релативно пониска, но бруто бројот на смртни случаи во Индија веројатно ќе надмине која било друга земја. Дури и за време на пандемијата на големиот грип од 1918 година, голем процент на жртви биле од Јужна Азија.

Пандемијата со Ковид-19 се претвори во сеопфатна класна војна во Индија. Одговорот на владата ги уништи животите на сиромашните работници мигранти. На милиони несигурни луѓе им се отсечени нозете под нив. Не можејќи да работат, тие беа принудени да пешачат до дома покрај автопатите во страшната мајска жештина. Во Индија, урбаните работнички класи и работници мигранти на релативно просперитетниот Запад, скоро сите се од Бенгал или Источна Индија. Овие региони веќе се сериозно погодени од климатските промени и многу луѓе се раселени поради покачувањето на нивото на морето. Додека овие луѓе пешачеа до дома, ужасно невреме - циклонот Амфан - се разви во Бенгалскиот залив пред да го погоди копното. Тоа беше совршен пример за она што го гледаме сега - повеќе катастрофи кои комуницираат едни со други на катастрофални начини.

### *„Големото нарушување“* тврди дека културата и литературата не успеале да се справат со климатските промени и еколошката криза. Како го објаснувате тој неуспех?

Аргументот не беше толку за писателите, туку за литературниот и уметничкиот екосистем: што денес се смета за сериозна литература? Сериозната литература е скоро секогаш поврзана со идентитетот во една или друга смисла, и тоа е случај веќе подолго време. Секој што пишува за климатски и еколошки прашања, автоматски се смета за жанровски писател. Но, пишувањето за климата не е научна фантастика; не се работи за иднината и не е шпекулативно. Тоа е реалноста во која живееме сега.

Писателите се гордеат што го гледаат светот на неукрасен начин. Но, самата практика на пишување настојуваше да ги насочи луѓето подалеку од најгорливите проблеми што нè опкружуваат. Многу неверојатно иновативни писатели се осврнаа на теми од животната средина, како што е Урсула Ле Гвин. Повторно, Урсула Ле Гвин беше маргинализирана како писателка на научна фантастика, иако нејзините книги остануваат релевантни за нашата сегашност. Затоа таа денес е далеку почитана од многу таканаречени сериозни писатели. Сепак, литературните и уметничките заедници значително се променија од 2018 година и има излив на пишување и уметност за климата. Луѓето се разбудија во катастрофата околу нас.

**Како се трудевте да се осврнете на променливата околина во вашата белетристика? Во многу ваши романи, поплавите, бурите и другите временски настани играат голема улога.**

Едно нешто што не сакам да го правам е да пишувам белтристика за некое прашање како такво. Гледам на моето пишување сега како на нешто што не се разликува од моето претходно пишување. Сакам да пишувам за реалностите на светот во кој живееме. Прашањата за климата и пандемиите се својствени на овој свет - тие не се нешто одвоено. Моето пишување е многу обликувано од моето потекло од Бенгал. Бенгал е една од најзагрозените области на планетата. Бидејќи пишувам за Бенгал, а особено за Делта и нејзините шуми од мангрова, јас сум свесен како се погодени овие региони, можеби повеќе од кое било друго место, освен Половите.

**Каква улога имаат културата и фикцијата во овозможувањето да замислиме алтернативи на курсот по кој се движиме во моментов?**

Тешко е да се каже. Би сакал да изнесам големи тврдења за литературата, но тие тврдења веќе не се веродостојни. Кога започнав да пишувам во 1980-тите години, литературата и романите беа клучни во културата. Кога луѓето се собираа околу канцелариските ладилници за вода, тие зборуваа за книги. Сега луѓето зборуваат за телевизија и за Нетфликс. Книжевниот свет се изгуби во втор план.

Модерната литература, како што ја знаеме, се појави кон крајот на 18 век. Тоа беше западњачка практика од одреден вид и беше вкоренета во, да признаеме, во западњачката надмоќ на белците и идеите поврзани со тоа: покорена Земја и покорени, колонизирани човечки суштества низ целата планета. Тие приказни беа во срцето на модерната буржоаска култура. Ако сакаме да се прилагодиме на денешниот свет, ќе мора да си раскажеме различни видови приказни, оние што се разликуваат од раскажаните претходно и кои не се однесуваат само на човечки суштества. Подемот на модерната литература ги откажа сите други суштества. Нејзините приказни во основа се однесуваат на луѓето. Но, тоа не беше секогаш така; не во Европа и секако не во Африка, Азија или Латинска Америка. Пред подемот на модерноста, луѓето секогаш раскажуваа приказни во кои имаше други суштества - животни, па дури и климатски феномени кои зборуваат со персонифицирани гласови како Еол, грчкиот бог на ветерот. Начини на раскажување приказни што вклучуваат други суштества постоеле насекаде низ историјата. Како да им дадете глас на нечовечките ентитети - вирус, на пример, е темелното книжевно прашање на нашето време. Не знаеме дали вирусот е жив, но тој секако е во интеракција со нашите животи на начин што така се чини. Она што модерноста нѐ натера да заборавиме е дека нашите животи се вплетени во мноштво други работи, од болести до фосилни горива.

**Пандемијата покажа колку сме меѓусебно поврзани во глобализираниот свет. Вашата Ибис трилогија е серија романи која следи приказни на ликови чии судбини се испреплетуваат низ Опиумската војна, конфликтот што ги поврза народите во Индија, Кина и Европа. Што е оставштината на империјата во денешните еколошки проблеми?**

Секогаш ставање во прв план на капитализмот кога зборуваме за климатските промени создава катастрофално погрешно читање на вистинскиот проблем. На капитализмот му претходеа европските империи. Империјата го овозможи капитализмот. Во секоја фаза, империјата, ропството и спогодбениот и неслободен труд го овозможуваа капитализмот. Единствената причина зошто е можно да се заборави ова е затоа што црнците, домородците и луѓето со боја беа толку маргинализирани. Уште во 1980-тите години, црниот радикален мислител Седрик Робинсон ја аргументираше оваа точка за расниот капитализам. Марксистичката идеја дека капитализмот беше некако ендоген за Европа известува за реалноста на моќта што воопшто го овозможи.

*СЕКОГАШ СТАВАЊЕ НА КАПИТАЛИЗМОТ ВО ПРВ ПЛАН КОГА ЗБОРУВАМЕ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ СОЗДАВА КАТАСТРОФАЛНО ПОГРЕШНО ЧИТАЊЕ НА ВИСТИНСКИОТ ПРОБЛЕМ*

Гледајќи го светот денес, геополитиката на фосилните горива е од фундаментално значење за западната моќ. Без разлика дали станува збор за петродолар или стратешка доминација во Индискиот Океан, климатското прашање во суштина се однесува на геополитиката, на империјата. Неколку поправки во корпоративното право и ценовната структура на капитализмот не можат да го решат тоа.

**Големото забрзување по 1945 година се совпадна со деколонизацијата. Независна Индија и комунистичка Кина продолжија да го следат истиот развоен модел како и Западот. Дури и ако корените на колапсот на животната средина лежат во империјата, тешко е да се види како светот ќе излезе од оваа траекторија.**

Индија, Кина и Индонезија до невиден степен имаат усвоено колонијална политика на доселеници, како што се гледа во политиките за животната средина на индиската влада во врска со домородното население и

шумите. САД, од 1930-тите и 1940-тите години, но особено од консензусот во Вашингтон од 1990-тите, го наметнаа својот посебен модел на развој како универзален идеал. Оваа транзиција навистина започна во 1990-тите години во Индија, Индонезија и Кина, што е деценијата кога климатската криза започна да се забрзува. Западниот дискурс прашува: „Како можеме да го решиме проблемот?“ Но, кој е „ние“? Решението повеќе не лежи на Запад. Решението лежи во Пацифички регион на Индискиот Океан, кој денес сочинува далеку поголем дел од светската економија отколку САД и Европа. Доминацијата на Атлантикот во 19 век е историска аномалија. Светот се враќа на системот во кој поголемиот дел од светската економска активност се одвива околу Индискиот океан.

**Климатското движење често пати предупредува дека Глобалниот југ ќе биде најпогоден од климатската криза. Пандемијата најпрво ги погоди индустриските центри како Вухан, северна Италија и Њујорк, а пожарите го уништија Западниот брег на САД. Дали сè повеќе универзалниот опфат на климатските влијанија ќе создаде поголем стимул за акција во наредните години?**

Видовите на катастрофи што ние во Индија и на Глобалниот југ сме навикнати да ги живееме, сега се манифестираат на друго место. Се сеќавам дека во 1970-тите и 1980-тите години, секогаш кога ќе нè погодеа катастрофи, поплави или горештини, нашите пријатели на Запад ќе беа загрижени. Сега сообраќајот е во обратна насока. Велика Британија е преплавена од поплави, а чудното време влијае на северна Италија и Германија; ова ќе беше незамисливо пред 30 или 40 години. Катастрофите и политичките катастрофи на кои бевме навикнати сега се сè понормални во најстабилните демократии.

„Ранливоста на климатските промени, исто како и со пандемијата, не е во корелација со БДП. Климатската криза ќе се одвива на непредвидливи начини.“

Никогаш не верував во приказната што активистите за клима на Запад сакаат да ја раскажуваат, дека најсиромашните делови на светот ќе бидат најтешко погодени. Многу сиромашни региони навистина ќе бидат сериозно погодени: Сахел на пример. Но, ранливоста на климатските промени, исто како и со пандемијата, не е во корелација со БДП. Климатската криза ќе се одвива на непредвидливи начини. Виетнам ги имаше најдобрите резултати од Ковид-19 со мал приход по глава на жител. Некои од земјите со најдобри перформанси се во Африка. На почетокот на пандемијата, американските филантропи како Мелинда Гејтс ги стискаа рацете велејќи: „Африка ќе биде уништена!“ Всушност, Сомалија испрати лекари во Италија. Ниту БДП не е добар предвидувач за климатската криза. Гледаме нешто многу повеќе контра интуитивно: климатската криза ги погодува оние делови од светот каде што еколошките интервенции биле најинтензивни, како Калифорнија и југоисточна Австралија каде што екологиите се реинженерирани за да

изгледаат поевропски. Климатското движење направи грешка туркајќи ја идејата дека најсилно ќе бидат погодени најсиромашните во светот. Далеку од создавање морален одговор, тоа наведе многу луѓе од Запад да помислат: „Па, тогаш е во ред“.

**Во последниве години се појавуваат групи како „Млади за клима“ (Youth for Climate) и „Бунт против истребување“(Extinction Rebellion). Што мислите за новото климатско движење?**

Она што се случи со Грета Тунберг, „Бунтот против истребување“ и „Движењето изгрејсонце“(Sunrise Movement) е неверојатно надежно. Овие движења ја привлекоа иамгинацијата на јавноста затоа што тие водат алтернативен вид политика. Политика која апелира на нешто многу висцерално, а не само на еколошка свест. На крајот, тие се повикуваат на нашето чувство за Земјата како жив ентитет. Раскажувањето приказна е од суштинско значење за овие движења. Затоа тие се здружуваат со писатели и раскажувачи. ■




**АМИТАВ ГОШ**
е роден во Калкута и пораснал во Индија, Бангладеш и Шри Ланка. Тој е автор на две книги белетристика, збирка есеи и десет романи. Во 2018 година тој стана првиот писател на англиски јазик кој ја добил највисоката литературна чест во Индија, наградата „Jnanpith“. Неговата најнова публикација е романот „*Gun Island*“.



**ЏЕЈМИ КЕНДРИК**
е главен уредник на *Зелениот европски журнал*.

## ЗЕЛЕН ЕВРОПСКИ ЖУРНАЛ

Како водечки магазин за Политичка Екологија во Европа, *Зелениот европски журнал* помага идеите да преминуваат културни и политички граници, градејќи солидарност и разбирање. Како уредувачки независна публикација на Зелената Европска Фондација, Журналот соработува со партнери низ Европа. Изданијата темелно истражуваат теми од различни аналитички и културни перспективи. Веб-страницата на *Зелениот европски журнал* објавува написи и интервјуа на различни јазици, од кои најголем број се достапни во аудио формат на подкастот Зелен бран (Green Wave podcast).

## ЗЕЛЕНА ЕВРОПСКА ФОНДАЦИЈА

Зелената европска фондација е политичка фондација на европско ниво чија мисија е да придонесе за дебата во европската политичка сфера, во политичкото образование, и да поттикне поголемо граѓанско учество во европската политика.


**ЗЕЛЕН ЕВРОПСКИ ЖУРНАЛ** **Зима 2020**
Печатено во Белгија од $CO_2$ неутрална компанија на 100% рециклирана хартија

**ИЗДАДЕНО ОД** ГЕФ

**УРЕДНИЧКИ ТИМ** Џејми Кендрик, Анабел Досон, Седен Анлар, Ценифер Квао, Беатрис Вајт

**УРЕДНИЧКИ ОДБОР** Адам Остолски, Лоран Стендерт, Родерик Кеферпутц, Едуард Гаудот

**ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН** Клер Алард www.klar.graphics

**ИЛУСТРАЦИИ** Клас Верпланк www.klaas.be

**ISSN** 2684-4486
**ISBN** 978-9-49-051504-1


GREEN EUROPEAN FOUNDATION


Green European Foundation
3 Rue du Fossé, L-1536 Luxembourg
info@gef.eu I www.gef.eu

Brussels office :
Mundo Madou – Avenue des Arts 7-8
B-1210 Brussels, Belgium


Оваа публикација може да се нарача од www.greeneuropeanjournal.eu


Ставовите изразени во оваа публикација се само на авторите.
Тие не ги одразуваат ставовите на Зелената европска фондација.



Оваа публикација е реализирана со финансиска поддршка на Европскиот парламент.
Европскиот парламент не е одговорен за содржината на овој проект.

# НАРАЧАЈТЕ ОНЛАЈН

**За независна анализа и алтернативни перспективи во печатена и онлајн форма, посетете ја веб-страницата на *Зелениот европски журнал.***

Секоја седмица објавуваме написи, интервјуа и преводи на зелени и прогресивни идеи и дебати. Печатените изданија сега се достапни по нарачка со детално покривање на темите од пандемијата, низ различните реалности на политичка екологија, па се до иднината на работните места.




ПАНДЕМИЈА




ЗЕЛЕНИ ПОЛИТИКИ




ИДНИНА




РАБОТА




ГРАДОВИ

www.greeneuropeanjournal.eu

# ЖИВОТ ВО ШОК

## РАЗБИРАЊЕ НА ПАНДЕМИЈАТА

Здравствената светска криза и нејзините катастрофални последици по здравјето на луѓето, радикално го променија секој аспект од општествениот живот. Импликациите од Ковид-19 се длабоки, ја зголемуваат социјалната нееднаквост, ги поместуваат навиките предизвикани од технолошките промени и го разоблучуваат нарушениот однос на човекот и природата. Во врска со доживувањето на урбаните средини и создавањето нови форми на солидарност, како што е концептот за есенцијалните работници, со ова издание ги следиме причините и последиците, но и нашите реакции и одговори. Се осврнуваме и на осаменоста кај старите лица, на иднината на јавното здравство и на губењето на биодиверзитетот, а анализираме и како пандемијата ни ги покажува основните предизвици на 21-от век. Иако некои сакаат да го вратат принципот "бизнисот пред сѐ", сепак ставањето на здравјето над економијата ја истакна во преден план политиката на секојдневниот живот на живеењето во заедница. Задачата на Зелените и на прогресивците е да ги задржат овие цели во центарот на нашата политика.

ЗЕЛЕН
ЕВРОПСКИ
ЖУРНАЛ

www.greeneuropeanjournal.eu

ISSN 2684-4486
ISBN 978-9-49-051504-1